Списание на Обединетата Македонска Дијаспора

Број 10 • Лето/Есен Дупло–Издание

ОМД Глас

ПОМНЕЈЌИ ЈА ОХРИДСКАТА РАМКОВНА ПРИСИЛБА

НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИОТ ПРОМОТЕР НА МАКЕДОНИЈА

ГРЧКИ ПРАВОСЛАВЕН МЕТРОПОЛИТ ПРЕТИ ДА УНИШТУВА МАКЕДОНСКА РАДИО СТАНИЦА

ОМД ГЛОБАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА 2011

Прослава на 20 години Македонска независност

ОМД Глас

ДАЛИ ИМАТЕ СТРАСТ ЗА МАКЕДОНИЈА?

• • •

ДАЛИ ИМАТЕ СПЕЦИЈАЛНИ ЗНАЕЊЕ, УНИКАТНИ ИСКУСТВО ДА СПОДЕЛИТЕ?

• • •

ДАЛИ САКАТЕ ДА СЕ ПИШУВАТЕ, И ДА СЛИКАТЕ ФОТОГРАФИИ?

АКО ОДГОВОРОТ Е "ДА" ...

... Тогаш размислете за испраќање на оригинални текстови и слики за објавување во ОМД Глас Магазинот!

Испратете до: ***editor@umdiaspora.org***
Или јавете се на : (800) 863-9583 Локал 1, или (202) 754–2244

РЕКЛАМНИ ЦЕНИ

Зада страна (целосна) - $1000
Внатрешна страна (целосна) - $750
Било која целосна страница Внатре - $600
1/2 страница (Верикално/хоризонтално) - $400
1/4 страница (Верикално/хоризонтално) - $200



Ве молиме контактирајте не за специјална детали на цени. Ќе ни биде задоволство да организираме прифатлив рекламен пакет за вашите потреби:

United Macedonian Diaspora

1101 Pennsylvania Avenue, NW, 6th Floor

Washington, D.C. 20004

(202) 756-2244 umdvoice@umdisapora.org

Сите реклами се предмет на одобрување од страна на редакцијата ОМД глас, кој го задржува правото да ја одбие или да го откажете било која реклама во секое време.

ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА
ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

Обединета Македонска Дијаспора
1101 Pennsylvania Ave NW, 6th Floor
Washington, D.C. 20004
Phone: (202) 756-2244
Fax: (202) 756-7323
info@umdiaspora.org
umdvoice@umdiaspora.org
http://www.umdiaspora.org

Канцеларија во Австралија:
PO Box 2153
Hawthorn, VIC 3122 Australia
Phone: 0438 385 466
australia@umdiaspora.org

Канцеларија во Канада:
3555 St. Clair Avenue East,
Toronto, ON M1K 1L6, Canada
Phone: 1-800-UMD-9583
canada@umdiaspora.org

Уредник: Марк Бранов
editor@umdiaspora.org

Редакција: Мартин Анастасовски; Виктор Бивел; Зоран Дабик; Александар Донски; Карлос Флорес Цубериас; Виктор Фридман; Тихо Ѓорѓиев; Ивона Ѓорѓиевска; Петар Јанков; Томислав Јовановски; Даме Крцоски; Емилија Кукубајска; Марија Емилија Кукубајска; Панде Манојлов; Ѓорги Маркоски; Сали Макнамара; Џејсон Мико; Марјана Миладиновска; Боби Мирцевски; Валентина Мисковска; Алекс Митрески; Вера Најдовска; Евгенија Натсулиду; Кирил Несторовски; Гоце Пероски; Стан Пигон; Влатко Секулоски; Ѓоко Шикоски; Даниела Стојанова; Елена Стојанова; Мариа Стојанчева; С. Бенцамин Трејси; Воденка

Графичко Уредување:
Синди Армстронг

Мислењата и погледите кои се објавени во списанието Глас на ОМД припаѓаат на нивните автори; организацијата го задржува правото да се огради од мислењата и погледите застапени од страна на авторите во нивните текстови.

ВО ОВОЈ БРОЈ ЌЕ ПРОЧИТАТЕ:

4 Писмо од Претседателот на Организацијата

5 Мислење на Уредникот: Помнејќи ја Охридската Рамковна Присилба

7 Писма на уредникот

8 Анита Талевски: Македонска “Железна Жена”

11 Производ Профил – Прв коњак од Македонија

12 Х.М. Арнт: Претставник на Македонија во Рајнланд , Германија

13 Првомајска забава во Чеган: Раѓање на нова традиција

14 Оддавање признание на македонскиот филм во Валенција, Шпанија

14 Јанков – политичка карикатура

15 ФК Престон Македонија, - Фонд за Уривање на Долгот

16 Античка Македонија и денешната Република Македонија

18 Македонско-римски војни: Три Дел (178 - 168 п.н.е.)

21 Во Театарот на Светот: Александар Македонски, во прво лице

22 Нов на веб: Македонска Музика

23 Поезија: Македонијо, те сакаме, во сите твои бои

24 Ракописот Од Ватикан од 16 век , со лексикон на македонски јазик

26 Истражување на убавините на македонските планини

27 Господ и Македонецот во нас

28 Настан за собирање средства за поддршка на едукативни и културни движења во Воден

29 Ни на земја, ни на небо

30 Во центар на внимание: Награди за најдобриот промотер на Македонија

32 Извештај од Егејот:”Изберете ја Вашата реалност”

34 Поттикнувањето на грчкиот митрополит за насилство против Македонците

35 Амбасадор Дабик: Република Македонија и Слобода на Медиумите

36 Интервју со Летка Димовска Полизова

38 Амнести Интернешенал: Време е да се обезбеди правда за жртвите на воени злосторства

38 Македонската Економија, Можности за Раст

39 Мико: Морално лепрозни и морални херои

40 Трета Годишна Глобална Конференција на ОМД во Вашингтон – Огромен успех!

45 “Македонски придружници” / Глобална програма за поддршка на македонската кауза

ОМД Глобална Конференција Клучни Говори:
46 Виктор Бивел
49 Сали Макнамара
50 Виктор Фридман
51 Алекс Митрески

ПИСМО ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

Драги пријатели,

Имав седум години кога Македонија ја прогласи својата независност на 8-ми септември 1991 година и моите родители не можеа да бидат погорди. Со моите баба и дедо од мајчина страна, кои живеат во Македонија, секогаш сум уживал во двојна доза од македонската гордост, која ја добивав секојдневно: приказните, традицијата, обичаите, јазикот и историјата

Мислам дека имав осум години кога ја добив мојата прва членска карта за во јавната библиотека Гарфилд. Најдов само една книга за Македонија, со наслов „Македонија: 4,000 години од грчката историја“, донирана на библиотеката од страна на „Пан-македонската асоцијација“. Ја прочитав книгата од корица до корица и бев бесен на изјавите во неа дека Македонците се Грци. Јас учев македонска историја од татко ми секој петок, кога тој ќе отидеше до македонската продавница подолу на улицата за да го купи неделникот Македонско Сонце, и ни го читаше на глас на мене и на мојата сестра. Ние отсекогаш сме знаеле дека Филип Втори и Александар Велики биле Македонци, и бидејќи двајца мои чичковци се историчари и професори, јас навистина имам научено доволно лекции по историја.

Подоцна, во седмо оддлеление, на училиште започнавме да учиме античка историја. Со тоа дојде и страницата каде беше напишано дека Александар Велики бил Грк, и мојата наставничка го повтори тоа пред целиот клас. Јас протестирав: „Александар Велики не бил Грк, тој бил Македонец!“ Наставничката ме изнесе надвор од училницата, за што јас помислив дека е со цел да ме прекори. Но, наместо тоа, таа ми рече: „Методија, јас знам, но тоа е напишано во книгата и јас морам да предавам на тој начин.“

Никогаш нема да ги заборавам нејзините зборови: „ Тоа е напишано во книгата.“ Зошто бројот на книги на англиски јазик во кои е запишана вистината за Македонија е толку ограничен? Одговорот е едноставен: Грчката држава има инвестирано милиони евра за донациските програми за Хеленски Студии на светските универзитети, за да им платат на академиците да ја преточат македонската историја во грчка историја, на ист начин како што Грчката држава ја присвои Егејска Македонија во 1913 година. Посакувам македонската држава да потрошеше само 2% од времето што го потроши на „Скопје 2014“ за воспоставување на донациски програми за македонски студии на Харвард, Јеил, Принстон, Оксфорд и Кембриџ, за да им се спротивстават на исполитизираните грчки историчари и да овозможат вистината за Македонија да биде обелоденета пред светот, базирана на факти и докази.

Неоддамна се вратив од дванаесетдневно патување во Македонија, кое опфати посети на Претседателот и Премиерот. Пристигнав на 8-ми Септември и не знаев што да очекувам! Ја бев прочитал контраверзијата околу „Скопје 2014“, особено за неговата цена. Навистина, низ цело Скопје се гради. Тогаш, го преминав Камениот Мост и, како што одев нагоре, ја здогледав огромната статуа на Александар Велики на неговиот коњ Букефал. Иако сé уште сум резервиран за проектот во целина, кога ја видов статуата се почуствував горд. Особено посакав мојот покоен татко Александар Колоски да доживееше да го види ова и да ја дочекаше 20 – годишнината од независноста на Македонија.

Прошетав неколку блока по главниот плоштад. Почнав за забележувам како целиот плоштад се исполнува. Сигурно имаше 250,000 луѓе, ако не и повеќе – најголемата прослава во историјата на Македонија! Говор по говор, песна по песна, јас потполно уживав во целата програма.

По обраќањето на премиерот, големата фонтана на статуата на Александар беше официјално откриена. Светлосното шоу беше спектакуларно! Сите до еден на плоштадот ги држеа своите мобилни телефони горе за да ја снимаат фонтаната. За мене, ова беше врвен момент на целиот настан.

Знам дека имаше противење, и дека не секому ќе му се допадне сé што прави Владата во Македонија, но за мене, ова беше момент со кој треба да се гордееме. Наидов на некои многу позитивни коментари меѓу луѓето околу мене, како „Скопје конечно изгледа како европски град.“

Македонија е сé што имаме; ние мора да ја штитиме, да ја градиме, да ја направиме да биде просперитетна, успешна и пример за целиот регион. ОМД е подготвена и сака да ѝ помогне на Македонија и македонскиот народ низ светот да го постигне тоа. Заедно, ние сме посилни.

Третата годишна глобална конференција на ОМД која се одржа овој јуни го одреди тонот за прославата на 20-тата Годишнина од Независноста на Македонија низ светот. ОМД ја предводи македонската кауза надвор од Македонија од моментот на нејзиното формирање во 2004 година, и ОМД ќе продолжи да служи како глас за Македонците во Вашингтон, Д.Ц., Канбера, Отава и Брисел.

Со обележувањето на 20 години од независ носта на Македонија, ве охрабрувам да ја дадет е вашата морална и финансиска поддршка за напорите на ОМД. Ве молам да размислите да се зачлените денес, или да донирате 20 долар и месечно, или, пак, да се зачлените во програ мата Пријатели на Македонија, која овозможув а ослободување од такса во вредност од $1,00 0 годишно во текот на три години. Без вашата п оддршка, ние не можеме да продолжиме да ја извршуваме нашата важна работа.

Сите ние во ОМД сме многу возбудени за ова издание на ОМД Глас; содржината е извонредна, и Марк Бранов и неговиот тим одлично ја завршија својата работа! ОМД Глас е единствената целосно двојазична англиско/ македонска публикација, а нашето последно издание беше превземено преку 40,000 пати!

Уживајте читајќи го ОМД Глас магазинот. Марк и неговиот тим имаат многу што да ви понудат.

Искрено ваш,

Методија А. Колоски
Претседател

ЕДИТОРИЈАЛ

Помнејќи ја Охридската Рамковна Присилба

Од Марк Бранов, превод: Даме Крцоски

2011 се чини е година на сеќавања. На пример, таа ја означи 20 годишнината од независноста на Македонија од Белград. Но исто така годинава се обележува 10 годишнината од албанските терористички напади врз Македонија од страна на Националната Ослободителна Армија. Човекот под име Али Ахмети ја предводеше оваа паравојска во 2001та. Неговата политичка партија денес е помлад коалиционен партнер во македонската Влада, а неговиот потполковник е Министер за Одбрана.

Се сеќавам на летото 2001 во Македонија како да било вчера. На пример, помнам како уживав во турското кафе на балконот од баба ми, кога одеднаш скоро паднав од столчето поради силниот звук кој го создадоа воените хеликоптери од украинско производство, летајќи ниско под небото, упатувајќи се кон блиското село Арачиново. Изгледаа како летачки тенкови.

Се сеќавам, во Арачиново беа стационирани голем број борци на терористичката ОНА, кој беа вкопани во ископани бункери, на местото каде што АРМ ги напаѓаше со денови. Селото беше обколено, и беше сигурно дека нема каде да бега ОНА. Но тогаш, помнам како Претседателот нарача климатизирани автобуси да влезат во селото, за тивко да ги одведат на безбедно место истите, земајќи го со себе и сето оружје, како да е патнички ранец.

Години подоцна, се сеќавам на темната глетка на една вдовица. Мажот ѝ беше војник на АРМ, кој беше убиен од армијата на Ахмети. Истата жена беше почесен гостин на еден хуманитарен банкет,кој се одржува секоја година во мојата црква во Торонто. На банкетот се собираа финансиски средства од Македонската Заедница во Торонто за децата кои останаа без родител како последица на 2001та, за децата кои го загубиле нивниот татко. Таа беше бремена со нивното прво дете, кога почина таткото. Денес, тоа дете има 10 години.

Земајќи ги овие в предвид сеќавања, не можам, а да не се посомневам во драматичната конверзија на Али Ахмети од терорист во државник. Неговите неоддамнешни изјави во медиумите сигурно не помагаат во тоа. На пример, на 3-ти август, 2011г., на прашањето за можната поделба на соседно Косово, Ахмети изјави пред германски новинари дека:„Доколку има обиди да се изменат границите (на Косово), јас не можам да си земам за должност да бидам чувар на мирот во Македонија, бидејќи може да дојде до ситуација каде што (Албанците) ќе се самоорганизираат ... како во 1999 и 2001ва година. Доколку такви сценарија се остварат... никој не може да гарантира дека Албанците нема да организираат заеднички фронт...” Ова е човекот кој го контролира министерството за одбрана на Македонија.

Како по обичај, интернационалните политичари, дипломати и интелектуалци забораваат да реагираат на ваквите провокации врз Македонија, впрочем тоа не е во нивниот личен интерес. Но истите тие гласно го “прославуваат” 10 години стариот Охридски рамковен договор, кој стави крај на војната од 2001 година. Голем дел на овие ко-прославувачи од Брисел сеуште мака мачат да го изговорат зборот “Македонија”. На истите им е многу попријатно да го изговорат Ф-зборот (Ф.И.Р.О.М). Но истите тие индивидуи немаат никаков проблем да ги истакнат своите империјалистички тези за македонските внатрешни работи.

Она кое што овие мажи во скапи одела не го разбираат е тоа што Охридскиот рамковен договор има многу малку заедничко со договор.

ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

Основана во 2004, Обединетата Македонска Дијаспора (ОМД) е водечка меѓународна невладина организација која работи за интересите и потребите на македонците и македонските заедници низ светот.

Лоцирана во Вашингтон, ОМД исто така има канцеларии во Мелбурн, Австралија и Торонто, Канада како и претставници во Париз, Лондон, Брисел, Виена, Киев, Санкт Петерсбург и Штутгард.

ОМД е класификувана под шифра 501(c) (3) добротворна организација во САД. ОМД Канада е регистрирана како добротворна организација.

ОДБОР/ПРЕТСТАВНИЦИ
Стојан Николов- Претседател на Одборот/ Директор за развој на Глас на ОМД

Методија А. Колоски – Претседател

Александар Митрески – Заменик Претседател

Ивона М. Гринберг – Секретар

Денис Маневски – Благајник

Ордан Андреевски – Директор на ОМД Австралија

Џим Даикос – Директор на ОМД Канада

Роберт Паскуале, Благајник, ОМД Австралија

Горан Савески – Претставник за односи со јавноста

Димитар Насев - Регионален претставник за Лос Анџелес-Јужна Калифорнија

Даме Крцоски - Директор, Регионален претставник за Перт - Западна Австралија

Арги Н. Белио - Регионален претставник за Форт Вејн-Индијана

Благој Б. Петковски – Регионален претставник за поширокатa област на Вашингтон

Клод Зоран Спасевски – Претставник за Париз

Борис Камчев – Претставник за Санкт Петерсбург

Златко Николовски – Претставник за Виена

Зборот “договор” претставува “заеднички став,” или „взаемни чувства” Пореално име би било Охридска Рамковна Присилба. Присилба е збор што означува: „употреба на сила или заплашување за да се добие согласност”. И да не се сомневате, тоа е точно она што се случи во 2001та.

Десет години подоцна, Ахмети е клучен фактор на моќта во власта на државата. Затоа, додека тероризмот има поволности од Охридскиот договор, неговата легитимност е оспорена. Да не се правиме дека Охридскиот договор е резултат на мирни преговори или демократски процес, бидејќи истиот е производ на калашникови и тела во вреќи.

Во стварност, Охридскиот рамковен договор им беше продаден на Македонците како обврзувачки и перманентен мировен договор, како еден прогресивен чекор напред. „Охридскиот рамковен договор ја упати Македонија кон целосна демократија, човекови права, како и признавање на културниот и етнички идентитет на граѓаните во оваа држава,” изјави Џејмс Пердју, поранешен заменик секретар за генералните операции на НАТО. Но кога ние всушност го прочитавме Охридскиот договор, добивме сосема друга слика.

Во еден краток преглед, главната отстапка на ОНА беше тие да го остават оружјето и да станат политичари, така што ќе ги заменат воените униформи со Армани одела; ќе го заменат џипот за мерцедес и ќе дадат ветување дека ќе престанат да убиваат луѓе.

Во замена, албанската заедница во Македонија ќе добие еден куп нови малцински привилегии за кои не се ни слушнало претходно на Балканот, а да не спомнуваме дека истото важи и за држави од Г8. Дел од правата се:

- Темелни измени за вклучување на Албанците во јавниот сектор, полицијата и армијата.
- Специјален систем на“двојно мнозинство” (Бадентерово Мнозинство), каде што не само со мнозинството од собранието, туку и со мнозинство гласови од албанските политичари се усвојуваат закони: на пример закони за назначување на судии или закони за „државни симболи и обележја.“
- Албанското знаме како и други симболи да се истакнуваат пред државни установи во градови како Тетово или Гостивар, без потреба за одобрение
- Основно и средно образование да се изучува на албански јазик, систем на сегрегација со државно финансирање за универзитети на албански јазик како и

- Официјално државно користење на албанскиот јазик во рамките на јавниот сектор

Затоа моето прашање до Господинот Пердју е, доколку ниту една од овие отстапки не беа усвоени, дали во Македонија ќе недостасуваше: „Целосна демократија, човекови права, како и признавање на културниот и етнички идентитет на граѓаните на Македонија?” Јас сум дециден дека одговорот е „не”. Доколку сите овие нови отстапки беа отстранети,аАлбанското малцинство повторно би уживало во демократија, човекови права како и признавање на нивниот идентитет. Ниту една од овие мерки не спаѓаат во човекови права. Ете, тие се придобивките од војна.

Потоа, јасбисакалданадополнамдекаГрција, Бугарија и Албанија сериозно заостануваат во сите три параметри на господинот Пердју, кога станува збор за македонското малцинство во тие држави.

Но нема никаков план за имплементација на некаков Охридски рамковен договор во тие земји. Во реалноста, тие земји не се ни обидоа да им овозможат признавање и почитување дури и на најосновните човекови права на своите малцинства. Ова е уште една причина зошто отпорот кон Охридскиот рамковен договор е сеуште голем помеѓу Македонците, бидејќи оваој преседан е „Прави како што ние ќе кажеме, не како што правиме.”

Во меѓувреме, после десет години од

имплементацијата на охридскиот договор, Али Ахмети и понатаму без срам изјавува во медиумите дека не може да се очекува тој да биде чувар на мирот во Македонија, исто како што постапуваше во 2001та година. Случајно или не, ве поканувам да ја проверите интернет страницата на неговата Демократската Унија за Интеграција која е изработена исклучиво на албански јазик. На истата гордо се објавени четири знамиња: две на странски земји (Албанија и САД), како и две на странски организации (НАТО и ЕУ). Македонското знаме – да се поправам „новото"македонско знаме – не може никаде да се забележи, и покрај тоа што истото беше редизајнирано за да прокламира „етнички соживот" во регионот. Се разбира, знамето на Македонија е невидливо на веб страницата од ДУИ, исто како и лојалноста на Ахмети кон Македонија. Новото знаме исто така нема сменето ништо во однос на Атина и нејзиниот апсурден спор со постоењето на Македонија. Значи овие два факта воскреснуваат само едно единствено прашање: за што ни е потребно ова ново компромисно знаме воопшто? Можеби, треба да се напушти, заедно со политиката на задоволување на локалните терористи и непријателски настроените соседи.

За крај, има три пораки кои ѝ се упатуваат на Македонија, а се кристално јасни. Првата порака е онаа на ДУИ, политичкото синче на ОНА. Пораката е: ветувањето на оваа партија за одржување на мирот е привремено и условено, а може да се замени во секое време. Но македонските отстапки во Охридскиот рамковен договор се трајни и безусловни.

Втората порака доаѓа од меѓународната јавност. Пораката гласи: Најефективен начин за едно малцинство во регионот се стекне со политичка моќ е истото да започне со убивање на цивили. Во продолжение, најмалку ефективен начин на дејствување е да се биде мирен и да се почитува законот, како што е случај со угнетуваните Македонци од Егејот, северна Грција, како обесправените Македонци во Пирин, југозападна Бугарија, а и како угнетуваните Македонци во Пустец, Голо Брдо, и Мала Преспа во југоисточна Албанија. Навистина ова е една многу невкусна порака која меѓународната заедница ја испраќа! Таа не делува позитивно за превенција на идни конфликти. Всушност, делува токму спротивно: Охридскиот договор е поттик за безредија. Затоа не е зачудува што војните се толку популарни..

Третата порака ни доаѓа од Атина, Софија и Тирана, а истата е најтивка. Нивната порака гласи: Не прави никаква разлика како се однесува Македонија кон своите малцинства, Не прави никаква разлика каков е нејзиниот однос кон знамињата што се истакнуваат, какви споменици гради, или какви отстапки нуди: Едноставното признавање на македонското малцинство во Грција, Бугарија и Албанија се и ќе остане недопрена тема, а некаква слична верзија на Охридскиот рамковен договор во корист на македонските малцинства во тие држави, е тотално надвор од каква било замисла.

Но сепак, најлицемерните гласови во оваа драма доаѓаат од Брисел. Тие гласови се неми кон Македонските малцинства во која била земја на ЕУ или НАТО, но истите се агресивни и сплотени во нивната подршка кон Охридскиот договор во Македонија. Воедно истите тие инсистираат на користење на Ф-зборот кога и' се обраќаат на државата за која наводно се грижат.

Значи додека политичките играчи вешто се појавуваат со лажни емоции пред ТВ камерите, Македонците нема ја „прославуваат" десет годишнината од Охридскиот рамковен договор оваа година. За децата кои останаа без родител во 2001та, едноставно им недостигаат нивните татковци. Тие им недостигаат секој ден, секоја година.

LETTERS TO THE EDITOR

Драги Уреднику,

Честитки за овогодинешното пролетно издание на магазинот ОМД Глас. Ви посакувам голем успех во понатамошната работа!

Конечно вашето издание се појави и на македонски јазик. На овој начин ќе ве разберат и читаат мнозинството од нашите постари генерации, кои не го познаваат англискиот јазик.

Поради сите нив, а и поради млади генерации, кои сакаат да го учат јазикот на своите родители и дедовци, овој Ваш инвентивен гест ќе биде примен со задоволство.

Срдечни поздрави до сите што допринеле ОМД Глас да излегува двојазично.

Искрено,
Славица Коретич

.....

Почитувани пријатели,

Ви благодарам за употребата на нашиот мајчин јазик!

Искрено,
Јелица Исели

UMD Voice wishes to thank ASI Photo (asiphoto.com) for the donation of these images

АНИТА ТАЛЕВСКИ:
МАКЕДОНСКА “ЖЕЛЕЗНА ЖЕНА”

Од Марк Бранов

Трагедија, смелост да сонуваш, упорност, и победа: животната приказна на Анита Талевски се’ уште се пишува, но таа приказна веќе се чита како холивудски филм.

МБ: Најпрво, ве молам запознајте ги нашите читатели со вас и вашата семејна историја

АТ: Мојата мајка и татко се од Битола, Македонија. Тие се доселија во Соединетите Американски Држави околу 1970та година. Мојот татко работеше прво како столар на брод во Гери, Индијана, а потоа најде работа во челичарници. Тој работеше многу напорно и еден ден беше во можност да си дозволи да се преселиме во многу убава заедница во Валпараисо, Индијана, каде што се уште живеат.

МБ: Кажете ни нешто повеќе за она што се случи кога сте биле седум години.

АТ: Наскоро откако се преселивме во Валпараисо во нашиот нов дом, татко ми не’ зеде сестра ми и мене со него да купи некои материјали за да заврши некаква работата во нашиот нов дом. На патот ни’ се случиво ужасна сообраќајна несреќа. Тоа беше на 25 јуни 1980та година. Јас бев на предното седиште, сестра ми беше на задното, додека мојот татко возеше. Тогаш немаше закон за појаси во САД, а во Битола не беше обичај да се носи појас. Бевме на патот кој се вика 30, одевме на запад кон Мерилвил, кога возач во бело комбе ни’ го пресече патот. Јас излетав преку шофершајбната, се вратив назад како бумеранг, и ја удрив главата на потпирачите за глава. Се свиткав во фетална позиција. Се здобив со сериозни повреди на мозокот и две скршени нозе. Лежев во интензивна нега 18 дена и не беше сигурно дали ќе излезам од кома, ниту беше сигурно дали ќе бидам во можност да одам. Бев многу тешко повредена.

МБ: ИРОНМАН Триатлон е 2.4 милии (3,86 км) пливачна трка, 112 милии (180.25 км) велосипедцка трка, и маратон трка 26.2 милии (42.195 км), по овај редослед, и без пауза. Јас се чувствувам уморен само да помислам на тоа! Што го предизвика вашиот интерес да се натпреварувате во овај напорен спортски настан?

АТ: Како дете јас отсекогаш сакав да ги гледам Олимписките игри и “ABC World Wide” спортски програми во недела. Мојот интерес за триатлон Ајронман го предизвика Пола Неуби Фрејзер, ја гледав како постојано победува во Кона, Хаваи. Тоа ја поттикна мојата желба да станам спортист. Во средно училиште, јас учествував во пливање и атлетика. АЈРОНМАН беше постојано во моите мисли. После завршувањето на средното училиште ме спопаднаа обесрабрувачки мисли, откако се спријателив со дами од балетот и тие ме убедија дека ќе станам премногу мускулеста. Јас престанав да се занимавам со спорт, па се стекнав со некои нездрави навики. По неколку години, овие нездрави навики го направија своето. Некако почнав да му се враќам на спортот. Во исто време, на 35 годинишна возраст, се запознав со дечко од Романија кој работеше во САД и се занимаваше со триатолон. Тој го скрши моето срце, па можеби само да докажам дека тој не беше нешто посебен, јас ги направив

првите чекори во моето патување кон Ајронман триатлон. Јас веќе имав поминато многу време во вежбање и тренирање, па решив да започнам со мали чекори.

МБ: Каква беше реакцијата на твоето семејството и пријатели кога им кажа дека си решена да го направиш тоа?

АТ: Никој не знаеше што правам и навистина не знаев ниту јас. Имав домашни проблеми. И покрај завршувањето на мојата магистратура по ликовни уметности во Чикаго, и Фулбрајт во Македонија, станав депресивна. Бев на терапија затоа што бев дијагностирана со биполарност, но не ми помогна, како ни медитација. Еден ден, се случи голем пресврт мојот живот. Без да кажам збор на моето семејство и пријатели, излегов од родителскиот дом во Валпараисо, отидов до Охара аеродром во Чикаго, и се качив на авион за Сан Диего, Калифорнија. Откако најдов место за живеење и се сместив, се запишав на пливање на Универзитетот во Сан Диего, на магистерски програм за пливање, како и Триатлон програми. Тери Мартин, мојот тренер и поранешен професионален триаталонист, виде дека сакам да вежбам и ме посоветува да додадам на мојот тренинг пливање и велосипедизам. Тој ми кажа дека веројатно можам да тренирам за АЈРОНМАН. Проблемот беше што влезниците за Ајронман трки се продаваат многу брзо и се многу скапи. И' се јавив на мајка ми и и' ги пренесов зборовите на мојот тренер, па љубезно ја замолив да плати за моето учество во веќе распродадениот Ајронман во Аризона, во име на добротворната организација Северно Американскиот Спорт. Таа тоа го направи. Мојот тренер веруваше во мене и јас тренирав напорно, следејќи го планот за обука. Преку интернет страницата "Beginnertriathlete.com", почнав да тренирам. Подоцна, се запознав со една жена по име Рејчел Ричардс од Триатлон Клубот на Сан Диего, и таа започна кампања за донирање финансиски средства за мене. Во тоа време јас бев во добра кондиција за да учествувам во триатлонот Аризона. Никој од моето семејство и пријатели не знаеше многу за моите намери. Гледајќи назад на ова, се чини како да јас бев откажана од себеси, се' до тој ден кога решив да го напуштам Валпараисо за да се фокусирам на мојот триатолон како цел. Тоа го промени мојот живот засекогаш.

МБ: Каков вид на обука и подготовка е потребноза да се биде дел од АјИронман Триаталон?

АТ: Обуката за Иронман е комплексна. Постојат три спорта што треба да се балансираат: пливање, велосипедизам и трчање. Покрај тоа, кревањето тегови е од суштинско значење, како и внимавање на исхраната. Аматер триатлонист како мене нормално ќе вложи 15 часа неделно, но јас тренирав до 25 часа неделно, и во една година два пати учествував на Ајронман. Професионалец најверојатно би работел 30+ часа неделно, но тие се речиси натприродни во нивната способност да напреднуваат брзо во текот на трката. Исто така, има многу ментална подготовка. Мора да го трениpаш мозокот и телото, мора да вежбаш и мора да се движиш. Мора да ги напуштиш своите емоции и да одиш напред кон своите цели. Се учите да ги надмините проблемите и пречките кои ви стојат на патот кон достигнување на целта. Исто така, читам многу материјали за триатлон, за да се подготвам психички.

МБ: Јас разбирам дека вие всушност завршивте три Ајронман Триатални,а сега се подготвувате за четвртиот. Кажете ни што правите додека дојде тој ден?

АТ: Организаторите на АЈРОНМАН се грижат многу добро за спортистите во деновите пред трката. Тие поставуваат спортско село во близу почетокот на патеката за да се промовираат нови издржливи специфични производи. Сите спортисти ја намалуваат својата обука две недели пред почетокот на трката, па вежбањето е многу лесно... 45 минути долго, за враќање на мускулните влакна кои се откинати од интензивен тренинг во текот на сезоната. Спортистите одделуваат време да се дружат во Експо, и обично одмарат во нивните хотелски соби, јадат здрава храна и пијат многу вода.

МБ: Како е тоа кога се оди на високо ниво на физички напор и потоа се оди и уште подалеку?

АТ: Најтешкиот дел е обуката. Откако трката почнува, нема ништо што може да се направи, освен да се оди напред. Ако имаш тренирано добро, ќе завршиш, освен ако нешто не оди како што треба: на пример технички проблеми со велосипедот или здравствени проблеми. Не е лесно да се прави ова, па ќе почнеш понекогаш да се прашуваш себеси дали си здрав во умот, но само продолжуваш да дишеш длабоко и да се движиш напред. Целото тренирање во текот на годината се спроведува во пракса, па така, на тој еден ден се оди само напред. Последните шест милји на маратон се најтешки, но ни тоа не е причина да се откажам. Во тој момент сакам да биде готово, но само продолжувам да одам, а исто така сум опкружена со луѓе кои не се откажуваат, така да одам со нив и тоа ме храни.

МБ: Дали некогаш сте се помислиле да се откажете?

АТ: Откажувањето не е опција кога веќе сте во трката. Откажување доаѓа на ум за време на обуката, поради тоа што е многу интензивна и зема доста време, а исто така мора да најдеш време да се одмориш и опоравиш.

МБ: Како се чувствувате на крајот?

АТ: На крајот на трката целата енергија е потрошена. Но, откако ќе се најадам и одморам, се чувствувам прекрасно. На крајот задоволни сте дека ова сте го направиле и имате титула АЈРОНМАН, чувствувате дека нешто сте остварилe. Многу убаво кога ќе се стави медал во вратот и ќе го слушнете коментатор да рече: "Анита Талевски, Вие сте по трет пат АЈРОНМАН!"

МБ: Несреќи и разни видови трагични настани се случуваат секој ден. Како некој кој надминал лична катастрофа, каква порака имаш за други, кои сега се соочуваат со животни пречка?

АТ: Мојот совет е: издржи. Животот е динамичен и постојано се менува. Не се грижи за мали работи и мали нешта, сето тоа поминува. Сите ние имаме внатрешна волја да станеме нешто поголемо. На сите ни се потребни мали чекори кон нашите цели. Имајте цел, стремете се кон неа, останете фокусирани на тоа. Сфатете го тоа како проект за себе. Не може секој да победи на Ајронман или да биде елитен спортист, но само да завршиш и да знаеш дека ќе надминеш нешто што било недостаток во својот живот е неверојатно чувство. И луѓето ќе почнат да те гледаат поинаку, бидејќи ти самиот се гледаш поинаку.

Тоа е многу убаво кога ќе се стави медал во вратот, и ќе го слушнете коментатор да рече: "Анита Талевски, Вие сте по трет пат ИРОНМАН!"

СО www.ex.mk, ПОБЛИСКУ ДО СВОИТЕ НАЈМИЛИ ВО РОДНАТА МАКЕДОНИЈА

„Сакајќи да ги израдувам внуците за нивните родендени и Нова година, порано користевме пријатели и праќавме подароци од овде. Многу напорно. Долго време барав онлајн сервис во Македонија кој што е доверлив и сигурен, па кога го откриv www.ex.mk, ми олесна. Користењето беше лесно, а плаќањето беше доверливо. Благопријатно бев изненаден од брзината на сервисот." - Г-дин Веселин Матов, Канада

Г–дин Матов е еден од многуте македонски иселеници ширум светот за кого онлајн продавницата www.ex.mk претставува совршена можност за приближување кон своите роднини и пријатели

ВО РОДНАТА МАКЕДОНИЈА. ИЗБОР НА ПРОИЗВОДИ

Интернет продавницата www.ex.mk нуди широк избор на производи по достапни цени, онлајн плаќање и брза испорака. Понудата содржи над 2.500 производи и вклучува раскошни букети, гифт шоп, производи за домаќинство, книги, геџети, производи за бебиња, играчки... Сега навистина едноставно можете да го покажете своето внимание испраќајќи внимателно одбран производ кон своите најмили во родниот крај. Заедно со производите, можете да испратите лична порака која е бесплатна и се прикачува кон пакувањето.

За своето позитивно искуство говори и г-ѓа Сања Кордик од Австралија за која „задоволството од моја страна како купувач и од страна на луѓето кои ги добиваат производите како подарок е незаменливо."

„Како корисник на услугите на Ексквизит скоро две години, можам топло да ги препорачам на сите Наши сограѓани надвор од Македонија, како одлично место на кое можат да пронајдат подароци и да ги изненадат своите блиски, иако на километри далеку. Она што го одвојува www.ex.mk од останатите се големиот избор на производи, брзата испорака и пред се' професионалноста во нивниот начин на работа." – Деспина Јанковска, Австралија

ПЛАЌАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Ексквизит е целосно посветен на безбедноста на купувачите при плаќањето и користењето на нивните платежни картички. Сите трансакции се извршуваат со помош на системот на Халкбанк ад Скопје, кој е поддржан од Касис-Сpay, реномирана компанија за картични трансакции. Пред внесувањето на бројот од кредитната картичка сте пренасочени на сигурна веб страна на www.cpay.com.mk, каде што се внесува бројот и се потврдува трансакцијата. Притоа податоците се чуваат во склад со највисоките банкарски критериуми за сигурно работење. Заедно со нашите партнери го користиме целото светско искуство во оваа област за да овозможиме максимална сигурност и доверливост.

ИСПОРАКА

Порачаните производи се испорачуваат во рок од 24 часа за Скопје и 48 часа за останатите градови во Македонија. Инсистираме производите да ги добијат лично и внимаваме на дискрецијата.

ГРИЖА ЗА КОРИСНИЦИТЕ

Се стремиме кон тоа да одговориме квалитетно и веднаш на сите потреби од нашите клиенти.

КИЛОМЕТРИТЕ СТАНАА СЕКУНДИ – www.rasprodazba.com

Повеќе ништо не е далечно. Километрите станаа секунди. Вашите најмили, роднини и пријатели, се до Вас. Со нив, барем досега, можевте да се гледате преку Skype, да си пишувате и праќате пораки и фотографии преку Facebook, да комуницирате преку мобилен телефон.

Благодарение на технологијата, Ви даваме уште една можност за уште поблизок контакт со најблиските. Физичката оддалеченост е надмината. Вие, со само еден клик, може да подарите нешто на Вашите најблиски. Македонија влезе во светот на електронската трговија. Веќе постои страница за електронска трговија која нуди дневни зделки на производи. Производи со попуст од 50 до 90 проценти. Ваше е само да се логирате на www.rasprodazba.com и со тастатурата, да купите подарок за Вашиот омилен брат, најдрага сестра, заслужни родители, незаборавни соседи, другари од детството.

Страницата www.rasprodazba.com овозможува да купите ваучер кој Вашите роднини или пријатели би го искористиле за добивање подарок за роденден, слава, веридба или за најубавиот миг во животот – свадба. Нели, човечки е да изненадите. Има ли поголемо изненадување од тоа "најоддалечените" блиски личности во Вашиот живот да добијат подарок од Вас. Да им го исполните животот со уште една насмевка, да им ја покажете Вашата внимателност, грижа. И за сето тоа да не го напуштите вашиот удобен дом.

Едноставно, седнувате на компјутерот, се логирате на www.rasprodazba.com. Купувате ваучер кој го добивате на Вашата маил адреса. Потоа, истиот ваучер, со само еден клик, во вид на ПОДАРОК, го доставувате на маил адресата на лицето што сакате да го добие подарокот. Тој треба само да го ископира и да си го подигне изненадувањето во вид на производ или услуга која ние сме ја постирале. За да ги задоволиме сите ваши желби, слободно, пишете порака на info@rasprodazba.com и ЖЕЛБАТА ќе биде исполнета. Со само еден клик го разубавувате животот на најсаканите, а овозможувате и Македонија високо да се етаблира на картата на земји со висок процент електронска трговија.

Сторете нешто за Вашите најблиски и за ТАТКОВИНАТА!

Со почит,
Тим на Rasrpodazba.com

ПРОИЗВОД ПРОФИЛ:

Прв коњак од Македонија

Од Мартин Анастасковски

Како што македонската економија се интегрира во глобалниот светски пазар, се засилува трката во создавање моќни македонски брендови, кои би биле широко распознаени во светот. Еден од овие нови брендови е „Traikovsky“. Дописникот на ОМД Глас, Мартин Анастасовски, имаше можност да се сретне со Билјана Трајковски, претставник на компанијата.

МА: Луѓето од Тиквешијата се прочуени мераклии на чашка ракија. Дали тоа ги прави и вешти мајстори кога е во прашање производството на алкохол?

БТ: Неизбежно е луѓето кои го населуваат регионот во Македонија со најголеми погодности за производство на вино да се и добри познавачи на сопствениот продукт. Тие имаат долга традиција на производство на разновидни алкохолни пијалоци. Тиквешани развиле одлични методи на производство, при што секој произведувач си сочувал личен пристап. Таа традиција се пренесувала од колено на колено, и на тој начин се создале мноштво разновидности во поглед на вкусот на виното и другите алкохолни пијалоци што доаѓаат од овој регион.

МА: Кога започнавте да го произведувате пијалокот Бренди Трајковски, или ќе биде поточно ако кажеме коњак?

БТ: Traikovsky Wine Brandy како продукт всушност припаѓа на класата на француски коњаци, а е изработен по истата методологија како што е и коњакот. Ние имаме долга традиција на производство на Traikovsky Wine Brandy. Мојот прадедо го правел овој пијалок за своја душа според истиот рецепт што му бил пренесен од претходните генерации. Со комерцијално производство започнавме од неодамна, но идејата постоеше подолго време. Пред шест години започнавме со инвестицијата, а првите резултати се појавија во декември 2010г., кога ја пласиравме првата линија производи на Traikovsky Wines & Spirits. Асортиманот го започнавме со вињакот, за подоцна да го збогатиме со лозова жолта ракија и мастика, како и свежи ароматични вина, сите под истиот бренд Traikovsky.

МА: Ова е нешто ново за Македонија. Кај нас нема многу производители кои настапуваат со свој домашен, автентичен бренд. Зошто се одлучивте на овој потег?

БТ: Идејата всушност се роди уште додека студирав во Франција. Сватив дека моите претци имале нивни рецепти, не само за традиционалните македонски алкохолни пијалоци, како што се ракијата и мастиката, туку знаеле како да произведат и вињак, за чие производство е потребна многу поголема умшност, одошто за ракијата. Ќе беше неразумно да не се обидеме, имајќи го во предвид овој потенцијал, како и фактот дека живееме во најдобриот регион во Македонија за производство на вино. Затоа инвестиравме во нашето производство, а сега имаме изложбен простор во Скопје каде луѓето можат да купат од Traikovsky Wines 0& Spirits асортиманот на прозводи.

МА:Разбрав дека вашата работилница се наоѓа во високо планинско село. Кажете ми нешто повеќе околу тоа.

БТ:Токму така. Асортиманот на Traikovsky Wines & Spirits се произведува во едно живописно село, сместено во долините на планината Кожуф, каде што прекрасната природа се‘ уште е нечепната од човечка рака. Низ самото Крњево, селото во кое се сместени нашите производни капацитети, минува Бошавица, брза планинска река во која живеат речни ракчиња и пастрмки, чие присуство е показател колку водата е чиста. Освен тоа, лозовите насади од кои ги правиме вињакот, ракијата, мастиката и вината Traikovsky, се лоцирани на околу 700м надморска височина. Тоа заедно со поволната клима, односно дневно-ноќната температурна разлика овозможува во грозјето да се развијат прекрасни и интензивни ароми, кои во Тиквешијата на пример не можат да се развијат, поради високите и дневни, и ноќни температури. А самото присуство на реката Бошавица, заедно со планинската клима, сонце и влага, дозволуваат лозовите насади да зреат под сончевите зраци, без воопшто да се наводнуваат. На мнение сме да изградиме сместувачки капацитети веднаш до производните, со цел да развиеме селски туризам. На посетителите би им овозможиле истовремено да уживаат и во прекрасната природа на Кожув Планина, и во вкусот на прекрасните вина и другите алкохолни пијалоци, а секако и во домашната храна типична за овој локалитет.

Повеќе информации можете да најдете на: www.facebook.com/traikovsky.wine.brandy

H.M. ARNDT:

Претставник на Македонија во Рајнланд , Германија

Со Гоце Пероски, преведено од германски јазик

Германија е клучна членка на ЕУ, мотор на европската економија, како и дом на значително македонско иселеничко малцинство. Иако стратешките односи на Германија со Република Македонија се од големо значење и за двете земји, особено се важни за Македонија. Г-дин Холгер-Михаел Arndt наскоро ќе стане новиот Почесен конзул на Република Македонија во германската сојузна држава Северна Рајна-Вестфалија. Тој е искусен адвокат и медијатор, како и еден од извршните директори на CIVIC - Институт за меѓународно образование GbR, во Дизелдорф. Тој има огромно искуство во работењето со источноевропски државни институции, во области како што се анти-корупциски мерки и образование. Дописникот на ОМД Гоце Пероски имаше прилика да зборува со г-дин Arndt во јули, годинава:

ГП: Почитуван господине Арндт, Вие ќе станете новиот Почесен конзул на Република Македонија во германската федерална држава Северна Рајна-Вестфалија (Nordrhein-Westfalen) . Н.Е. (Неговата Ексцеленција), Министерот за надворешни работи на Република Македонија во заминување, г-дин Антонио Милошоски, во февруари 2011 год. побара од Н.Е., Министерот за надворешни работи на Сојузна Република Германија, г-дин Гидо Вестервеле (Guido Westerwelle), да Ви ги додели сите овластувања, права и должности на Почесен конзул. Ова барање беше потврдено на 1 јули 2011 год. од страна на Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија. Кои задачи Ве очекуваат како иден Почесен конзул на Република Македонија?

ХМА: Во нотата на Н.Е., Министерот за надворешни работи на Република Македонија, г-дин Антонио Милошоски, особено беше изразена желбата во иднина да се ангажирам околу интензивирањето на пријателските односи помеѓу двата народа. Може да звучи донекаде апстрактно, но за мене тоа значи агресивно да ја претставувам Македонија во германското општество, да ги нагласам потенцијалите на земјата и нејзиниот народ, па на тој начин да создавам разбирање меѓу двата народа. Значителен дел од моите активности ќе биде поддршката на работата на македонската Амбасада во Берлин.

ГП: Како би можела да изгледа конкретно Вашата поддршка?

ХМА: Јас и во минатото се обидував да дадам свој скромен придонес. На пример, годинава во мај се оддржа Eurovision Song Contest во Диселдорф (Düsseldorf) и ми беше многу драго за тоа време да ја придружувам делегацијата на Република Македонија и заедно со Н. Е. (Нејзината Ексциленција), Амбасадорката на Република Македонија во Сојузна Република Германија, г-ѓа Корнелија Утевска-Глигоровска, да ја организираме македонската вечер.

ГП: Од каде всушност потекнува Вашиот интерес за Македонија?

ХМА: Уште од најраното детство, почнувајќи во 1970-тите години, патував со моите родители во тогашна Југославија во посета на нивни пријатели и со цел да го поминеме летото со нив. Од 2001 година конкретно почнав да градам професионални контакти во Македонија, како адвокат и содружник на CIVIC-Институтот за меѓународна едукација, но и преку интензивна соработка со Конрад Аденауер Фондацијата (Konrad-Adenauer-Stiftung) во Скопје. Мојата работа беше во полето на обучувањето и понатамошното образование на млади луѓе; истото се однесува и на вработените од јавната администрација на национално ниво во Македонија, но и надвор од границите на Македонија. Оваа година во август, јас и еден колега ќе земеме учество во Летната Академија на Претседателот Иванов со едно предавање и работна група, а во септември ќе продолжиме со изведувањето на проектот Shaping the Future of Europe. Се надеваме дека уште оваа година ќе овозможиме средби меѓу германски и македонски владини службеници.

ГП: Дали во Германија сега Ви се обрнува посебно внимание поради Вашата нова функција?

ХМА: Доколку сум ја спомнувал темата, приватно или професионално, секогаш сум почувствувал голема љубопитност. Еден национален и два локални германски весници веќе известуваа многу благонаклоно за мојата работа. Забележувам дека постои голема потреба за информации поврзани со земјата, луѓето и политиката во Македонија. Сакам да дадам одговори на прашањата и да пробудам понатамошен интерес, особено со идната интернет-страница на Почесниот конзулат, која што планирам да биде креирана на високо уметничко ниво.

ГП: Која е сликата за Македонија во Германија?

ХМА: Македонија пред се' евоцира позитивни асоцијации во германската јавност, но се забележува дека интересот опаѓа, посебно од политичка страна. Причините за тоа се доволно познати: од страна на нејзиниот јужен сосед, Македонија е во огромна мерка попречена да се претстави позитивно и јасно видливо во рамките на можните преговори за пристапување кон Европската Унија. Истовремено, на Македонија драстично и' се

отежнува можноста да се развие заедно со другите земји-членки на Европската Унија, како полноправна членка. Попречувачката грчка политичка блокада остава лажен впечаток кај набљудувачите за Македонија како (рурална) „заспана убавица". Но, тоа не ја претставува реалноста во Македонија; земјата има голем (економски) потенцијал што не се искористува, тоа треба да се потенцира! Во лични разговори, често пати слушам прашања налик на следните: „Како може да се стаса до таму?", „Дали може таму да си го поминеш одморот?" , „Дали е убаво таму?" Еден Почесен конзул на тие прашања би требало да даде добар одговор, и, доколку би имал при рака, би било добро да им дадам валиден туристички водич.

ГП:Кои се придобивките на еден Почесен конзул?

ХМА: Ако е целта да се заработи добро, да се биде Почесен конзул би била мошне погрешна стратешка одлука! Напротив, се работи за почесна служба, што ќе зазема повеќе или помалку време. Но, подготвен сум да го вложам тоа време за народ што го запознав уште во моето најрано детство и кој длабоко го почитувам.

ГП: Со какви намери имате да ги поддржите Македонците што живеат во Германија?

ХМА: Во разговор со македонски партнер мораме да се справиме со прашањето дали е потребно и возможно да се создаде една заедничка организација на федерално ниво, која би ги застапувала разновидните македонски интереси. Во Германија се' уште е невозможно гласот на Македонците да се слуша гласно и постојано.

ГП: Покрај Вашите многубројни активности, што правите во Вашето слободно време?

ХМА: Се обидувам моето слободно време да го користам максимално. Кога ја напуштам мојата канцеларија, многу сакам да возам кану во северо-источна Германија, а обожавам и да ги откривам националните паркови во Македонија.

1. Германија е федерална држава.Државата Северна Рајна-Вестфалија (Nordrhein-Westfalen) со 18 милиони жители е државата со најмногу население. Скоро 40 000 Македонци живеат во Северна Рајна-Вестфалија. Седиштето на Почесниот конзул ќе биде во главниот град на државата, Диселдорф (Düsseldorf).

Grünen-Chef Arndt ist Honorarkonsul

VON DENISA RICHTERS

RHEINISCHE POST

ПРВОМАЈСКА ЗАБАВА ВО ЧЕГАН:

Раѓање на нова традиција

Од Евгенија Нацулиду

На 1ви Мај времето ни' откажа послушност. Врнеше цел ден насекаде низ егејскиот крај. За жал оние кои не можеа да стигнат ја пропуштија најдобрата забава, одржана било кога. Во старото село Чеган Македонците од сите четири краеви на Македонија ја имаа можноста да се соберат и да уживаат во игра и песна. Времето не успеа да им го потопи веселиот дух.

Забавата почна на пладне и продолжи во ноќта. Уживавме во музиката во изведба на група од Нерет, Леринско, која беше придружена од група од Сандански, Пирин, дојдена на гости за собирот. Подоцна некои од помладите учесници свиреа на хармоника и на мал тапан; ги отпеаја најубавите македонски патриотски песни. Младите момчиња, дознавме подоцна, беа од Голо Брдо, Албанија, но беа дојдени по работа во егејскиот крај за време на летото. Откако запре музиката сите се напивме по некоја чашка ракија.

Ми беше големо задоволство да видам некои од членовите на Чеганското Здружение од Скопје кои патуваа со автобус за да учествуваат во собирот и да го посетат нивното родно огниште. Со нив дојде и пеачката Марија Димкова која ни отпеа неколку милозвучни песни. Таа беше многу трогната зашто запозна нови пријатели од Пожар - селото од каде што таа потекнува. Исто така, Коле Боцфарис засвире на неговата хармоника споделувајќи го со нас неговиот талент за музицирање.

Ова беше прекрасен и единствен настан. Културно-Образовното Движење од Воден планира да го повторува секој 1ви Мај во годините кои доаѓаат во различни македонски села во Егејот, каде Македонците ќе бидат обединети и слободни да уживаат во својата култура и јазик на најдобар македонски начин.

“ETNOCINEMA 2011”:

Оддавање признание на македонскиот филм

Валенција,Шпанија-Дваесетгодишнината од независноста на Македонија беше идеален повод за организирање на специјален настан посветен на македонската кинематографија. Фестивалот Etnocinema се одржува секое лето во Валенција, Шпанија, под покровителство на Етнолошкиот Музеј на Валенсија и Провинциската влада на Валенција, а годинешново издание беше посветено исклучиво на македонскиот филм. Во соработка со Кинотеката на Република Македонија и под покровителство на Почесниот Конзул на Македонија во Валенсија, д-р Карлос Флорес Јубериас, настанот пружи ретка можност за шпанската јавност да се запознае со скромната, но истовремено брилијантна, постнезависна македонска филмска сцена, со корени во традиција која оди наназад веќе преку сто години.

Беа прикажани вкупно шест филмови. Некои беа веќе добро познати и широко признати, вклучувајќи го „Пред дождот“ (Милчо Манчевски, 1994), „Големата вода“ (Иво Трајков, 2004) и „Мираж“ (Светозар Ристевски, 2004). Овие дела овозможуваат блескаво патување низ историјата, културата и реалноста на земјата, која се’ уште е енигма за повеќето Западноевропејци. Повеќето од филмовите беа титлувани на шпански специјално за оваа пригода, бидејќи никогаш претходно не биле покажани низ шпанските кино сали.

Приемот на јавноста беше исклучително позитивен: „Јас дури и не знаев дека имало филмови снимени во Македонија, а овие се одлични”, беше често слушана изјава. Овој ентузијазам беше пропратен со обилно покривање на настанот преку медиумите, со опширни интервјуа емитувани на Јавната телевизија на Валенција Канал 9 и Леванте телевизија. Во медиумската промоција се придружија и печатените изданија на поголемите локалните весници и специјални списанија.

Повеќе информации може да побарате на: www.museuvalenciaetnologia.es

ОД ПЕТАР ЈАНКОВ, РЕПРОДУЦИРАН СО ДОЗВОЛА



ФК ПРЕСТОН МАКЕДОНИЈА,

Фонд за Уривање на Долгот

Од Боби Мирчевски

Не постои Македонец кој денес живее во Мелбурн, Викторија, или навистина не постои во цела Австралија, кој барем еднаш во неговиот живот не чул за патриотските песни „Македонија, Македонија, Македонија“ како ечат од толпата луѓе на натпреварите на Престон Македонија. Тоа е чувство кое само Македонец може да го разбере - оној што доловува мешавина на емоции, страст, жртвување, лојалност, храброст и надеж.

Повеќе од 50 години фудбалскиот клуб Престон Македонија е национално обележје на македонската заедница овде во Австралија ,а веројатно е еден од најголемите и најпознатите македонски спортски клуб надвор од Република Македонија. На многу начини Престон беше одговорен за поставување на Македонците на мапата во оваа земја, преку своето успешно учество во Националната фудбалска лига во текот на 80-тите и 90-тите години.

Не само што е фокусна точка за членовите на локалната македонската заедница, туку и им обезбедува на помладите членови на нашата заедница да учат и играат „светска игра“, а во исто време да го искусат чувството како е да се биде Македонец. Клубот продолжува да биде важен дел, или „лепило” кој ги поврзува младите и старите Македонци заедно.

Но денес, на се’ она што е изградено во текот на изминатите 50 години му се заканува сериозна опасност. 2011 год. Го означува она што е без сомнение најкритичен момент во историјата на фудбалскиот клуб Престон Македонија. Постои веројатност Престон Македонија да престане да постои после оваа година, да биде принуден да ги затвори своите врати засекогаш, освен ако може да ги исплати големите даночени долгови од околу 150,000 долари, кои се во пораст во во текот на изминатава деценија.

Причините за тоа се бројни. Некои од нив лежат во контролата на клубот, но значителен број се резултат на надворешни сили и влијанија врз кои клубот има мала или никаква контрола. Тој голем финансиски товар кој сега го погоди клубот ги оневозможува добрите и чесни луѓе во давањето позитивен придонес. Тие знаат дека битката да се намали големиот долг на клубот ќе биде тешка, а истовремено да се воспостави успешен фудбалски тим на теренот. Меѓутоа, ако постои едно нешто по што Македонците се познати, е нивниот непоколеблив дух и подготвеност да се борат до крај. Групата храбри луѓе кои денес служат како најмлад комитет во историјата на клубот нема да запрат. А за прв пат вклучуваат женски член како потпретседател. Овој мал тим го претставува она што е веројатно последниот став на клубот; тие се заинтересирани да научат од грешките од минатото, за изградба за во иднина.

Тоа е причината зошто ги повикуваме сите

поддржувачи на Престон Македонија, во австралиската и меѓународната македонската заедница да ни помогнат да собериме 150 000 долари до декември 2011 година, за подмирување на долгот што му се заканува на опстанокот на клубот.

Ние веќе ја добивме поддршката на еден од најголемите синови на клубот и сегашна фудбалска ѕвезда Саша Огненовски, кој ја нуди оваа искрена порака до лојалната армија на поддржувачи на клубот:

„Поддршката на членовите е извор на енергија на нашиот фудбалски клуб веќе преку 50 години. Страста на нашите поддржувачи и македонската заедница ќе имаат огромно влијание врз тоа дали овој клуб ќе постои во наредните 50 години. Знам дека кога на моето преку океанско фудбалско патување ќе му дојде крајот, би сакал да сум во можност да заиграм во познатиот дрес на Престон Македонија уште една славна сезона. Но за да се случи тоа на клубот му е потребна вашата поддршка сега повеќе од било кога."

Клубот во моментов е во процес на организирање на голем број на активности за подигнување на Фонд со единствена цел фудбалскиот клуб Престон Македонија, да биде ослободен од долгот, а прва од овие иницијативи е лансирањето на Фондот за Подмирување на Долгот за Престон Македонија. Со задоволство се добредојени сите финансиски придонеси и донации од заедницата без оглед на износот.

Запомнете дека секој долар е значаен, и ќе не доближи поблиску до тоа да бидеме во позиција каде што може да се фокусираме целосно на градење на нашата иднина наместо на лечење на раните од минатото. Заедно можеме и ќе го елиминираме нашиот долг и ќе почнеме со нова структура и визија за иднината.

Може да се донира на следниве начини:

1. Со посета нahttp://www.prestonlions.com/plfc/debtdemolition_main.php, кликнете на "Donation",(донации)
2. Со директен депозит (EFT) на следната сметка: Preston Lions FC, BSB: 063875, број на сметка: 10411159,
3. Со испраќање чек на: Preston Lions FC, PO Box 382, Preston, Victoria, Australia 3072

Ако сакате да дискутирате за тоа како понатаму можете да придонесете за Престон Македонија, ве молиме контактирајте го клубот преку имејл адресата Preston. Lions.FC@gmail.com. Се надеваме дека ќе ни се придружите и ќе ни помогнете фудбалскиот клуб Престон Македонија да биде без долг!

АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА

на територијата на денешна Република Македонија

Од Александар Донски

Грчката пропаганда тврди дека античка Македонија била сместена на територијата на денешна Грција, додека на територијата на денешна Република Македонија се наоѓала територијата на Пајонија. Оваа теорија го негира правото на Македонците денес да бараат свое античко етно-културно наследство во античките Македонци. Таа има за цел да ги ограничи на нивните историски претходници само во Пајонија.

Непобитно е дека границите на античка Македонија се менуваат постојано во различни временски периоди. Во своето основање, античка Македонија се простира само во еден мал дел од она што е денес југозападна Македонија. Подоцна, преку освојувањата на нејзините владетели се менат границите на Македонија, па во нив влегува и Егејска Македонија.

За прв пат оваа земја доаѓа под грчка власт дури во 1913 година, преку договорот во Букурешт. Во денешно време Хеленската Република Грција преку локалните грчки

власти, на Македонците кои живеат во оваа неоддамна стекната територија, редовно им негира било какви права да се идентификуваат со нивната етничка или национална традиција. Исто така, постои континуиран прилив на историски насочената медиумска пропаганда од Атина која е многу тесно поврзана со целта на владата од 21-виот век да го сузбие македонското малцинство во Северна Грција. Всушност, земајќи ја в предвид оваа модерна



политичка димензија, крајно сомнително е што класичните научници игнорираа одредени значителни факти.

Во претходните временски периоди, античка Македонија се простира на голем дел од денешната Република Македонија. Сигурно потписниците на писмото на професорот Милер до претседателот Обама се свесни за античко македонскиот регион Линкус, кој во голема мера се протега на територијата на денешна Република Македонија. Античкиот грчки географ Страбон (63/64 п.н.е. - околу 24 н.е.), вели дека регионот околу Линкус, Пелагонија, Орецтиа и Елимеија, се нарекуваат Горна Македонија, иако подоцна биле нарекувани и Слободна Македонија. Но, некои одат дотаму што целата земја ја нерекуваат Македонија (Страбон географија, Книга VII, поглавје. 7,6). Во античка Македонија, или Линкус, живееше познатото племе Линкестијани, чии жители беа дел од античко македонско население. Мајката на Филип Втори, Еридика, доаѓа од ова племе и всушност е родена на територијата на денешна Република Македонија.

Тукидит, исто така пишува за македонско потекло на жителите на Линкус: „Постои Горна Македонија, која е населена со Линкестијани, Елимоти и други племиња; тие се сојузници и, клиент членки' на Долна Македонија, но(тие) имаат свои кралеви". (Тукидит, книга II). Главниот град на античко македонскиот регион Линкус, наречен Линк, се наоѓа на територијата на денешна Република Македонија, во близината на денешното село Букри, Високо Брдо. За античкиот македонски град Хераклеа исто така сместен на територијата на Линкус, се кажува дека е основан лично од Филип Втори. Дури и денес урнатините на градот се евидентни на територијата на Република Македонија и секој може да ги посети овие наоѓалишта. Други наоѓалишта сместени на територија на денешна Република Македонија се познатите антички градови: Гординиа, Аталанта, Еидомени и значаен дел од античко македонскиот регион Амхакстида.

Значењето на овој град Еидомени кој се наоѓа на територијата на ссовремена Република Македонија, а беше антички македонски град, дополнително е потврдено од Тукидит. Во неговиот опис на војната меѓу Тракијците и Македонците, во средината на петтиот век п.н.е., Тукидит објаснува дека тракиската армија прва ја нападнала земјата која порано била кнежевство на Филип Втори, па го превземаат Еидомени преку ноќ. (Тукидит, Книга II). Тукидит (2, 100), исто така го спомнува освојувањето на античките македонски градови Гординиа и Аталанта, кои, како што веќе спомнавме, исто така се наоѓаат на територијата на денешна Република Македонија.

Друг град сместен на територијата на денешна Република Македонија е античкиот македонски град Достонеи. Дополнителни и јасни докази за постоењето на античко македонска цивилизација се бројните одбрамбени тврдини изградени од страна на античките Македонци, со цел да се заштитат од напади од надвор. Најпознатата е лоцирана близу Демир Капија, Македонија, а има и други низ Република Македонија.

Илијадници античко македонски монети и други предмети како накит, оружје, домаќински артефакти и гробови се откопани на територијата на Република Македонија и се прикажани и во Македонија, и во други држави.

Бројни артефакти од античкото минато на Македонија сведочат за бујна, древна и посебна македонска цивилизација која просперирала на територијата на Република Македонија. Одредени податоци на оваа тема може да се најдат во книгата „Античкото македонско царство во Република Македонија" на Пр.Др. Виктор Лилич, (Журнал за Археологија, историја, историја на уметноста и етнологија, год. VIII, бр. 23, Скопје, 2004, Република Македонија. ISSN 1409/5742).

Територијата на Пајонија, која потписниците цврсто ја поддржуваат, е историската територија на денешната Република Македонија. Во текот на историјата исто така постојано ги менувала границите. Голем дел од Пајонија се наоѓал на територијата на она што е денес дел од Македонија под грчка власт. Како пример за ова е фактот што во бронзеното доба Пајонија се протега долж централниот дел од Егејска Македонија, денешна Грција. Околу шестиот век п.н.е. Пајонија завземала поголем дел од Егејска Македонија заедно со месноста околу денешен Солун. Заедно со античко македонските градови Аероп, Аталанта и Лете се протегала дури до Амфиполис на границата со Тракија. Во петтиот век п.н.е. Еурипидис пишува дека Пајонците се луѓе кои ги населуваа Панга планините, источно од Амфиполис и Халкидики, во југоисточна Македонија.

Подоцна како што Македонците ги потиснуваат Пајонците на север, тие ги прошируваат своите граници. Во 217та год. п.н.е. Кралот Филип Петти од Македонија целосно ја освојува Пајонија, а Пајонците се спојуваат со античките Македонци, па двата народа се спојуваат во една нација. Во овој момент, античка Македонија се шири низ денешната територија на Република Македонија.

МАКЕДОНСКО-РИМСКИ ВОЈНИ:

Три Дел (178 - 168 п.н.е.)

Од Ц. Бенјамин Трејси, (Диплома за уметности), англиски и латински, (Магистер за образование).

Третиот чин во театарот на четирите војни помеѓу Македонија во време на Антигонидската династија и Рим (201-148 п.н.е.) ја носи на сцената револуцијата и последниот крал на династијата Антигонид: Персеј (212 - 166 пр.н.е.). Декадата на новото владеење после Филип 5ти ги донесе Рим и Македонија повторно лице во лице во жестока борба, натпреварувајќи се за превласт и опстанок. Поддемот на новиот крал, заедно со неговите чувства на огорченост кон Рим, придонесоа храброста на Македонијада ја надвладее нејзината издржливост, и така двете нации се прегрупираа за војна.

На крајот на Втората Македонска војна, Филип 5ти бил поразен и се согласил на примирје со Рим, под водство на Титус Квинтиус Фламинин. Градовите-држави останаа римски протекторати, и Македонија и Рим , во 179 пр.н.е.. влегоа во примирје. Истата година прераната смрт на Филип стави крај на македонско- римскиот мировен договор. Неговиот посвоен син и наследник, Персеј, ја наследи војната и повторно ја мобилизира државата во војна со Рим. Многу претходни фактори ја поттикнале војната, но огорченоста на триесет и четири годишниот крал заради римските барања кон Македонија ја вжештија состојбата, во време кога мировниот компромис ја покори и парализира неговата земја; Персеј, како и неговиот татко, ниту им верува на мотивите на Рим, ниту,пак, на римското присуство во елинските градови држави. Последователно, Персеј го поттикна народот на бунт против Рим, за да ја поврати својата еминенција и моќ, за да продолжи отпорот кон странската окупација. Многу работи се напишани за ликот, делото и животот на Персеј од страна на античките автори: Ливиј, Плутарх и Полубиус; на читателите заинтересирани да дознаат повеќе за него им се препорачува да ги истражуваат овие автори, зашто тука е изложена на кратко само неговата воена вмешаност со Рим.

За да ја поврати империјалната сила Македонија и да ја врати контролата над територииите загубени како резултат на мировниот договор со Рим, единствената

стратегија на Персеј беше да го поткопа Рим и да прави спротивно на се' што Рим прави. Тој одеднаш изврши притисок на територииите на север од Македонија и на југ во елинските градови-држави, проширувајќи ги македонските граници и за разлика од Филип, воспостави пријателски односи. Ова беше кршење на условите на договорот, закани над јурисдикцијата на Рим и посегање кон грчкиот полуостров. Заедно со забелешките за повредата на договорот, доушниците пристигнаа во Рим наведувајќи го сојузот на Персеј со Илирија, успешните маневри во Византија и Азија, и го обвинениja во врска со неговиот неуспешен обид за атентат врз кралот Евмен од Пергам, сојузник на Рим. Сенатот и народот на Рим гледаа на активностите на Персеј како на сомнителни; и покрај нивниот ужас што влегуваат во уште една војна, тие реагираа брзо, верувајќи дека Персеј ,оваа војна ја доби како наследство од неговиот татко, кој му ја предаде заедно со престолот ... [Персеј] ја негуваше во сите негови планирања, и сега беше многу блиску на дофат на раката "(Ливиј, АБ Урбе Кондита 42,11). Покрај тоа, Персеј беше обезбеден со толку национални и транснационални провизии и воини, со изобилни набавки на жито и парична сигурност, така да тој беше целосно автономен и независен. Римскиот империјализам сега беше многу поголема закана зашто ,македонско кралство беше единствената голема сила во близина на Рим и е единствената сила која може да успее, ако среќата на Рим попушти, да го воздигне во неговите кралеви духот на древна Македонија.' (Ливиј, АБ Урбе Кондита 42.50).

Римски емисари беа испратени во Македонија. Емисарите ја осудија повредата на договорот и побараа репарации од Персеј; тие му рекоа дека договорот порано склопен со неговиот татко сега е обновен под новото владеење. Во долга тирада, Персеј ,остро одговори, се разгоре со гнев, обвинувајќи ги Римјаните за алчност и ароганција, прекорувајќи ги и бркајќи ги нивните офицерите зашто доаѓале еден по друг да шпионираат сè што тој рекол и направил, зашто Римјаните сметаа дека тој треба веднаш и послушно да биде под нивната команда со сите негови зборови и дела.' (Ливиј, АБ Урбе Кондита 42.25).

Персеј, потоа во писмен документ до римските емисари им изјавил дека договорот се поништил по неговото стапување на власт, и ,дека нема никаква врска со него ... [тој] се мачел да го обнови, не затоа што тој го одобрил, туку затоа што кога го презел престолот тој морал да трпи се'' (ibid). Тој би се согласил на ревидиран можен договор според негови услови. Тој потоа им ,наредил да ги напуштат границите на неговото царство во рок од три дена'; тие ги отфрлаја неговите услови. Римските емисари потоа беа испратени до нивните лојални сојузници (Пергамум, Египет, Сирија, Родос и градовите- држави), барајќи засилување на дипломатската безбедност и поддршка, која беше едногласно прифатена од сите. Рим и Македонија се ставија во позиција на непријатели. Римските легии беа распоредени во Епир и Илирија за да подготват правци за инвазија и да ги позиционираат гарнизоните за помош на пешадијата и коњицата на територијата на Аполонија, Ускана и други места помеѓу двете нации. Големо заседание (иако лажливо и со претензија за повторно воспоставување мир) помеѓу кралот Персеј и римскиот конзул Маркус Филипус се одржа во текот на зимата за да разговараат за мотивите и за обвинувањата против Персеј; обвинениjата

беа наведени и расправани, па таа вечер по разелбата двајцата лидери беа убедени дека војната ќе биде неизбежна.

Персеј одржа своја конференција со свој совет во Пела, во древната палата на македонските кралеви. Тој му објави на советот дека ќе ја издржи војната со храбри луѓе, без оглед на тоа што може таа да донесе, или ќе да биде шампион во ослободување на светот од римската доминација. ,Дозволете ни војна, рече Персеј, бидејќи тоа звучи најдобро, со добра помош на боговите.' (Ливиј, АБ Урбе Кондита 42,51). Македонскиот град Цитиум (Citium) беше избран да ги собере сите негови благородници,телохранители, коњаницата на македонската армија со сојузничките: Тракијците, Галите, Аргеанците, Цретијанците, Паеонанците, Ателонците, Боеотинците и Елините од различни раси. Вкупната големата на собраната армија достигна речиси 67.000, вклучувајќи го и познатиот полк од најдобрите млади воини - агема. ,Нема македонски крал кој досега имал толку голема армија, освен армијата со која Александар Велики ја презеде Азија.' (ibid). На денот на зимската краткодневица качен на говорница во придружба на своите двајца млади синови, Филип (брат-посвоен син) и Александар, Персеј им одржа остар говор на неговите војници. Тој потсети на неправдите и непистојностите направени врз нив од страна на Рим, и' оддаде слава на огромната големина на македонската армија, и го поттикна во нив ,духот прикажан од страна на нивните предци, кои по совладување на цела Европа, поминале во Азија и со отворени рацете кон целиот свет ...но сега судбината им организира натпревар не за најдалчените брегови на Индија, туку за поседување на самата Македонија ... Римјаните отворено се обидуваат да ја поробат Македонија.'(Ливиј, АБ Урбе Кондита 42,52).

Персеј тргна кон Илирија, запленувајќи и

парализираќи римски гарнизони, и заробувајќи затвореници. По неколку успешни престрелки на патот кон палатата на илирскиот крал Гентиус во Лабеатес, Персеј испрати емисари да предложи сојуз, кој беше отфрлен зашто кралот немал доволно парични средства. Персеј се повлече во Македонија без сојузот, но со обезбедени илирски гарнизони во пресрет. Во текот на десетгодишната борба со Рим Персеј се стекнува не само со гарнизони, зголемен број на војници, туку и со богатство и суета, токму суетата беше неговата слабост, зашто неговата алчност и ароганција се сплотија во негова Ахилова пета која го донесе неговиот пораз, и евентуалниот крај на династијата, во војната против Римјаните.

Понудата да се плати за мир преку посредување на кралот Еумене, понудата за сојуз со кралот Гентиус на Илирија, и понудата на Галската војска беа целосно одбиени, зашто за Персеј сребролубието беше посилно од неговата мудрост. Како одговор на предлогот на Клондицус, водач на Галите ,[Персеј] беше подобар во чување на своите пари, отколку во чување на неговото царство и почна да расправа за предавство и дивјаштвото на Галите'. Галите се навредија и возвратија со повлекување во нивната земја, оставајќи го Персеј сам (Ливиј, АБ Урбе Кондита 44,27) Во текот на последните четири години од војната, а по неколку воени средби едни со други, Македонија и Рим (под восство на Луциј Амилис Паоло) се сретнаа едни со други на 22 јуни, 168 пр.н.е. во решавачката битка на Пидна. Паоло и римската војска беа напреднале неприметенно низ рамнините помеѓу Хеклеум и Либертум, стасувајќи многу близу до Персеј, изненадувајќи го него и македонската армија, принудувајќи ги да се повлечат кон Пидна. Уште еднаш инвентивниот и високо флексибилен воен стил на Римјаните го надмина легендарниот стил на македонската фаланга; Паоловата употреба на слонови (ја посвоил слоновската тактика од борбите со кралот Пир од Епир од пред еден век), исто така, ја уништи македонската пешадија при повлекување на брегот каде бараше засолниште. Нерамниот терен и недостаток на место за повлекување се' до морето контролирано од Римјаните, не дозволи Персеј и Македонците да победат тој ден.

Македонската армија беше уништена и сојузниците на Персеј во регионот му се потчинија на Рим, оставајќи го Персеј без друга алтернатива, освен да се предаде. Мноштво римски граѓани се собраа покрај Виа Сакра во Рим не само да го прослават триумфот на Паоло, туку да го видат Персеј, неговите три деца и остатокот на македонската воена сила и плен, измешани емоции во секое римски срце. ,Никогаш немало толку голема толпа собрани за било каков спектакл ... Персеј беше извор и центар на војната, не само неговата слава, но и на неговиот татко, дедо, и другите со кои тој беше крвно и расно поврзан , што го направи фигура од општ интерес; славата на Филип и на Александар Велики, кој направија Македон да биде најголема империјална моќ на планетава, блескаше над него "(Ливиј, АБ Урбе Кондита 45,7).

Плутарх ја опишува поворката во Рим за победата на Паоло врз Персеј, како што беше римски обичај да има победносна парада. После парадата, Персеј и неговите деца беа протерани во малиот град Алба Фуценс (притвор за поразени), каде што почина две години подоцна. ,Две од неговите деца исто така умреа. Но, третиот Александар, се вели дека станува експерт во метална уметноста, тој исто така, научил да пишува и зборува латински, и бил секретар на судиите, во чија канцеларија, покажал дека има вештина и елеганција.'(Плутар Амилис Паулос, 37.3 Bernadotte Perrin, Ed..)

Рим не гласаше за поробување на Македонија, туку да и' се остави слободата, но управувана од страна на Рим; нацијата требаше да биде поделена во четири области, поединечно владеани со помош на римските судии. Подоцнежната одлука е базирана на загриженоста од страна на Рим заради проширената големина на Македонија и челичната волја на народот за друг бунт. Римјаните предвиделе точно, друг бунт се случи осумнаесет години подоцна, со што на сцената стапи Четвртата Македонска Војна, предводена од Андриск владетелот на Адромитиум во Аеолис (западна Анадолија), кој сам се назначи за крал Филип VI.(6ти)

Во 2005 година, македонски и италијански археолози го откриja гробот на кралот Персеј близу Алба Фуценс, 100 километри источно од Рим, по должината на Виа Валерија близу Маглиено де Марси (Акуила), Италија. Италијанците ги поканија македонските археолози да помогнат во истражувањето. Македонската асоцијација на научници како и Македонско-Италијанската Пријателска Асоцијација во Битола го пронајдоа местото на конечното повлекување на Персеј, тоа бил град на местото на денешното селото Црнобуки, на десната страна на патот Битола Демир Хисар.

ВО ТЕАТАРОТ НА СВЕТОТ:

Александар Македонски, во прво лице

Со Александар Донски

Соработничката на ОМД Глас, историчарката Селест Бенјамин Трејси неодамна го објави својот прв роман „Во Театарот на светот". Г-ѓа Трејси е Американка од шпанско, унгарско и чешко потекло; учела латински на Лонг Ајленд, Њујорк, и има диплома по латински, англиски и обрзование.

АД: Г-ѓо Трејси, ве молиме известете ги нашите читатели за вашата нова книга.

СБТ: Во 328 пр.н.е., запишани се зборовите на Александар: „Јас го гледам мојот свет како театар, моите дела ги демонстрирам држејќи меч и скиптар. Јас сум на сцена ... пред мене, публиката на светот". Значи ја искористив неговата изјава како тема за роман. Театарот на светот е роман за Александар Велики, кој го опфаќа времето на неговата адолесценција, напишан како автобиографија. Александар започнува со пролог, во пролетта 324BCE, го воведува читателот во дејствието и ја објаснува неговата причина за пишување на автобиографијата. Целта е да се потопи читателот во лирско раскажување за младиот Александар, на возраст од 13-20. Главната причина зошто го напишав романот беше да ги поттикне читателите тинејџери да се стремат кон исполнување на нивните амбиции; да бидат здрави и силни, и телесно, и умствено; да се оддаде чест на претците и нацијата; да учат за восхитувачките квалитети на Александар, со цел да ги достигнат. Се надевам дека читателот со претходно знаење на Александар ќе се запознае со него интимно, а читателот кој малку знае или не знае ништо за него ќе биде инспириран да дознае повеќе.

АД: Како Александар како нараторот на приказната „се прикажува самиот себе"?

СБТ: Во текот на неговиот многу краток живот, извел храбри подвизи претварајќи се дека е еден од неговите омилени јунаци, Ахил и Херкулес, кои станаа негово алтер его. Неговите перспективи, однесување и достигнувања во зрелата возраст веројатно еволуирале од искуствата на интроспективен тинејџер кој силно сонува, кој се замислува себеси постојано на сцената. И така, јас одам на почетокот на еволуцијата на историската фигура, и го прикажувам како страствен тинејџер: храбар и дрзок, со брилијантен ум, емоционален, здрав, физички силен, без некои заболувања, импулсивен, жестоко лојален, со потреба од пофалби и љубов од семејството и пријателите, особено од татко му, кралот Филип Втори. Наместо да се слави, барам да го хуманизираме и да го прикажеме како тинејџер на античката цивилизација, кој не е толку различен од адолесцентите во денешно време. Јас го нурнувам читателот во неговиот светот и во значајните традиции и култура на античка Македонија, во обид да се избегнат анахронизми кои би ја жртвувале автентичност.



АД: Како да се претстави географијата на светот во кој живеел Александар?

СБТ: Географијата на светот на Александар е претставена историски, лишена од анахронизми, идентификувајќи ги специфичните нации според нивните антички, вистински имиња за да се одржи континуитет во кој е поставен романот. Македонија е Македонија, идентификувајќи ги клановите од Горна и Долна Македонија, зборуваат на македонски јазик; Грција како градови-држави, нејзините области и народи, како Ахаја, Етолија и Атика, зборуваат елински јазик. Истото се однесува и на соседните народи, како Епир, Илирија, Тракија, Хесперија, Персија. Народите на овие земји ги идентификувам како: епирска, илирски и најсеверниот сосед - племињата Аутариати; соседните Келти; Медијци и Тракијците од Тракија, а Самнитите, Римјаните, Луканијците и Брутијците од Хесперија, и Персијците. Во моментов, не е предвидена мапа во романот. Јас сум во потрага на уметникот кој ќе се нафати да ја илустрира мапата.

АД: Како ги раскажувате настаните од неговата младост во форма на роман, без да преминете во есеј?

СБТ: Описно, со примена на сетилата, а на моменти, лирски, вклучувајќи ја и мојата поезија за да ја прикажам поезијата на Александар. Си дозволив креативна слобода во мал број на сцени за да го хипнотизирам читателот. Поголемиот дел од основата на романот, сепак, е историска. Јас, исто така вметнав некои од оригиналните цитати на Александар од неговото зрело доба, верувајќи дека Александар ги сочувал овие перспективи во младоста, а подоцна и ги применувал во текот на неговото владеење. Временската линија на романот вклучува такви настани како што се: познатото скротувањето на неговиот воен коњ Букефал, неговите три години едукација од страна на Аристотел, неговото регетнство, неговиот прв воен ангажман против тракиската војска на 16 години, неговата голема улога во битката кај Херонеја, неговиот егзил и искуства во Илирија (што требаше да ги разубавам зашто на расположивите извори им недостигаат детали), неговиот таен договор со персискиот сатрап Пиксодарус, и заклучувајќи го романот, убиството на неговиот татко, Филип II. Исто така, јас ги разјаснив неговите пријателства и и ја вклучив во дејствието неговата прва организирана средба со куртизана.

АД: Кој се ликовите во романот, и како развивте?

СБТ: Вклучив историски личности и создадов други, како што индицирав во Забелешката на авторот. Но историските ликови во романот се развиени врз основа на нивните интеракции со Александар запишани од страна на античките автори Плутарх и Аријан, како и неколку современи авторски биографии. Како што очекував ограничената документација изискуваше да создадам некои личности и да

подобрам други, но јас ги нагласив ликовите чии карактери беа развиени со користење на антички ресурси, вклучувајќи ги Кратер, Лизимах, Пердика и Хефестион. Древните и модерните извори нив ги идентификуваат како најблиски другари на Александар. Секој од нив е прикажан во блиски односи со него; сепак, од сите четири, Хефестион е претставен во романот како духовна сродна душа на Александар, неговото ‚второ јас', најдраг меѓу неговите пријатели, како што Аријан го насловил, carissimus (латински: најскапоцен, најомилен); верувам дека Кратер бил fidelissimus, најпосветен. Замислувам како Лизимах го почитува Александар и како Пердика му е најблискиот на Александар пред да се појави Хефестион; за на неговата смртна постела Александар да му го даде на Пердика неговиот кралски прстен. Јас посветив огромна енергија и време да им навлезам во умовите, за да ги направам реални и лични, истовремено почитувајќи ги историските докази. Од ликовите што јас ги развив во романот, најпредизвикувачки за мене беше Аристотел. Аристотел имал најголемо умствено влијание врз Александар. Извори укажуваат дека Александар рекол дека Филип му дал живот, но Аристотел му дал знаење, и така, јас бев принудена да покажам учител чиј ум и методологија беа опчинувачки за Александар; наставник кој го олеснува учењето, наместо да доминира преку него, чија настава беше доволно провокативна за да го предизвика аналитичкиот ум на Александар, и чија личност беше наредбодавна, но сочувствителна.

АД: Што од секојдневниот живот на Александар, неговото опкружување и земјата?

СБТ: Природниот свет на Александар е илустриран преку неговите сетила, а јас се потрудив да ги разбудам сетилата на читателот: мирисите, осетот за земјиштето, и вкусовите, звуци и слики од неговиот секојдневен живот. Иако никогаш не ја посетив Македонија, се обидов да ги осликам планинските, зелени, восхитувачки инспиративни, мистериозни пејзажи за кои верувам дека ја обликувале и култивирале неговата природа. Ги замислив него, неговото семејство, неговите придружници и народот дека се планински луѓе, моќен и решителни, љубители на коњи и на природата, вешти во браварството, утврдени и засилени заради вековите страдање заради предрасудите од страна на град-државите на југ, и други околните царства, а сите се историски базирани.

.

АД: Да се пишува наративната форма со гласот на една древна историска личност е голем предизвик. Како успеавте да ја балансирате историјата со креативноста?

СБТ: Во делот од мојот роман каде ги оддавам признанијата, јас предочив дека дваесет и две години собирање информации и стекнување знаења за Александар Велики беа одисеја на учење за мене ... моето истражувачко искуство започна во 1982 година, беше хронологија на настани што ме подготвија да се зафатам со проект како овој. Семејството и пријателите во текот на тоа време ме охрабруваа, советуваа и ме образуваа, и јас сум им засекогаш благодарна за нивната поддршка. Романот е напишан без намера да го зголеми, но само за да го инспирира интересот за Александар, претставувајќи го во неговата младост.

Во театарот на светот е на располагање сега на Amazon.com како како Kindle е-книга, а ќе се појави наскоро во печатена верзија.

НОВО НА ВЕБ

Ново на веб: http://www.myspace.com/lisamanis

Имитирајќи ја Реба МекЕнтајар на возраст од 4 години, пишувајќи сопствени песни на 11 годишна возраст, овој талент од Пикеринг најпрвин беше откриен на караоке шоу на Денот на Канада. Нејзиниот избор на песна? „Моќта на љубовта" од Селин Дион. Таа имаше само шест години. Вокалниот тренер на Шанаја Твејн, Иан Гарет, беше еден од првите кој помогна во тренирањето на овој спектакуларен глас.

Ново на веб: http://www.thebestofmacedonia.mk/

Нино Трајчев, од тимот Најдоброто од Македонија вели: „Наша мисија е да направиме избор на најдобра македонска забава, фолклор и детски песни од периодот на последните 20 години, кои оставиле свој печат на македонската сцена, како со својата популарност, така и со својот квалитет."

МАКЕДОНИЈО, ТЕ САКАМЕ

(во сите твои бои)

Од Марија-Емилија Кукубајска и Емилија Кукубајска

Златна Македонијо:
Житото - лебот, или срцето - душата твоја?
Што ли е послатко
Во тебе, и што поблагородно и позаслужно за милоста Божја!?
Те сакаме! Чувај се! Зашто не е злато се што свети, од надвор!

Македонијо, Црвена
Од исконска љубов кон вистината со божја сила запалена,
И по крвави милениуми неистината иако распарчена.
Од сите Светски сонца само твоето ли е за криење? Зошто? Во крвта ни е!

Македонијо Сина -
Небо наше, плашт душевен, од свето срце исткаен,
Во тебе да се обвиткам, да ме грееш со топлина
Родителска, кон чисти, нови дела да се возвишам.

Македонијо Зелена -
Твоите лиснати пердуви, пилиња меки, распослани
По рид, по дол, за плодност, за песна, за храна и сила:
Со розова дланка ги поминувам, галам, благословувам

Македонијо Бела -
Пожелувам снегот да е заштитен кајмак против болести
А почвата твоја под него - трпеза на здравјето, братски
Сите да ја делиме, да славиме радост - и да преостанува...

Македонијо Сребрена -
Водени бранови вековни рани ни миеле. Под површина - раните,
Ракли ни риеле - и за нив ни светски лек немало. Но сега надоаѓаат
Кошници со новородени водачи - за тебе да се борат, оти те љубат.

Македонијо славна, невесто со шарени чеизи -
Плодови на Духот,
За нив да наздравиме, со љубов да ги сееме, со радосен мир, трпеливи,
Милозливи. Жетвите -- желно, животворно да ги раснеме
За Доброто Утре.

Те сакаме, Македонијо! Со Бога напред, во тебе
Веруваме! На Здравје!

Те сакаме, рожбо наша поробувана, грабана, и продавана,
И пак со чиста љубов, плачно но надежно и верно што ги дочекуваше
Сватовите, а по свадби, гозби и селидби, без најмили чеда свои пак што остануваше.
До кога ќе простуваме, премолчуваме, дозволуваме
Децата под лажно врвни вршници да ни ги загреваат
Против себе, против Родителското?
До кога вештачки вредности
Да ни ги хранат нив, да се откажат
Од природни права наши на пра-писма, пра-говор,
Пра-вери и пра-ери?!

Мили наши, мирни мајки, мудри татковци, претци
Прекрасни, дедовци дотепани, изработени, баби
Ограбени, а младина труена, ослепувана,
Заглушувана, втерувана и сега во канали на
Новодобска зависност од Невистината - само едно
Име имаме, а илјада и еден ненаш, неверен антоним.

Но, Македонци сме, Македонијо! Од Бога крстени,
А не од зли кумови пре-крстени.
Што ли ќе е, мајко, зошто ли:
Таман помислуваме дека пролетни пролетувања
Отвораат збор и говор,
Прозор и врата кон светлината - а еве ти ги
Злите, подлите духови -
За етики и анти-антики зборуваат,
А добриот самариќанец го каменуваат,
Озборуваат – по светот и дома, знаат
Она што го прават дека смислено против правдата и мирот е,
А наводно го бранат најдоброто наше, името на Народот свој.
Боже, чувај не од таквите, фарисеи
И во оваа, земја
На Александар, на Павле,
Климент, Кирил, Марко, Самуил,
На Охрид, Бистра и Шара,
Шарена убавице наша, Македонијо сакана,

Многу, премногу непријатели имаш.
Што ли се не имаш сторено против непрадвата, та не се имаш одморено
Од проклетства историски - искривени, подивени
Грешници, и од помор-горештини без настрешници...
Само небата, само тие ти останууваа покривка, сестро,
Само тие, Божја заштита, над висови и падини верно
Те вардеа и штитеа за спас, за нас, за ретките слуги
На правдата кои не се откажуваа ни од чест ни од доблест

Во маката Македонска.
Но од денес знај, од сега до невидлив крај
Се додека има и домашно и увезено
Труење за тебе, ние ќе сме лекот, ние
Што сме векот твој, оти најдобро ти ја знаеме
Историјата на болката, ние ненаспаните
Но неуморни, умни и остарени, но како деца
Чедни што ти се радуваме
На секој знак на будење од коми и мори, од комори
Древни и современи. Со тебе сме, за тебе сме,
МАКЕДОНИЈО, ТЕ САКАМЕ!!!

РАКОПИСОТ ОД ВАТИКАН Ц-152 ОД 16 ВЕК И ЛЕКСИКОН НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК Од Воденка

Ела моиа паригорие

Да те целвам вустата

Како овоштие ме мирисет

Сро то Роди Крушата

Тако ти виснело Бога,
Не ми везми душата

Што си Лепа ...

Дојди моја утехо,

Да ти бакнам усните

Ко овошје ми мирисаат

Што го роди крушата

Ако за Бога Семоќен знаеш,

Не ми земај душата
Толку си убава ...

Извор: "Македонски лексикон од 16-ти век од н.е., Институт за словенски студии во Париз, 1958 година, Ед: Чиро Гианели, професор на Универзитетот во Рим, во соработка со Андре Ваилан, професор на Колеџот на Франција и на училиште за напредни студии.

Песната (на лево) не е снимена на ниту еден диск, ниту ќе ја слушнете на некој фестивал, ниту, пак, е запишана во било која збирка на македонски народни песни. Неверојатно но вистинито, таа е напишана на маргините на една страница од еден ракопис од 16-тиот век; веднаш до текстот на две комедии од Аристофан, плус верзија на Генадиј Сколариј. Сето тоа го сочинува ракописот Ц-152 од Централната Библиотека на Свети Петар во Рим!

Овој ракопис бил дониран заедно со шест други на базиликата на Свети Петар од висок великодостојник на Православната Црква, Силвестрос, Мега Протесингело (Канцелар), на Патријархијата во Ерусалим. Секој од седумте тома имаат на последната страница идентична посвета: „Оваа книга си ја посветувам себеси, скромниот Силвестрос, Великиот протосингелос од Ерусалим, на Светиот Свети Петар во Светиот Рим ... По сопствена волја и мнение јас ја дарувам на Свети Петар за славата на Отецот и Синот, и Светиот Дух: ROCE, zrkz." Се верува дека кодот „ROCE" се однесува на на годината 1620, н.е.; додека терминот „zrkz" се однесува на година 7127, сметано од создавањето на светот, според првата книга од Стариот завет - Постанок.

Врз основа на доказите, најверојатно Стилианос еден убав ден во 1620 година решил да стане Римо-Католик. Затоа отпатувал во Рим и бил повторно крстен Силвестрос. Тој му подарил на Ватикан седум скапоцени ракописи од Источната Црква, како гест на добра волја.

Најверојатен одговор на прашањето како овие ракописи дошле во негови раце е дека тој ги украл, или ги „ослободил". Јасно е дека првите шест ракописи се земени од библиотеките на Светиот Гроб во Ерусалим. Но оној со ознака „Ц-152" е различен, и е јасно дека потекнува од друго место. Постојат некои интересни особености во врска со ракописот Ц-152. На пример, на страница 213, читаме: „Овие книги и правила беа купени преку Светиот Гроб, од страна на Светиот Блажен Калуѓер Силвестро и Протосингело на Ерусалим, во годината 1620, месец јули 11ти." Но, на истата страница, во делот за Генадиј Сколарис , исто така, читаме :„... напишано е од мене, грешник и најмал меѓу свештениците Ггиоу, домаќин на Светата Архиепископија Погоиани и кој го чита ова, нека се моли за мене на Бога." Исто така на страница 191, читаме: „Во слава на Бога, 1620, месец јуни, 14, Ггиос, свештеник и домаќин на Погоиани".

Еве како оваа приказна најверојатно се одвивала: Стилианос Силвестрос го започнал своето патување од Ерусалим до Рим во зимата 1620 год. Во летото истата година, тој пристигнал во манастирот Погониани во Епир, северозападна Грција. Таму тој го открил скапоцениот ракопис, сега означен како Ц-152. Тој забележал текст на две комедии од Аристофан и Теогени од Хесиод, и заклучил дека се од непроценлива вредност.

Ггинос е изведен поим од Џин, или Џон (Јован), на албански јазик. Така, можеме да заклучиме дека Силвестрос убедил албански свештеник по име Ггиос да ископира верзија на Генадиј Сколарис За верата на христијаните на бројните празни страници на крајот од ракописот. Силвестрос потоа го запрашал Ггиос да го откупи оваа дело, во име на Светиот Гроб. Подоцна, сепак, тој ќе додаде со свој ракопис „...(Светиот Гроб) на Свети Петар “.

Потоа, Силвестрос отпатувал од Епир во Рим, каде преминал во Католичка вера. Како знак на добра волја, тој ги подарил ракописот на Ватикан, заедно со другите шест ракописи, напишани на старогрчки.

Но,како сето тоа е поврзано со Македонија? Андре Мазон и Андре Вајан се најпознатите слависти на 19-тиот и 20-тиот век, специјализирани за јужнословенски јазици и дијалекти, и тие ја препознаваат важноста на напишаното во овој ракопис. Всушност, Вајан заклучува дека импликациите од ракописот Ц-152 се огромни, од најмалку три причини:

1. На маргините на страниците, покрај песната спомната на почетокот на овој натпис, и покрај другите текстови, евидентирани се и 300 други фрази, зборови и стихови, кои претставуваат лексички материјал од непроценлива вредност по однос на говорниот јазик од страна на Македонците од пред четири века.

2. Сите овие фрази и песни се запишани од страна на некој кој ги учел децата грчки јазик, користеќи записи од Аристофан во областа на Вогатсико, Костур (Костурско), во периодот 1580-1600.

3. За возврат, истиот побарал од неговите студенти да го учат на нивниот мајчин македонски јазик, што тој го запишал како лексикон, на задната страна од овој ракопис!

Современите грчки историчари и новинари од оваа област тврдат дека „уште од античките времиња, грчки и само грчкиот јазик е зборуван во Вогатсико“. Што се однесува до современите Грци, се плашиме дека може да го распнат А. Вајан штом се осмелил да се сомнева во античкото потекло на оваа земја. Но, фактите зборуваат за себе.

Според Вајан, сите македонски записи во лексиконот се напишани со калиграфски и правописни грчки букви, за кои под или покрај секое внесување, соодветната дефиниција е дадена на грчки. Значи употребниот грчки дијалект го покажува епирското потекло на авторот.

На пример, на 12-та страница од ракописот е запишана македонската реченица „Од која страна да појдеме во Богкаско? “што би било разумно прашањето за млад Епирец кој е во западна Македонија. Епир лежи на најмалку сто километри оддалеченост од планината Пиндос, која мора да се присетиме била речиси непроодна во далечната 1580г. Овој израз, исто така, дава корисни информации за потеклото на топонимот „Вогатсикон“.

Друга интересна карактеристика на лексиконот се еротските изрази кои се издвојуваат. Еден од нив е: „Ела леги покре мене“, што значи: „ Дојди легни покрај мене.“ Овие изрази ги искажуваат љубовните интереси на младиот епирски учител за локалните македонски девојки во градот.

ИГОР ТАЛЕВСКИ,

Истражување на убавините на македонските планини

Од Мартин Анастасовски

Екотуризмот е една мошне интересна област која има голем потенцијал за растеж на македонската економија. Разумната оддалеченост од многуте поголеми европски градови и големите површини, благословеноста со недопрена дивина се предности кои според многумина на Македонија треба да и' овозможат добра иднина во сферата на екотуризмот. Кореспондентот на Гласот на ОМД Мартин Анастасовски имаше можност да зборува со алпинистот Игор Талевски.

МА: Игор, од кога се занимаваш со планинарење?

ИТ: Дел од моето семејство потекнува од Богомила и уште од мал таму ги поминував летните распусти. Зјапав во Јакупица и во врвот Солунска Глава и сонував како се искачувам по оваа планина. Затоа што бев малечок за да стигнам до таму сам одев до блиските ридови и таму си играв со часови. Исто така пораснав во скопска населба која е многу блиску до Водно. Тоа ми овозможи да одам таму често со другарите. Значи уште од мали години кај мене се створи навика да поминувам време во природа и по планини што е можно повеќе. Како последица на ова кај мене се јави страст за алпинизам во 1998 година. Се приклучив на планинарски клуб кој организираше тури на повисоки планини во Македонија. Ова го правев во секоја дадена шанса, подоцна заедно и со жена ми Весна и пријателите. Во последниве години обично сме насочени кон повисоки планини и врвови кои си бараат солидно искуство и особини за искачување.

МА: Какви природни локации нуди македонија за овој спорт?

ИТ: Две третини од површината на Македонија е планинска земја и не е чудо што во било кое време од годината ќе сретнете осамени планинари на некоја од планините. Нашиот народ одсекогаш бил привржан кон планините-во нив има нешто што мора да се доживее. Некои локации се добри за лето, а некои се зимски убавини со алпски врвови и стази за скијање. Некои од местата кои морам да ги споменам се Матка, Демир Капија и Солунска Глава. Овие места нудат вертикални карпи од 150 до 600 метри со неверојатни облици за искачување. Во Прилеп и на Шара има масивни гранитни карпи за „болдеринг" и исто ќе ја додадам и Патишка Река со нејзините замрзнати водопади. Ова е само мал дел од планинарската понуда на Македонија. Сеуште не сме откриле ниту половина од тоа што го нуди нашата земја.

МА: Какви доблести има во планинарењето и пешачењето во природа? Стануваме ли подобри луѓе со тоа?

ИТ: Најочигледната добрина е да се биде во природа каде воздухот е чист, пределите ви ги одмораат очите и се' наоколу е потонато во мир Тоа е највозвишен начин да ги наполните батериите кои ви се празнат во градскиот живот, гужвата на улиците и загадувањето. Природата знае да биде дарежлива и нуди незаборавни искуства кои се инспиративни и не' полнат со живот. гужвата на улиците и загадувањето. Природата знае да биде дарежлива и нуди незаборавни искуства кои се инспиративни и не полнат со живот. Дали стануваме подобри луѓе поради ова? Да и не. Сите мораме да трагаме по таа доблест за да ја заслужиме. Еден американски аплинист има речено: „Како се стига до врвот на светот? – Со искачување на планините кои се во нас: планините од страв, љубомора, сомнеж..." Така мислам сите имаме различни начини за наоѓање мир и добрина. Кога планинариме и поминуваме време во природа дефинитивно не' доближува до таа цел.

МА: Дали во македонија има интерес за планинарење?

ИТ: Оваа традиција во Македонија е стара многу векови а сиве овие планини околу нас го прават тоа на дофат на рака. Првите официјални клубови потекнуваат уште од 1920 година. Нивните членови не само што искачувале планини туку и истражувале пештери, скијале, вежбале спасувачки мисии.

Организирањето планинарење го достигнува своето златно време во 1950. Се има случено домот Чемпрес на Јакупица да си има работа со 1500 планинари од еднаш. Биле потребни 250 додатни шатори за да се обезбеди легло за сите. Според еден документ од 1986 во Македонија имало 120 друштва со над 30000 членови. Денес планинарењето не е толку масовно како порано, но сепак има доволно интерес. Верувам дека ќе стане повеќе популарно ако има повеќе информации во врска со врвови, патеки, планинарски домови, насоки за карпесто искачување, ски-терени и така натаму. Во секој случај луѓето мораат да стекнат етика на планинарските спортови бидејќи не би сакале да ги загрозиме нашите планини или пак луѓето кои се на нив.

МА: Што може да направат власта или локалните самоуправи за да се створи интерес за овој спорт?

ИТ: Можам да зборувам само во име на аплинизмот, но сигурен сум дека ова важи и за останатите планински спортови. Најпрво, државата треба да се запознае со тоа што го правиме. Политичарите мораат да вработуваат соодветен кадар за соодветното работно место. Тоа значи дека секој спорт треба да биде помогнат од професионалци кои ќе го хранат неговото растење и успех. Ние мислиме дека власта не ги смета планинарењето или аплинизмот како спорт затоа што не им делува дека овие имаат натпреварувачки дух. Треба да погледнат подобро за да ги препознаат вредностите на овие спортови. Во минатото алпинистите биле одликувани од нивните држави, биле признавани како народни херои затоа што остварiле некои опасни експедиции. Олимписките комитети на алпинистите им доделувале почесни медали. Ние не бараме ниту една од овие работи. Само сакаме власта да го разбере она што го работиме со цел да може да преземе соодветни иницијативи за поддршка на овој спорт.

МА: Кои места би им ги препорачал на луѓето што ја посетуваат Македонија? Сподели за нас некој скриен рај за оние кои уживаат во природата?

ИТ: Најискрено, не можам да кажам дека си ја познавам земјата баш најдобро од проста причина што има толку многу места кои не се истражени или се непознати. Затоа можам да споделам места кои лично сум ги посетил: Матка, Солунска Глава, Бистра, Пелистер, делови на Шар Планина. На пример, не сум посетил многу планини во источниот дел од земјата и треба да се засрамам заради тоа. Без разлика, кога и да тргнеме во авантура секогаш сме занемени од убавината и мистериозноста на тие предели. Ги канам сите да ја посетат и да ја истражат Македонија. Искрено чувствувам дека секој предел има моќ во патникот да разбуди радост и чувство на исполнетост.

ГОСПОД И МАКЕДОНЕЦОТ ВО НАС

Од Панде Манојлов

Честопати, како писател и поет, како дар даден од Бога, навлегувам во мистицизам. Ги бодрам преку молитва пустинските монаси, отелотворувајќи ги даровите кои ни ги дал Господ. Треба да напоменам дека не сум многу засегнат со црквата, ниту пак со работи поврзани со неа. Како и многумина други пријатели Македонци, јас живеам со Господ во мене и давам сé од себе за да се приржувам на божјите завети. Господ е моето лирско искуство, кое е фузија од религиозното и естетското. Ова може да се искаже и со пофилосовски жаргон: јас живеам со Господ во мене и давам сé од себе за да се приржувам на Божјите завети.

Господ е и во мојот македонизам. И молитвата која доаѓа од срцето искажана преку поетските стихови не е молитва во буквална смисла на зборот. Таа не е посветена на некое апстрактно божество, туку на Исус Христос и на Божјата Мајка. Црквата пак, ја гледам како Божји храм, место кое нуди мир како небото, место за молитва каде може да се исчисти душата.

Марксистичките предавања нé учеа дека црквата мора да биде одделена од државата и наметнуваа различни принципи за да го оттгрнат вниманието на народот подалеку од црквата. Дали како последица од овој разврат ние сме толку незаинтересирани за она што се случува во нашата Македонска Православна Црква? Ние, обичните смртници, како и Владата во Македонија, не знаеме што се случува. Можеби бараме оправдувања за да не се постават прашања околу работењето на

црквата, во страв дека можеби би се замешале во Божјите дела, или во царството на црквата и црковниот живот. Во секој случај, Владата се однесува како да не ѝ е грижа.

Згора на тоа, читаме и слушаме дека нашите луѓе се жалат дека нешто темно се случува во нашата Македонска Православна Црква во Австралија. Нешто темно се случува и овде во Македонија. Случајот со гробиштата во Кавадарци, зградата на нелегален храм на Православната Охридска Архиепископија, подоцна завземен од страна на озлогласениот Вранишковски. Да, тоа се случува со години, а битолските свештеници молчеа и се однесуваа како сé да е во ред. Додека нашиот народ беше тивок, некои други беа зафатени со градење на црква во црква.

Украдени се икони од нашата црква, икони од непроценлива вредност за нашата национална култура и идентитет. Некои поставуваат прашања, а оние кои им ги должат одговорите молчат. Господ и нашата црква, нашата верба во Македонија мора да се издигне на ниво на религија. Овој израз можеби не е литургиски, ниту пак користен во црквата. Сепак, тој мора да блесне со светлина како од црквен топ, како етнографија на секој Македонец, како аскетска поговорка која ќе нé води денес и во мрачното утре.

Со потребата која се должи на нашето постоење, мора да ја признаеме блиската поврзаност Господ – Човек – Татковина. Стануваме помногубројни ние Македонците кои веруваме во Господ, но, повеќе во Господ, а помалку во татковината? За време на изборите и по изборите, дали некој се обидува да го убие македонското во нас?

Од одредени причини, ние молчиме исто како што молчевме за неправдите во нашата света црква. Своеволно или не, свесно или несвесно, еден ден, секој од нас во Австралија или овде во Македонија, ќе може да пронајде свој храм на утеха, бидејќи ние повеќе не смееме да толерираме како нашите свештеници се однесуваат кон нашите храмови. Дали е потребно да бегаме од тоа? Дали треба да бидеме тивки или ни е потребна света светлина? Каде да го бараме внатрешниот мир?

Мирот и тишината му се потребни на секое човечко битие. Душевниот мир ни е особено потребен на нас Македонците денес, бидејќи секојдневно некој го негира нашето постоење како народ, како држава и како црква. А сите тие ни се потребни, исто како што ни е потребен Господ. Нам ни е потребно да останеме народ, потребна ни е држава и потребна ни е црква.

НАСТАН ЗА СОБИРАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ПОДДРШКА НА ЕДУКАТИВНОТО И КУЛТУРНО ДВИЖЕЊЕ ВО ВОДЕН

Од Марк Бранов

На 20 мај 2011 година, околу 250 претставници на македонската заедница од Торонто се собраа за да соберат средства за едукативното и културно движење во Воден Беше многу пријатна вечер каде што се имаше можност да се научи нешто повеќе за активностите на оваа организација во Егејска Македонија и можност за заеднички ручек и средби со стари пријатели.

Едукативното и културно движење во Воден (Едеса, Северна Грција) има јасен мандат. Локалните жители во овој историски град го формирале поради љубовта кон нивните фамилијарни традиции, кои се дел од богатата етничка македонска култура, која пак е официјално обесправена од грчката влада.

Со целосно неполитичка агенда, групата од Воден работи со цел да изгради партнерство со слични организации од сите делови на Македонија и пошироко, како и да ја нагласи македонската културна изразитост од другите земји од регионот.

Една голема иницијатива е да се сними традиционалниот фолклор и уметничкиот израз, кој може лесно да исчезне во Грција, каде што официјално непризнаениот македонски јазик е активно загрозен од државата. Оваа ценета уметничка работа вклучува традиционална музика, песни и игри, како и традиција на усно прераскажувани приказни и стари бајки пренесувани од дедовци на внуци. Групата исто така ги помага и гостувањата на македонски уметници во Грција, кои обично немаат средства да ја прикажат својата уметност и организира бесплатни часови по македонски јазик за луѓето кои сакаат да читаат, пишуваат, зборуваат и подобро да го разбираат јазикот на нивните предци.

И покрај постојаната опасност од обвинувања од страна на екстремистички групи, патриотите од Воден се задолжија да ги заштитуваат нивните културни обичаи и наследство, за да можат да се пренесат на наредната генерација. Оваа група исто така периодично објавува магазин кој се вика Задруга и нуди интернет радио станица со македонска музика.

За повеќе информации Ве молиме посетете ги на: http://edessavoden.gr

НИ НА ЗЕМЈА НИ НА НЕБО

Попатна средба со една печалбарска душа на Широк Сокак во Битола

Од Панде Манојлов

Битола и познатиот битолски Широк Сокак, или, поточно, битолското корзо, летово врие од народ. Како цела Битола да се слеала во оваа улица по која чекорел Евлија Челебија, Решад Петти, Дамјан Груев, Ќемал Ататурк, Крсте Петков Мисирков, рускиот конзул Ростковски, убавите битолски дами, познатите битолски фудули... Се зборува на македонски јазик, на англиски, шведски но често и на турски јазик од страна на бројните туристи дојдени од Турција. Но, навечер, во вечерните часови најбројни се нашите Австралијани, постарите си зборуваат на дијалектот што си го понеле од стари крај, а помладите претежно на англиски, со тук-там по некое македонско зборче колку да кажат дека корените им се од тука...

Се среќаваат "тукашните" битолчани со оние "прогонетите" битолчани, а средбите се болни исполнети со крвави солзи низ кои, како река навираат спомените од минатото. Од солзи, минути-вечност ниту збор не можат да проговорат браќата, побратимите, пријателите, вечност не видени...

Следат прашања за здравјето, за фамилиите, дали е жив тој и тој, нашинецот, познатиот... А потоа, како живеете вие Македонците во Македонија, а како вие во Австралија... И, крк-мрк, почнува лаф-муабетот, леење на спомените, на судбините тукашни и отаде Океанот.

Точно на ден Петровден, квечерум, во миговите кога се пушта музиката на фонтаната до споменикот на Филип Македонецот, качен на коњ (а битолските мајтапчии веднаш му го дадоа прекарот Филипче), седиме со Душан Ристевски, нашинец, поет и писател, дојден од Сиднеј, од Австралија со Австралиско –македонскиот театар за да ни ја прикажат прекрасната театарска претстава "Мистер Балкан". Седиме во кафеаната на Кире Попо, повратник од Мелбурн, кој одлучил да отвори во Битола кафеана, да ги вложи тешко спечалените пари работејќи по две смени во Австралија.

Го прашувам Душана, како го пречекаа него и неговиот сиднејски театар во Македонија. Уште солзи што не му протекоа. Не сакаше да зборува колку ги сајдисаа нашинците, „големите Македонци" од Македонија. Онеме. Ни збор

не проговори за „големиот" пречек, а само со каква ли љубов доаѓаа да се претстават во вистинското светло, тука во нивната родна, прататковина Македонија! Ни благодарница не им дадоа... А колку нашинци и наши театри пречекале во Сиднеј, во Мелбурн...

-А, вие,- ме прашува Душан,- зошто на споменикот на македонскиот крал Филип, на основачот на Хераклеја, не напишавте на постаментот кој е тој? Зошто не му го напишавте името? Зошто на Споменикот на македонските бранители поставен пред Саат кулата, сте напишале дека тие загинале? За кој загинале и за што? Или, туку – така загинале в шума, не го знаеле патот кај Вејце? Зошто не напишавте дека загинаа за слободата на Македонија, во војната со албанските банди во 2001 година?

Онемев. Пеплосав. Споменици во спомен на некакви спомени а поставени сред Битола.

Нити Австралиско-македонскиот театар од Сиднеј го сајдисавме, нити хероите со поставените споменици ги сајдисавме...

Македонски резил над резилите сред Македонија а се бориме за име, за идетитет... Кој се бори? Или, се јадеме еден со друг, намерно или ненамерно редиме резил над резил?

Прашува еден наш Астралијанец од соседната маса:

-Каде, се бе, пријателе селаните на Мас Пазар со своите производи? Зошто тезгите се сите на препродавачи? Зарем со тоа не ги дозапуствите селата, зарем не гледате дека сите млади сакаат како ние, некогаш во комунизмот, усвет да фатат?

Пак онемев.

Не успеав пријателот да го прашам како живее таму, во Австралија и за каква Македонија се бори тој и сите Македонци таму, кога ние, тукашните Македонци не знаеме дали живееме на земја или на небо... А како битолчани, познати фудули, само знаеме да се чукаме в гради со некоја Битола на клавирите, град на конзулите, притоа, заборавајќи ги нашинците раселени по белата дуња, исто како што заборавивме да му го напишиме на споменикот името на Филипа, на таткото на Александар Македонски...

ВО ЦЕНТАР НА ВНИМАНИЕ:

Награди за најдобриот промотер на Македонија

Од Стен Пигон

Во март 2011 година, во Музејот на град Скопје, се одржа финалната церемонија надосегашнитепрвиНаградизанајдобар промотор на Македонија. Организаторите беа пријатно изненадени од големиот успех на овој настан, кој беше проследен со значителна медиумска покриеност како од македонските, така и од медиумите од соседните држави. На настанот им беше оддадена почит на шест лауреати за 2010 година, а исто така беа прославени и достигнувањата на сите 28 учесници со доделување на дипломи и медали.

Всушност, овој настан спонтано се претвори во манифестација на љубов и поддршка на Македонија и Македонската кауза, а силната поддршка за Македонија која денес ја покажаа граѓаните, славните личности и медиумите од различни политички ориентации предизвикуваа топлина во душата. Гласањето беше важно, но уште поважно е што во трите месеци пред церемонијата, беше создадена нова традиција и кругот на пријатели на Македонија беше засилен. Со овој проект сите победуваме!

Во септември 2010 година, на авторите на MacedoniaLovesYou.com, на третата годишница на сајтот, им беше доделен фантастичен подарок – изненадување од пријатели. Тоа беше медал, специјално дизајниран и рачно изработен во Скопје. Тоа беше она што ја инспирираше оваа нова награда, која дојде до нас преку чаша македонски Вранец, во еден од добрите ресторани во Дебар Маало. Зошто да не го споделиме тоа со другите? Има толку многу фантастични промотори низ светот, кои ја чуваат Македонија во нивните срца, а исто така ги инспирираат и останатите да ја изразат својата љубов.

Најдобриот промотор на Република Македонија дебитираше на 21ви октомври 2010 година. Гласањето започна на Facebook на 15ти ноември и проектот уживаше силна поддршка и на интернет и во македонските медиуми. Беа регистрирани преку 6100 гласачи, но бројката не може да го ослика огромниот ентузијазам и позитивната енергија која притоа беше генерирана. На тој начин, Наградите навистина ги собраа луѓето на едно место. Номинираните

се поддржуваа меѓусебно, ги разменуваа нивните гледишта и ги споделуваа нивните искуства во промовирањето на Македонија. Во декември се одржа ден на online поромотори. Секој ден беше претставено постигнувањето на еден од промоторите. Всушност, наградата претставува многу повеќе од гласање. Таа е време за славење, простор за поврзување и на некој начин online фестивал за поддршка на Македонија.

Секој од овие 28 фантастични промотори ја поддржуваат Македонија на најдобриот можен начин. Тие доаѓаат од различни животни патишта, македонски и странски, но сите тие го делат истиот ентузијазам и истата цел. Тие пишуваат книги и песни, тие ги одржуваат македонските традиции, тие пишуваат блогови и дизајнираат веб страни. Тие организираат едукативни тури и собираат средства за медицинска опрема, тие го штитат и го шират македонското културно наследство. Тие се амбасадори на добрата волја на земјата: уметниците, спортистите...но исто така и бизнис консултантите, кои го поддржуваат и промовираат извозот и претприемништвото. Наградата гордо ги претстави сите нив...Неколку стотици линкови и стории беа поставени на Facebook страната за сите да можат да ги видат. За скоро три месеци, Наградата ги нагласи постигнувањата на номинираните, но истовремено, таа го привлече и вниманието кон

важните аспекти на промоцијата на Македонија. Постојат толку многу различни начини на кои секој може да ја поддржи земјата.

Организаторите на Наградите беа пресрекни да ги видат претставниците на Македонската Дијаспора на листата на номинираните, кои дејствуваат и локално и глобално. Тие ја искажуваат на глас својата загриженост за интересите на земјата на различни места, но, што е најважно, тие продолжуваат да ги шират македонските традиции и да го ценат својот јазик. На веб сајтот на Македонците во Албанија, има слика од младо момче. Тоа стои пред мала табла во импровизирана училница и гордо гледа во реченицата што ја има напишано на македонски јазик, јазикот на неговите претци. Неговото лице зрачи со позитивна енергија и очигледно е дека тој е среќен што има можност подобро да го научи македонскиот јазик, јазикот на неговите родители, дедовци и прадедовци... Тажно, во времето кога сликата беше објавена, се пробија не толку среќни вести за тешкотиите со кои беа соочени македонските наставници во Голо Брдо, што уште повеќе го зголеми нејзиното значење.

Наградата за најдобриот промотор на Македонија беше иницијализирана во 2010 година од страна на проектот Macedonia Loves You. Таа беше во коорганизација на Нова Македонија и поддржана од Канал 5 и медиумската група Капитал, како медиумски партнери. Наградата за 2011 година повторно ќе биде организирана како приватна иницијатива од страна на проектот Macedonia Loves You. Нова Македонија, медиумската група Капитал и Канал 5 телевизија ќе го продолжат нивното медиумско партнерство и ќе бидат коорганизатори на натпреварот. Медиумска поддршка досега имаат изразено МИА, МРТ, ОМД Глас Магазин, ФОРУМ и LIFE Магазините, а останува отворен повикот за другите заинтересирани медиумски партнери. Наградата расне, а организаторите се надеваат дека во иднина таа ќе стане поинституционализирана, можеби со фондација, или невладина институција која би била основана во Скопје.

Организаторите ги повикуваат сите да се придружат на номинациите и гласањето за Наградата за 2011 година. Информација за Наградата е достапна во специјалната секција од www.macedonialovesyou.com, како и на Facebook на следниот линк: https://www.facebook.com/home.php?ref=hp#!/Macedonia.BestPromoterAward. Номинацијата и гласањето ќе биде на крајот од годината, но активностите за проектот на Наградата се во тек преку целата година. Пред Велигден, беше одржан првиот online фестивал на македонската поезија, посветен на членовите на Европскиот Парламент, кои примија оригинални македонски поеми во нивните поштенски сандачиња. Facebook страната нуди информации за промотивните настани и се ажурира неколку пати во неделата. Коментари и предлози се добредојдени на email адресата на Наградата: nagradata@macedonialovesyou.com. Најновите вести може да се следат и на Twitter: Best Promoter MK @ nagradata. Номинациите за Наградата за 2011 година ке започнат на 14ти септември.

ЛИСТА НА НОМИНИРАНИ

1. Горан АТАНАСОВСКИ, проектот „Травел ту Македониа“
2. Б.А.Л. тим, „Студио за модерни танци – Брејк а лег/Скрши нога“
3. Стевче ДОНЕВСКИ, промотор од Кратово
4. Виктор ФРИДМАН, лингвист, професор на Универзитетот во Чикаго
5. Филип ГОРШЕВСКИ, доктор по медицина
6. Гордана ЈАНАКИЕСКА, креатор и аниматор на проектот „Крале Марко“
7. Зоја НАСКОВА, проект „Образовни тури“
8. Благој НАЦОСКИ, оперски тенор
9. Васко МАРКОСКИ, проектот „Фри тајм гајд Македониа“
10. Фабијан ВЕНДРИГ, промотор на Македонија од Холандија
11. Тим „Чудесна Македонија“, Македонска фотоколекција на Фејсбук
12. Весна ПАЛМЕР, проектот „Македонска мисија за хуманост“
13. Мето КОЛОСКИ, претседател на Обединетата македонска дијаспора
14. Никола ЃУРЃАЈ, претседател на македонското друштво „Илинден“ од Тирана
15. Шенол МЕМИШ, претседател на македонско-турското здружение „Мустафа Кемал Ататурк“-Битола
16. Василка ДИМИТРОВСКА, археолог, блогер, истражувач, туристички водич
17. Горан БОШКОВСКИ, копаничар
18. Билјана ИВАНОВСКА, проектот „Македонски водич“
19. Регина ИКОНОМОВСКА, ТВ АБ Канал, автор на серијалот на серијалот „Чудесна земја“
20. Весна СОКОЛОВСКА, „КРУГ проект“, Лондон
21. Нико ТРАЈКО, промотор од Мала Преспа, уредник на ТВ Кристал
22. Патрис КЕРПЕР, промотор од САД, волонтер во Мировниот корпус
23. Билјана ШКОРТОВА, Мис Интерконтинентал
24. Тим МАКЕДОНИЈА ЕКСПОРТ, промотори на извоз
25. Златко, Маријана и Мишела ДИМОСКИ, златен македонски карате- тим
26. Тим ЕТНОКРЕАТИВ, промотори на македонскиот фолклор и традиција
27. Тони ГРЧЕВСКИ, Здружението МАКЕДОНИУМ во Белград
28. Дарко ГАВРОВСКИ, промотор од Тетово

ИЗВЕШТАЈ ОД ЕГЕЈОТ:

”Изберете ја Вашата реалност”

Од Воденка

Во грчкиот политички систем како и во манипулативните водечки медиуми, скоро е невозможно за малцинските групи како што се Македонците и Турците да земат било какво учество во донесувањето државни одлуки, па дури и во локалните административни власти каде би се заложиле за нивните човекови и етнички малцински права. Малцинските групи секако се најмалку одговорни за сегашната политичка и економска криза во Грција, но ги плаќаат последиците од оваа политика, можеби и повеќе од нивните грчки сограѓани, заради нивниот подреден статус внатре во грчката држава.

Во неговиот прилог, Виртуелната реалност на грчката политика, грчкиот новинар Фотис Георгелес, ја сумира атмосферата во државата со голема елоквентност. Тој почнува:

„..Како што стојам во редот пред касиерот, чекајќи да платам, не можам а да не го чујам дијалогот на моите сограѓани од Грчката Република, на пример:„Ајде човеку, сигурно нема да не’ натераат да излеземе од Европа. Најпосле, тие сакаат ние да им должиме, ние сме им најдобрите потрошувачи.” Дали се луѓето виновни, што размислуваат на ваков начин?

Истиот ден, во најголемиот весник, прочитав неверојатни зборови:„Американскиот фактор притиска за заемот, за да продолжи со прислушкувањето на државата”. Сфати? Тие треба да бараат прошка од нас, бидејќи тие ни’ позајмуваа толку многу пари! Понатака, новиот пратеник од демократската Партија Стаматис открива завера преку НЕТ државниот сервис, дека треба да ги земеме во обзир про-Турските ставови на Комесарот Оли Рен.

Оваа држава постигна виртуелна реалност, дури и вон интернет. Живее „втор живот”. Тука е една реалност, споделена од 27-те земји членки на Европската Унија, сите влади и остатокот на планетата.Тука е и грчката реалност. Така изберете ја вашата реалност. Но откако ќе изберете и понатака стои: „нема конекција...”

Нема кусок од теории на заговори зошто ситуацијата во Грција е таква каква што

е и повеќето од нив се во боја и повеќе имагинативни од што треба. Конспирацискатa култура на државата многу им одговара на моќните структури во Атина, зашто без разлика на се’, вината за било какво погрешно работење се одбива од грчката држава:

“...За една декада, успеавме, од примарно ниво на вишок во државниот буџет од 5 % во 1999, да постигнеме дефицит од 10 % во 2009... дефицитот отиде на 4.5 милијарди во 2007,11.5 милијарди во 2008 и 24 милијарди во 2009. Тоа е без камати! Со камати стигнува до 36 милијарди. Што се случува оваа година? Како да се вратиме назад, да ги стопираме загубите и кражбите?

Никој не одговара на тоа прашање, само испукуваат „отпор кон ММФ. Во реалноста на остатокот на планетата Земја, Грција не ги спроведува потребните реформи. Не се придржува кон ЕУ/ММФ програмите и не го намалува државниот долг. Во реалноста во Грција, ние ја обвинуваме владата за спроведување на „меморандум на надворешните владетели”. Во меѓувреме неверојатниот естаблишмент во грчките медиуми ги обвинува двете страни, симултано.. Делејќи луѓето по погрешна дилема на про-меморандум/анти меморандум, без консензус и без критички настроени (опозициони) медиуми, го подготвуваат мследниот премиер за драхмата. Другите ја опишуваат провокативната интервенција на странците. ТВ водител обземен од бес, говори дека наводно странците сакаат да ја суспендираат опозицијата. Дали Европската Комисија сака да ја суспендира опозицијата?

Но вистинската опозиција во оваа земја е претставувана од Пол Томсен од ММФ, тој не е ниту Грк. Тој е единствениот кој вели дека не е возможно секогаш исти луѓе да го носат товарот на претераната државна

задолженост. Неа Демократиа и ПАСОК, и двете партии се ангажирани во конзистентна про-владина политика. Владата на ПАСОК јавно се сложува со триото (ММФ, Европската централна банка и ЕУ) околу плановите за спас, но не ги применува тие планови. Така наречената опозиција на Неа Демократиа го допушта владинато неспроведување. Таа игра се игра веќе година, со лажни контрасти, технички тензии и тајни договори и се нарекува: „внатрешна редистрибуција на долгот. Тие одбија да се мешаат со носечкиот механизам на изборните клиентели на политичките партии и тогаш се обидоа да ја трансферираат сметката кон приватниот сектор и младите луѓе. Тие не ја допираат државната и јавна администрација, нивниот приход, нувниот приход и осигурителните бенефити, нити пак нивните сектори, агенции, организации, комитети, административни тела, патните налози, членски надокнади, компензации и субвенции. Наместо тоа, тие ја оставаат следната генерација без работа, без осигурителни фондови, додека илјадници приватни бизниси се даваат. Обединувањето на политичкиот систем работи за да го заштити нивниот „дуќан", иако тоа значи банкрот на државата!

Како што е опишано овде, Грчката Република не функционира, ниту пак некогаш функционирала. На најважните прашања со кои се соочува државата, нема вистинска опозиција, независно кој е на власт. ПАСОК и Неа Демократиа споделуваат неприродна врска, секоја покривајќи ја другата, додека манипулираат со чувствата на граѓаните и држејќи ги нив во темнина за многу економски прашања - и прашањето за малцинствата не е поинакво. Георгелес продолжува:

„Со заеднички напори на сите партии се креира чувство на дезориентација и пореметување, тие едноставно се кријат зад реалноста. Ги збунуваат граѓаните со лажни дилеми, историевмено успевајќи да се извлечат од истите. Мнозинството во општеството гледа наклоно на реформите: во политиката, во синдикатите и во водечките медии, но вистинската реформа наметната во работата е надбројна. Европската Заедница не сака да ја суспендира опозицијата, всушност го сака спротивното. Сака да ги тргне дилемите кај луѓето и да го сруши тајниот би-партизански консензус."

Јасно е дека околу најголемите економски



прашања во земјата, нема реална разлика помеѓу владата на ПАСОК и владата на Неа Демократиа. Па така, што демократија е ова? Георгелес се задлабочува во клучниот психолошки аспект на проблемот и срцевината на работата:

„... Марија Даманаки од ПАСОК ја сумира вистинската дилема од Брисел: или ќе ја координираме нашата реалност со нашите европски партнери, или ќе продолжиме со нашата виртуелна реалност. Но, грчката реалност е некаде под Европа, блиску до Либија. Банкротирани медиуми и банкротирани партии веднаш навалија да ја нападнат Даманаки заради нејзината изјава. Овој факт самиот се разоткрива и е многу опасен. Нападот врз неа укажува дека внатре во моќните структури што ја водат земјата во банкрот се раѓа и созрева нов начин на размислување, кој се состои во следново: можноста Грција да стане земја од третиот свет, што и не е така грдо после се', ако нејзина алтернатива е Грција да стане „нормална држава" при што на плъачкосувањето ќе му дојде крај."

Ова е клучната фраза што треба да се запамети: „нормална држава". Нормална држава е држава што прибира даноци и подмирува долгови, ја планира иднината, овозможува мирно расудување, гаи демократски институции, охрабрува добри односи со соседите и сојузниците и ги почитува правата на сите граѓани, независно од нивниот социјален статус или етничко потекло. Во сето ова, Грција има големо заостанување. Георгелес заклучува:



"... Новиот начин на размислување подразбира дека естаблишментот е целосно подготвен да започне со печатење на инфлаторна драхма во Холаргос печатницата за пари, додека политичките партиски, армии' продолжуваат со намерата да го цедат општото добро. Испреплетеното претприемништво сеуште ќе ги добива нивните работи и субвенции, како и секогаш и банкротираните медиуми ќе го затскриваат своето банкротство внатре во општиот национален банкрот. Тие неискрено ќе ги искористуваат јавните земјишта, како она во Ватопеди Манастирот, ќе побаруваат фондови со сомнителни акции и со богатството акумулирано низ годините, ќе ја купат Грција за грош.

Во меѓувреме, ние останатите сигурно ќе паднеме, платите ќе бидат 200 евра и младите луѓе ќе бараат работа во Бугарија. Но, има многу што всушност се обложуваат во колапсот на земјата, скриени зад ,патриотските слогани'и однесувањето ,без-преговори'и копнеејќи за ,грчката' драхма. После дваесет месеци интензивна дебата, никој нема право да каже, јас не знаев."

ОМ Д Е НАВРЕДЕНА ОД ПОТТИКНУВАЊЕТО НА ГРЧКИОТ МИТРОПОЛИТ АНТИМОС ЗА НАСИЛСТВО ПРОТИВ МАКЕДОНЦИТЕ;

ОМД повикува на екскомуникација и кривични пријави

20 август, 2011 - Вашингтон САД - Обединетата Македонска Дијаспора ја изразува својата вознемиреност заради неделната проповед од страна на Митрополитот Антимос од Солун. Тој ја повикува грчката младина и другите да му се придружат со 40-50 автобуси, да отпатуваат во градот Овчарани (Мелити), и да ја уништат планираната радио станица на македонскиот јазик.

Сехристијанскиот екуменски патријарх Вартоломеј од Истанбул го надгледува Светиот Митрополит на „новите земји", вклучувајќи го и Солун . ОМД во писмо го повика Светиот и Духовен Синод на Цариградската Патријаршија јавно да го осуди Антимос за повикување на насилство, како и да иницира постапка за негова непосредна екскомуникацијата.

„Антимос го посрамува цело Православие и Цариградскиот патријарх и Светиот и Духовен Синод треба да го лишат од неговата титула", рече Претседателот на ОМД Методија А. Колоски. „Оваа реторика е варварска и штетна за Грција, како и за за Цариградската патријаршија и Грчката Православна Црква. Наместо да ги промовира христијанските вредности за мир, толеранцијата и заедништво, Антимос ја користи својата позиција на доверба за да ја поттикне грчката нација на етничка омраза и насилство. Говорот на Антимос како христијански лидер е целосно неприфатлив, и тој заслужува екскомуникација (бркање од Црквата). "

Во Неделата на 14 август, 2011 година, Митрополитот Антимос го изјави следново, за кое има видео запис:

"Ние имаме некои од тие кои останаа тука од Граѓанската војна, како што ние го нарекуваме тој тежок период, кој не заминаа на другата страна и останаз тука со нас ...[Тие] сега се револтирани, а се поттикнати од странство од страна на Скопската [sic] пропаганда... Тоа е причината зошто ние се обративме до Министерството за внатрешни работи и заменик-министрите одговорни за медиумите да ни' кажат: вистина ли е, дека таква радио станица ќе има во Мелити... да или не. ?Ако одговорот е да, тогаш јас, со младината и било кој друг кој сака ... [со] најмалку 40 или 50 автобуси ќе мора да одиме таму, и заедно со нашите браќа во Флорина и Мелити ќе го

уништиме сето тоа во скршени стакла и нокти... Не е можно да се заврши работата поинаку. "

И покрај номиналното водство на сехристијанскиот патријарх Вартоломеј од Истанбул, Грчката Православна Црква е заштитено со грчкиот Устав како „распространета" религија и државата плаќа за свештенството и платите и пензиите. „Употреба на свештенството од страна на грчката држава за да ги тероризира Македонците во северна Грција има долга и крвава историја. Да се навратиме на владиката Германос Каравангелис, кој нареди обезглавувања на улиците на Костур", рече уредникот на списанието ОМД Глас Марк Бранов. „Веќе подолго време е изминат рокот за грчката Православна Црква целосно да се придружи до христијанските принципи на љубовта и толеранција, а грчката држава да ги користи нејзините закони за нешто друго отколку прогонување на национални малцинства."

Денес, ОМД го повикува македонското малцинство во Мелити (Овчарани) и градоначалникот на градот, Панде Ашлаков (Панајотис Анастасијадис), како и организаторите на наведената радио станица, да покренат судски процес против Митрополитот Антимос, да побараат од Јавното обвинителство да поднесе соодветна пријава според грчкиот закон. Јавниот повик на Митрополитот Антимос на насилство е јасно прекршување на грчкиот закон, а јавниот обвинител мора да интервенира.

.....

Забелешки: Солун и Овчарани се македонските имиња на овие градови пред грчката држава насилно да ги преименува во Тесалоники и Мелити, секој посебно. Панде Ашлаков е македонското име на градоначалникот на Овчарани, меѓутоа, поради анахрони и неверојатно угнетувачка закони на грчката држава и грчката православна црква, никој не може да биде крстен во Грција без „грчко" име.

Видеото од проповедта на Митрополитот Антимос титлуван на македонски е тука: http://www.youtube.com/watch?v=1F6zDoxpbrQ
Претходни ОМД Прес материјали поврзани со Митрополитот Антимо

Претходна ОМД Прес материјали поврзани со Митрополитот Антимос:
1 април 2011: http://umdiaspora.org/content/view/554/52/
6 април 2010: http://umdiaspora.org/content/view/467/52/
7 ноември, 2007 година: http://umdiaspora.org/content/view/277/66/

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И СЛОБОДА НА МЕДИУМИТЕ

Од Амбасадор Зоран Дабик, Претставник на Република Македонија на ОБСЕ, ООН и други меѓународни организации

Од своето осамостојување Република Македонија помина и сеуште поминува низ бројни искушенија. Некои од нив се карактеристични за развојот на секоја млада демократија, некои специфични за мултуиетничките општества, а некои и уникатни, за жал сеуште цврсто врзани за битот, еманципацијата и идентитетот на македонскиот народ, олицетворени низ најразлични форми на оспорување на неговото постоење.

Во изминатите дваесет години, Република Македонија успеа да се издигне над бројните внатрешни и надворешни проблеми и цврсто да зачекори кон иреверзибилниот пат на европските и евро-атлантските интеграции, имплементирајќи го масивниот сет на демократскиот систем на вредности, каде правото да се информира и да се биде информиран е во самиот врв.

Неодамна, Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ Дуња Мијатовиќ издаде Соопштение во врска со состојбите со слободите во медиумите во Македонија. Тоа предизвика медиумски интерес во земјата.

И покрај тоа што Мисијата на ОБСЕ во Скопје е најстарата Мисија на ОБСЕ (востановена во далечната 1992 година, со цел да се спречат евентуалните прелевање на насилства од северот на земјата) и самата Организација е мошно присутна и активна, а со тоа и добро позната на речиси секој поединец во земјата, самата функција Претставник за слобода на медиумите на ОБСЕ, па и името на Претставникот беа прилично непознати на македонската јавност.

Одговорот е едноставен - немало потреба од ангажман на Претставникот, кој од името на ОБСЕ е задолжен да се грижи за слободата на новинарството. Ова е еден од најдобрите показатели дека медиумите во двете декади зад нас во Македонија секогаш биле и се слободни да ја креираат својата уредувачка политика.

По започнувањето на истражните дејствија, а потоа и покренувањето судска постапката против неколку медиумски куќи во Македонија („А1 телевизија“ и весниците „Коха е ре“, „Шпиц“ и „Време“), вниманието на Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ Дуња Мијатовиќ за прв пат почна да се насочува кон Република Македонија.

Во разговорите со неа повеќе пати имам укажувано дека во наведените случаи постојат основани сомневања за исвршени сериозни кривични дела поврзани со даночна евазија, перење пари и др. Од обврската да се плаќа данок не е изземен ниту еден правен субјект, па ниту тие што се занимаваат со медиумски активности. Основото правило на владеењето на правото е дека сите се еднакви пред законот и нема вистинска слобода во информирањето без владеење на правото и без воспоставување рамноправни односи и услови на медиумскиот пазар.

Во врска со изразената загриженост и за прашања врзани за функционирањето на Советот за Радио дифузија и Управниот одбор на Македонската радио телевизија, и прекинот на работниот однос на претседателот на независниот синдикат на новинари - Т. Чаушидис, сметам дека нејзините реакции се дадени без темелни консултации со релевантните чинители и без да бидат сочекани и земени предвид резултатите од собраниската расправа за Советот за Радиодифузија, без да се слушнат аргументите на Советот на Македонската радио и телевизија, како и аргументите на работодавачот на г-ѓа Чаушидис.

Впрочем, денеска во Република Македонија непречено функционираат речиси 200 електронски и печатени медуми, никој и не помислува да го цензурира глобалниот медиум интернетот, а во јавноста и Собранието се води транспарентна и темелна расправа за состојбите во областа на медиумите. Тоа е најдобар доказ дека слободниот проток на информации во Македонија не е и не може да биде попречен и дека процесот на демократизација на Република Македонија е неповратен процес.

Република Македонија високо го цени придонесот на ОБСЕ во демократските реформи, исто како и Претставникот за слобода на медиумите кој по дефиниција има многу одговорна улога и тешка задача. Добронамерните совети се секогаш добредојдени. Токму поради посветеноста за што поуспешно спроведување на демократските реформи и желбата во непосреден разговор да се согледаат вистинските состојби со слободата на медиумите во Македонија, министерот за надворешни работи Никола Попоски деновиве изрази подготвеност да се сретне со Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумте во Република Македонија. Транспарентноста, градењето доверба и одговорноста се начин на кој Република Македонија го изодува патот кон Европската Унија и НАТО и оваа покана само докажува дека Република Македонија нема намера да скршнува од тој пат.

ИНТЕРВЈУ СО ЛЕТКА ДИМОВСКА ПОЛИЗОВА

Од Гоце Пероски (Германија)

ГП: Вие сте диригент на женскиот камерен хор „Св. Злата Мегленска“, кој е формиран во 1996 год. при Македонската Православна Црква. Ве молам да ни објаснете која беше причината и поводот за формирањето на хорот?

ЛДП: Моите почетоци датираат уште од 1991 година, кога го формирав првиот македонски црковен хор „Св.Климент Охридски“ при Соборниот храм во Скопје, кој својот зародиш го темели врз благословот на Неговото покојно Блаженство Г.Г. Гаврил. Меѓутоа, како минуваа годините, така во мене се раѓаше потребата од нови импровизации и концепти во македонското црковно хорско пеење. Едноставно кажано, кога нешто многу го сакаш и го чувствуваш како насушна потреба, кога креативната моќ буи во тебе, тогаш несебично се вложуваш во истото, превземаш акција и основната идеа ја претвораш во дело што се вика Женски камерен хор „Св.Злата Мегленска“, при Полошко-кумановската епархија, а со благослов на митрополитот г.Кирил. Со овој хор за првпат црковните композиции ги доживеав како молитви, топли побожни пораки што носат голема емотивна возбуда.

ГП: Хорот „Св. Злата Мегленска“ ја афирмира македонската црковна музика во национални и меѓународни рамки и е прв од таков вид во Република Македонија. Со хорот успеавте на Македонија да и донесете меѓународни награди. За последните успеси на меѓународниот хорски фестивал во Грац (Австрија) ви честита и Претседателот на Република Македонија, д-р Иванов. Ве молам да ни опишете некои од Вашите најголеми успеси на меѓународно ниво.

ЛДП: Со поддршка на Министерство за култура и Министерсво за надворешни работи преку македонките амбасади, Град Скопје, црковни општини и македонски здруженија во иселеништвото, како и со подршка на голем број други помагатели, хорот „Св. Злата Мегленска“ оствари извонредно меѓународно претставување на македонска траиционална хорска музика во: Белика Британија, Франција, Италија, Словенија, Словачка, Полска, Португалиија, Хрватска, Белгија, Бугарија, Србија, Црна Гора, Грција, Германија, Швајцарија, Шведска, Авасралија, Шпанија, САД, и Австрија! Учеството на Светскиот Хорски Фестивал во Грац, како дел од Програмата за меѓународна соработка од национален интерес на Министерството за култура на РМ за 2011 година, и освоените два златни и еден сребрен медал, се во годината кога хорот го одбележува својот Јубилеј, 15 години на македонската музичка сцена. Петнаесет лета пробивање во светот, каде веќе има респектабилно место. Бројните награди и признанија го потврдуваат големиот успех на ангелските гласови кои ги кршат оклопите пред католичкиот свет кога ќе се најдеме надвор од границите на земјата. Цели 15 години овој хор силно ги афирмираше македонската култура, Македонската Православна Црква, хорското традиционално пеење и македонските автори. Со неговата успешност, Македонија стана побогата за бројни признанија и дипломи, од кои позначајни се три Гранд При – награди, девет златни, седум сребрени, и неколку бронзени.. Морам да кажам дека за секоја освоена награда сме добивале посебни честитки од разни министри, амбасадори, колеги, пријатели. Така и за успехот постигнат во јули месец оваа година во Грац, ја имавме таа чест па дури и привилегија меѓу првите со порака да ни честита првиот човек на Државата-Претседателот Ѓорѓе Иванов. Тој ние е голем поддржувач кој ја цени и уважува нашата работа. Во зависност од неговата агенда, редовно се отповикува на нашите покани и со неговото присуство концертите стнуваат посвечени.

ГП: Покрај Вашите настапи со хорот на меѓународни фестивали и натпревари, во минатото остаривте плодна соработка со македонските иселенички организации. Еден пример е Вашето учество со хорот во рамките на официјалната програма на првата Глобална конференција на Обединетата Македонска Дијаспора (ОМД) во Вашингтон во 2009 год. Дали се сеќавате на посебни настани и впечатоци?

ЛДП: Како не, сеќавањата од секое патување и средбите со нашите иселеници сеуште се многу силни, а уште повеќе и обврзувачки. Соработката со дијаспората датира уште многу поодамна. Задоволство ми причинуваа поканите од дијаспората

ГП: Нашите иселенички организации во последно време преку пишувањето во неделникот Фокус од Република Македонија, дознаа дека Директорот на Агенцијата за иселеништво, г-дин Вацил Наумов, Ви врачи решение за суспензија од Вашето работно место како Советник во Секторот за културен развој во Агенцијата за иселеништво на Република Македонија. Обвинети сте дека со хорот сте учествувате на патрониот празник на Македонската Православна Црковна Општина „Св. Архангел Михаил" од Неиве (Италија) и покрај свечените литургии, одржавте и целовечерен концерт во катедралната црква Дуомо-Алба. Образложението за првата суспензија беше дека Вие сте биле приватно на таа манифестација, а соВвашиот „игнорантски" однос кон директорот, кој исто така бил присутен, сте му наштетиле на интересот и угледот на Агенцијата за иселеништво. Како ги коментирате овие обвинувања, квалификации и постапки против Вас?

ЛДП: Не сакам да претерам и да речам дека ова што ми се случува сега... е безмалку една голема лудорија со цел да ми се нанесе голема неправда, но која може да резултира со големи последици и за двете страни. Но таа чест нема да си папрепишам на себе, не од мене! Оваа непромислена ситуација ми нанесе голема емотивна болка, ме деградира. Наспроти оптужбите за мојот „игнорантски однос", јас знам само дека остварив една возвишена цел од национален интерес, поддржана од Министерството за култура на РМ, а тоа е и унапредување на културните врски со Македонците во средините каде живеат и работат со цел да ја презентирам македонската култура и традиција. Затоа, подготвена сум да го бранам ставот дека ништо не треба да ни застане на патот кога е во прашање заштитата на националниот интерес, и имам намера да се соочам со сите нехумани намери и предизвици.

ГП: По објавувањето на написот во Фокус, Ви беше врачена втора суспензија. Во меѓувреме добивте и решение за престанок на работа во Агенцијата за иселеништво, со што останавте без никакви финансиски приходи. Како го доживувате овој нехуман чин спрема Вас, со оглед на тоа што секогаш сте биле заинтересирани за соработка со нашата дијаспора и во дело го потврдите Вашиот однос спрема нас? Дали ќе преземете правни чекори против последното решение? Како би можела да Ви помогне македонската дијаспора во оваа исклучиелна тешка состојба за Вас иВвашето семејство?

ЛДП:А зарем е важно како јас лично го доживувам овој , како што велите, нехуман чин спрема мене! Написот во Фокус е само мој јавно изнесен критички став на се' она што ми се случува, за намерата на однапред испланираното сценарио за казна, а сега надополнето со престанок на вработување. Тој или тие, сеедно, сакаат само да ми ги потрошат мотивите за живот, сакаат да го изгубам клучот за тоа како и во која насока да продолжам. Сега е се' јасно, тој не е ни свесен дека не сум казнета само јас и мојата фамилија, туку во случајов го казни и моето дело, а со тоа ја осиромаши јавноста, иселеништвото и пошироко за едно уживање повеќе, ги уништи поривите кај младите за презентација, мисионерство, го уби ентузијазмот... а јас за цело ова време барав само да ми дозволи непречено да воспоставам мост на поврзување на дијаспората со татковината, а музиката како една од најуниверзалните уметности, да биде таа која ќе се пробие подлабоко до македонските иселеници, посебно хорското црковно пеење. Не затоа што само по себе тоа е израз на соборност, туку најмногу затоа што при таквите средби, луѓето стануваат поблиски, посвои, похумани... Но, не џабе се рекло дека„ надеждта последна умира",.Сепак, верувам во правниот систем, се надевам на правдата, значи одам понатаму. Ја користам оваа прилика да им се заблагодатам на сите мои пријатели, соработници кои за цело време ја уважуваа мојата работа, начинот кој го промовирав за поврзување на дијаспората со татковината и на различен начин ми изразија морална поддршка. Со тоа ми порачаа да истраам на патот кон правдата, да бидам силна и да истраам во својата намера да ги осуетам злите намери поради мене, мојата фамилија, а најмногу поради мојата втора љубов, музиката. Сите овие јавувања за мене и мојата фамилија во овие тешки моменти, претставуваат најголема духовна помош која доаѓа од дијаспората. Никогаш, ама ниту во еден момент не сум го ставила материјалното пред духовното. Затоа, во мојот завршен збор пред дисциплинската комисија кажав „она сто не може да ме убие, ме прави многу посилна!"

АМНЕСТИ ИНТЕРНЕШЕНАЛ:

Време е да се обезбеди правда за жртвите на воени злосторства

1 септември 2011г. – Амнести Интернешенал ги повикува македонските власти веднаш да ја отповикаат одлуката на Собранието, чие донесување ќе предизвика одземање на правото на правда, вистина и отштета на жртвите од вооруженият конфликт од 2001г. во поранешната југословенска република.

Републичкото Собрание на 19 јули 2011г. донесе одлука да го примени членот 2002 од Законот за амнестија врз сите случаи кои беа вратени од Меѓународниот Трибунал за воени злосторства за поранешна Југославија (МТВЈ). Оваа одлука ќе ги прекине истрагата и кривичното гонење поврзани со четири случаи на воени злосторства: „Раководство на ОНА“, „Мавровски работници“, „Липковска брана“ и „Непроштено“, кои беа вратени во Македонија за понатамошно кривично гонење во 2008 година.

„Сосема е јасно дека одлуката на Собранието не е во согласност со меѓународните закони и на жртвите и на нивните семејства им оневозможува задоволување на правдата.“, вели Сиан Џоунс, истражител од Амнести Интернешнал за Западен Балкан. „Македонија треба да се повини на нејзините меѓународни превземени обврски. Нејзините власти мораат темелно и непристрасно да ги истражат сите случаи вратени од Хашкиот Трибунал, како и да обезбедат сигурност дека сите утврдени прекршители на меѓународните закони ќе бидат донесени пред лицето на правдата. Преживеаните и жртвите исто така мораат да добијат целосна отштета.“

Од 2001 година па до денес не беа превземени соодветни мерки за да се истражат случаите на шест етнички Албанци, за кои се верува дека се жртви на присилни киднапирања од страна на македонското МВР, за време на внатрешниот вооружен конфликт. Не беа превземени ефективни мерки ниту во врска со истрагата за дванаесетте киднапирани етнички Македонци и еден етнички Бугарин. За сите нив се верува дека се киднапирани од вооружена група на етнички Албанци за време на вооруженият конфликт. „Роднините на сите исчезнати и киднапирани заслужуваат да ја знаат судбината на нивните сакани“, вели Сиан Џоунс.

Анмнести Интернешнал разбира дека собраниската одлука е дел од пост изборниот договор меѓу двете владеачки партии, националистичката ВМРО-ДПМНЕ и Демократската Унија за Интеграции – најголемата партија на етничките Албанци. „Истражното гонење на прекршувањата на меѓународните хуманитарни закони не може да биде предмет на политичко влијание“, подвлекува С. Џоунс. „ Се чини Собранието им даде имунитет на личностите осомничени за прекршување на меѓународните хуманитарни закони, вклучувајќи и ученици во власта.“

Амнести Интернешнал му се обрати со допис на Премиерот Никола Груевски , барајќи од него без одлагање да обезбеди кривично гонење за сите случаи како што беше побарано до Меѓународниот Трибунал. Амнести Интернешнал знае дека собраниската одлука ќе биде разгледана од Уставниот Суд Организацијата забележува дека македонскиот Устав обезбедува почитувањена човековите права во согласност со меѓународните закони, како и дека меѓународните договори имаат предимство во однос на домашната легислатива.

http://www.amnesty.org/en/for-media/press-releases/macedonia-time-deliver-justice-victims-war-crimes-2011-09-01

МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА, МОЖНОСТИ ЗА РАСТ

Од Марија Стојанчев

Во последните 20 години, поранешните југословенски држави се бореа да ги одржат веќе постоечките пазари, како економски, така и политички; сепак, но предизвиците со кои се соочуваат Словенија, Хрватска и Србија не се толку големи како оние со кои се соочува Македонија, дури и ако се изземе тековниот проблем со Грција.

Сепак, има неколку аспекти кои се многу позитивни за бизнисот во Македонија. Еден таков аспект е недостатокот на директна изложеност на прашањата кои ги засегаат земјите од ЕУ, вклучувајќи ги соседните земји. Ова се должи делумно на добро осмисленото гледиште во макроекономската политика кое ќе понуди бавно економско закрепнување во 2011. Други позитивни знаци се практичната инфлација, зголемувањето на извозот во 2011 и релативно малата задолженост, што значи дека има мали шанси долгот да не биде вратен. Македонија исто така има и силен банкарски сектор.

Негативните аспекти кои го кочат развојот на Македонија вклучуваат работи кои се надвор од контрола на народот и владата. Овие проблеми можат да се надминат и можат да се подобрат со поголеми промени на менталитетот и значителен напор.

Од овие прашања, потешко се контролираат тензиите и незадоволствата на малцинствата и борбата за приклучување кон Европската Унија и НАТО. Полесно се контролира прашањето за фискалниот дефицит, кое ќе се провлекува во текот на 2011. Достапни се финансии; сепак, земјата мора да работи на намалување на дефицитот со цел да се избегнат монетарни проблеми во иднината. Освен тоа, сегашните услови за бизнис не се изедначени стандардната бизнис пракса во поразвиените пазари, но ова може лесно да се смени со нови закони за борба против митото, корупцијата и политичкото мешање во правниот систем.

Со цел Македонија да има економски развој, многу важно е народот да биде вклучен во светската заедница на народите со вистинското име, Македонија и ова признавање да биде универзално. Можностите тоа да се оствари се сè уште нејасни. Во меѓувреме, исто така важно е земјата да ги подобри условите за работа во моментот, за тие што сакаат да и' помогнат на земјата да се развива да можат да го направат тоа со отворање на бизниси и работни места за луѓето, без непотребниот ризик кој сега постои во системот на кој што му требаат реформи.

Разликата во тоа што е можно и што не е можно лежи во решителноста на сите нас!

МОРАЛНО ЛЕПРОЗНИ И МОРАЛНИ ХЕРОИ

Од Џејсон Мико

Причината поради која Том Кантримен и другите во Стејт департментот, во ЕУ и во НАТО велат дека ситуацијата „се чини неправедна“, има две објаснувања. Прво, повеќето имаат погрешен поглед на светот, тие ги сметаат двете страни (Грција и Македонија) за подеднакво виновни. Второ, тие се плашат од тоа како ќе реагира Грција. Непризнавањето на вистината и фрлањето вина на двете страни ве прави морално лепрозни

На почетокот на јуни, на Светската конференција на Обединетата македонска дијаспора во Вашингтон, американскиот заменик-државен секретар Том Кантримен изјави пред насобраните дека т.н. проблем со името „се чини неправеден“. Колку е различна таа изјава од следнава: Минатата недела во Њујорк беше убиено младо момче. Убиецот, за среќа, беше фатен и го призна злосторството. Но во своето признание тој рекол: „Сфаќам дека ова е можеби погрешно...“ Можеби погрешно?

Често ја слушаме изјавата дека „животот не е фер“, кога зборуваме за некоја ситуација што е, да речеме, неправедна. И ја слушаме таа изјава бидејќи е вистинита. Можеме да признаеме дека животот не е фер бидејќи животот не е фер. Само смртта и даноците се единствените загарантирани нешта што ги имаме во животот. Можеби не можеме да сториме ништо околу неправедноста на животот, но ја признаваме вистината дури и кога се обидуваме да исправиме многу неправедности во животот. Но Кантримен не може дури ни да признае дека оваа ситуација е неправедна. „Се чини неправедно?“ Том, ова е проклето неправедно! Затоа изговори го зборот.

Причината поради која Том и другите во Стејт Департментот и во ЕУ и НАТО велат дека ситуацијата „се чини неправедна“, има една или две можни објаснувања. Прво, повеќето од нив имаат погрешен поглед на светот. Нивниот поглед на светот го поддржува верувањето во морална еднаквост, што значи дека тие ги сметаат двете страни (Грција и Македонија) за подеднакво виновни. Второто можно објаснување е дека тие се плашат од тоа како ќе реагира Грција. Во секој случај, непризнавањето на вистината и, наместо тоа, фрлањето вина на двете страни ве прави морално лепрозни.

Сега, споредете го тоа што го рече Том со она што Сали Макнамара, постар аналитичар за европски прашања во Центарот за слобода „Маргарет Тачер“ при фондацијата „Херитиџ“, го рече на истата конференција: „Тука станува збор за тоа што е правилно, а што погрешно.“ Поради тоа, Сали Макнамара е морален херој.

Американскиот претседател Роналд Реган беше познат по тоа што вистината ја нарекуваше со вистинското име. Тој знаеше да ги разликува доброто и злото бидејќи неговиот поглед на светот го поддржуваше верувањето дека на светот постојат и правилно и погрешно и добро и лошо. Тој го нарекуваше Советскиот Сојуз „зла империја“ бидејќи тоа беше вистина. Тој не се плашеше од тоа како ќе реагираат Советите бидејќи ги нарекол така. Тој не се плашеше дека ќе им ги повреди чувствата бидејќи ги нарекуваше така. И Роналд Реган сигурно не го поддржуваше верувањето дека сите страни се подеднакво виновни.

Во март 1983 година, претседателот Реган одржа говор пред група црковни лидери во Орландо, Флорида, кои диксутираа дали да го поддржат или не американскиот унилатерален предлог за замрзнување на нуклеарната програма, кој би ги ставил САД во опасна позиција. Реган тогаш рече: „Затоа, во вашите дискусии околу предлозите за замрзнување на нуклеарната програма, апелирам до вас да бидете исклучително претпазливи да не паднете на искушението на горделивоста - искушението лежерно да се поставите себеси над сите и да ги етикетирате и двете страни како подеднакво виновни, да ги игнорирате историските факти и агресивните импулси на една зла империја, едноставно да ја наречете трката за вооружување огромно недоразбирање и со тоа да се отстраните себеси од борбата меѓу правилното и погрешното и доброто и злото“.

Па сепак, речиси 30 години подоцна, имаме избрани и неизбрани лидери кои или не можат да ја признаат вистината или кои во суштина веруваат дека двете страни се виновни во примерот Македонија/Грција. А кога немате волја да го осудите тоа што е погрешно, или кога сакате да го наречете правилно тоа што е погрешно, тогаш почнувате да создавате услови во кои ризикувате да ги срушите темелите на вашето општество и култура. Многу е опасно кога лидерите- избраните и особено неизбраните, бидејќи тие не треба да полагаат сметка пред гласачите - ќе почнат

да се однесуваат на овој начин. Кога ова ќе почне да се случува, не е далеку вистинското уништување на тоа општество.

А можеме да видиме како ова се манифестира и на други начини. Се’ што треба да направите и да ги отворите весниците, да ги гледате вестите на телевизија или на радио или да прочитате на Интернет за да дознаете дека државите и заедниците низ светот - но особено на културниот и политички Запад - се во распаѓање бидејќи е мала желбата правилното да се нарече правилно, а погрешното, погрешно. Реган знаеше кој е во право, а кој грешеше во примерот САД/СССР. Да беше денес жив, ќе знаеше- и ќе кажеше - кој е во право, а кој греши во проблемот меѓу Македонија и Грција.

Денес се надевам дека нашите избрани и неизбрани лидери знаат кој е во право и кој греши во македонско-грчкиот спор, и се надевам и се молам дека тие се уште имаат храброст да го кажат тоа јавно. Да, Македонија можеби направи некои грешки во процесот. Но Грција е таа што го предизвика целиот проблем со обидот да му го оспори на еден народ неговото најосновно човеково право - правото на сопствено име и идентитет. За ова, Грција нема никакво право.

.....

Џејсон Мико е познат како продуцент на филмот за Македоија Име е Име, и е новинар за весникот Дневник. Текстот е превземен со одобрување.

ТРЕТА ГОДИШНА ГЛОБАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ОМД ВО ВАШИНГТОН

Огромен успех!

Обединетата македонска дијаспора (ОМД) успешно ја заврши својата Трета годишна глобална конференција која се одржа од 23 до 25 јуни во XV Мариот во центарот на Вашингтон. Македонци и пријатели на Македонија од Австралија, Канада, Македонија и САД отпатуваа за да присуствуваат на Годишната конференција што претставува вистински глобален настан! Оваа година се одбележува 20-годишнината од независноста на Македонија. Одборот на директори на ОМД го наслови овогодишниот собир како: „Обликување на иднината", при што беше предвидено тоа биде политички - ориентирана конференција на која учесниците ќе можат да дискутираат за напредокот на Македонија, моменталната состојба и иднината.

Сенатор Џон Макеин од Аризона прими ОМД Награда за Меѓународна Слобода

ЧЕТВРТОК, 23 ЈУНИ

Конференцијата започна со обраќањето на сенаторот од Аризона Џон Мекејн кој ја доби престижната ОМД Награда за меѓународна слобода. Одбор на директори избираат кандидати за Наградата за меѓународна слобода врз основа на неговото или нејзиното влијание врз општеството, јавниот сервис и успех во промовирањето на правдата, мирот, демократијата, индивидуалната слобода и економските можности. Ваквите строги критериуми ја направија оваа награда една е најпрестижните признанија на ОМД.

Сенаторот Мекејн ја поздрави делегацијата на ОМД во неговата канцеларија, изразувајќи благодарност кон организацијата и кон оние кои ја признаа неговата поддршка за Македонија. Сенаторот Мекејн вети дека ќе ги унапреди американско-македонските односи, го пофали придонесот на Македонија за американските напори во Авганистан, и вети дека ќе се залага за членство на Македонија во НАТО.

Подоцна, околу 60-тина од присутните на конференцијата посетија над 135 канцеларии на конгресмени да ги поттикнат да се приклучат на работата на Конгресот за Македонија и македонските Американци.

Вечерта, амбасадорот Љубица З. Ачевска, почесен претседател и првиот македонски амбасадор во САД; Јовица Палашевски, македонски Генерален конзул во Чикаго, како и Стојан Николов, претседателот на одборот на ОМД ја поздравија конференција. Претставници на канцеларијата на сенаторот Френк Лутенберг и сенаторот Џо Либерман ја примија на ОМД Наградата за меѓународна слобода. Конгресменот Бил Паскрел од Њу Џерси ги пофали ОМД и Американците со македонско потекло за зајакнување на американско-македонските односи. Конгресменката Кендис Милер од Мичиген не присуствуваше на состанокот на конгресмените посветен на Македонија, меѓутоа, заменик началникот на нејзиниот штаб Шон Мур го прочита писмото од конгресменката кое го изразува своето пријателство и поттикнува посилни врски меѓу САД и Македонија.

ПЕТОК 24 ЈУНИ

По воведните забелешки од амбасадорот Ацевска и претседателот на ОМД Методија А. Колоски, заменик-помошник државен секретар Томас Кантримен одржа воведен говор посветен на стратешкото значење на партнерството меѓу САД и Македонија. Потоа, се одржа панел дискусија со наслов „Оценување на македонскиот напредок – 20 години по независноста" при што говореа Мери Кетрин Ендрјус, Роберт Бенџамин од Националниот демократски институт, Роберт Хенд од Хелсиншката комисија на САД, Сали Мекнамара од Фондацијата Херитиџ, и извршниот директор на „Инвест Македонија"

Виктор Мизо. Поранешниот конгресмен од Северна Дакота Ерл Померој, го заклучи панелот со претставување на неговите искуства од последната негова посета на Македонија. Амбасадорот Ацевска во рамките на дискусијата посветена на промовирање САД - Македонија стратешко партнерство и соработка, се задржа околу напредокот на американско-македонските односи од осамостојувањето на Македонија во 1991 година.

Продуцентот на филмот „Името е име" - Џејсон Мико доби ОМД Награда за македонско пријателство. Тој ги повика сите Македонци да се обединат во поддршката на Македонија и вети дека ќе ја продолжи ја борбата за македонската кауза.

ОМД Меѓународната награда за слобода требаше да ја добие секретарот Лоренс С. Иглбергер, но тој за жал почина неодамна, така што постхумно наградата ќе му биде врачена на член од неговото семејство. По сугестиите на дипломатот Срѓан Керим, и актуелниот македонски министер за надворешни работи Антонио Милошоски, ОМД ја поддржува нивната идеја за преименувањето на голема улица во Скопје по секретарот Лоренс С. Иглбергер. Покрај тоа, ОМД Награда за македонско пријателство му додели и на генерал-мајор Мајкл Дуби од Националната гарда на Вермонт, меѓутоа, поради болест, тој не можеше да присуствува и наградата ќе му биде врачена подоцна годинава.

Подоцна истиот ден, Стивен Гримберг ја модерираше панел дискусијата во врска со судскиот систем во Македонија. Се вклучија дискутанти од Одделот за правда - Маркус Буш и Томас Пиблс, судијата Ричард Е. Стернс од Окружниот суд во Масачусетс, како и специјалистот за Светската банка Ти Трумбик. На панелот беше донесен заклучок дека политичките елити не треба да се мешаат со судскиот систем и дека судскиот систем на Македонија бара понатамошни реформи.

ОМД претседателот на одборот Стојан Николов го водеше панелот „Генерација М - програма на ОМД за младите лидери", во чиј одбор се вклучени Ендрју Ананиевски од Мелбурн, Австралија, Александар Карапачиев од Торонто, Канада; Ентони Наумов од Скопје, Македонија и Димитар Попов од Чикаго, Илиноис. Тие препорачаа начини за поттикнување на младите Македонци да станат лидери и амбасадори во заедницата на дијаспората. Како специјални гости дискутанти се вклучија Емил Ѓоргов од Универзитетот Американ Колеџ во Скопје, Адити Рамчандани од мрежата на Јужна Азија - професионалци во Вашингтон, и Берил Анвер од турската коалиција во Америка, кои детално ги пренесоа искуствата во рамките на своите етнички заедници.

Делот посветен на политиката на Годишната конференција заврши со брифинг од Стеј Департмент меѓу Сара Хатчинсон од Бирото за службеници за Албанија, Крис Снајпс за Грција, Сами Смит за Македонија.

Со прием на XV Мариот терасата со поглед Вашингтон заврши првиот работен ден збогатен со културна програма „Запознајте ја Македонија". Генералниот конзул за Македонија Јовица Палашевски доби плакета од ОМД претседател Колоски како признание за неговите напори за воспоставување на македонската презентација во Чикаго, како прв воопшто македонски Генерален конзул во Чикаго. Елизабет Наумовски вечерта ја најави културната програма, при што најстапија македонскиот народен ансамбл „Александрија" и турскиот ансамбл „Карделен ". Покрај тоа, истакнатите македонско-американски уметници Ирена Гапковска и Благојче Стојановски ги отворија своите први изложби во Вашингтон. Благојче го презентираше својот мурал „Двоен Холокауст", кој ги претставува сличностите во борбата на Израелците и Македонците. Со македонските ора во изведба на групата„ Носталгија" од Њу Џерси, заврши вечерта со игра и песна на подиумот.

САБОТА ЈУНИ 25

Со состанокот на годишниот одбор на ОМД започнаа настаните на вториот ден. Членовите на Одборот јавно ревидираа оперативни и финансиски напредок на организацијата. Даме Крцоски, регионален претставник на ОМД во Перт, обезбеди позиција во Одборот на директори.

Потпретседателот на ОМД Александар Митрески ја водеше панел средбата на која учество зедоа амбасадорот Ачевска, Виктор Бивел од Политикон Публикации од Сиднеј, Австралија и Иван Трпоски од Литературното друштво „Григор Прличев" од Сиднеј, Австралија кои говореа и се потсетија на нивната поврзаност со Македонија и македонската заедница во странство од независноста. Митрески им врачи плакети на Бивел и Трпоски во знак на благодарност за нивната долгогодишна служба во унапредување на македонската кауза. На панелот емоциите се зголемуваа, како течеа разговорите со споделување на личните приказни, вклучувајќи ја 81 годишната Олга Сандалович која во 2010 година беше добитник на ОМД Награда за извонредни достигнувања во уметноста.

Гала прославата на 20 години од осамостојувањето на Македонија ја заокружи Годишната конференција на ОМД. Почесниот претседател амбасадорката Ацевска го отвори настанот. Актуелниот македонски амбасадор во САД Зоран Јолевски исто така ги поздрави присутните, а потоа, ОМД секретарот на одборот Ивона Гримберг ја најави видео пораката од амбасадорот Филип Т. Рикер, кој не можеше да присуствува на гала свеченоста. ОМД Наградата за македонско пријателство и припадна на г-ѓа Солвеиџ Рикер - сопруга на Амбасадорот Рикер.

Стојан Николов ја врачи ОМД Наградата за македонско пријателство на професор Виктор Фридман, кој, говорејќи на совршен македонски, се присети на неговите посети на Македонија и неговата стипендија за македонски прашања. Методија Колоски, ја врачи следната ОМД Награда за македонско пријателство која му припадна на амбасадорот Кристофер Р. Хил, првиот амбасадор на САД во Македонија, кој ја пофали Македонија за 20 годишниот напредок и повика за продолжување на ангажманот на дијаспората во Македонија.

Македонско-американскиот бизнисмен Џорџ Атанасоски ја доби втората досега доделена ОМД Награда за животно дело. Во презентирањето на награда, ОМД потпретседателот Александар Митрески г-дин Атанасоски го претстави како „најголемиот инвеститор од дијаспората во Македонија", кој се залагаше за Македонија повеќе од било кој друг. Г-дин Атанасоски вети дека „никогаш нема да се повлече, и ќе продолжи да ја поддржува Македонија". Тој ја пофали ОМД со порака дека сите Македонци треба да се обединат за поддршка на организацијата и македонската кауза.

ОМД Советодавниот член на Советот Марк Мицковски им се обрати на присутните и ја објави својата идеја за програмата „Македонски придружници", со надеж за привлекување на 300 Македонци и пријатели на Македонија да донираат по $1.000 годишно во период од три години. Кампањата ќе и обезбеди на ОМД годишен оперативен буџет од $300,000, а во текот на три години, висина на буџет од $900.000. Со финансирање на оперативните потреби на организацијата, ќе се обезбеди континуиран успех на ОМД за промовирање и унапредување на македонската култура и интереси во светот. Во текот на Годишната глобална конференција 35 Македонци и пријатели на Македонија ветија поддршка за оваа значајна иницијатива и се обврзаа на унапредување на македонската кауза заедно со Обединетата македонска дијаспора. За даденото ветување и поддршка тие добија отворени овации од присутните.

Последно, но не и најмалку важно, Колоски ја претстави престижната ОМД Награда за јавни служба за зачувување на македонското наследство која и' припадна на амбасадорката Љубица З. Ачевска за нејзините залагања и во служба на Македонија и македонскиот народ. Обземена со радост, амбасадорот Ачевска и' се заблагодарени на ОМД и вети дека ќе продолжи да работи во најдобар интерес на Македонија. Таа, исто така, вети и нејзина поддршка за програмата „Македонски придружници".

Гала свеченоста заврши со настапот на македонскиот фолклорен ансамбл Танец и Носталгија. Генерално, Годишната глобална конференција на Обединетата Македонска Дијаспора за 2011 година е огромен успех! Организацијата им се заблагодарува на сите донатори, учесници, панелисти и добитници на наградите. ОМД им даде посебна благодарност на волонтерите на чело со Дијана Бут околу нејзиното залагање за овој настан, како и на спонзорите без чија што поддршка, третата Годишна глобална конференција не би успеала.

(Фотографии - Дејан Станковски и Роберт Гивелас)

„МАКЕДОНСКИ ПРИДУЖНИЦИ“

Глобална програма за поддршка на македонската кауза

За време на гала свеченоста на третата годишна глобалната конференција на Обединетата македонска дијаспора и одбележувањето на 20-годишнината од независноста на Република Македонија, ОМД започна нова програма наречена - Македонски придружници.

Програмата е дизајнирана за да привлече 300 Македонци и пријатели на Македонија од целиот свет да донираат $1.000 годишно за три години, што ќе обезбеди ОМД со годишен оперативен буџет од $300,000 во текот на три години, во висина од $900.000. Со обезбедување на оперативните потреби на ОМД, членовите на македонските придружници ќе обезбеди континуиран успех во промовирањето и унапредувањето на нашата култура и интереси низ целата глобална македонска дијаспора.

По врвната забелешка од страна членот на Советот на ОМД Марк Мицковски, кој ја иницираше програмата „Македонски придружници”, 35 Македонци и пријатели на Македонија од целата глобална македонска дијаспора, станаа гордо на гала свеченост ветувајќи ја својата поддршка за оваа важна иницијатива и заложба за унапредување на ОМД на македонската кауза!

Кампањата „Македонски придружници” е прва од ваков вид во историјата на македонските организаци. Исто како придружниците на Александар кои што биле најефикасната воена коњица во античкиот свет, така денес придружниците ќе бидат во однос на нивното влијание и способноста да и ги обезбедат на македонската кауза потребните ресурси за да ги постигнеме нашите цели, како рамноправен народ во светската заедница.

„Како што Гоце Делчев рече: ‚Јас го разбирам светот, единствено како поле за културен натпревар меѓу народите’, ако се прифати ова, тогаш нека на македонската култура, вредности и способности им биде дозволено да се натпреваруваат рамноправно во еден свет, свет на вредности, квалитет и напредување,” изјави Марк Мицковски.

Според програмата, ОМД ќе подготви годишни стратешки планови со кои ќе ја дефинира својата цел и на крајот на годината ќе поднесе извештај и оценување за својот напредок, успеси и неуспеси. Советодавното тело на ОМД ќе биде одговорна за надгледување на програмата „Македонски придружници”. Средствата собрани од кампањата ќе бидат наменети за употреба почнувајќи од јануари 2012 година.

„Вашате отворена поддршка на ОМД и’ дава доверба и мотивација да ги остварува соништата и аспирациите на нашите предци, за да се обезбедат еднакви права на сите сегашни и идни генерации Македонци низ целиот свет! Ве молиме да ни’ помогнетете да се осигураме дека нашето македонско наследство и вредности се почитуваат во овој брзо менлив и свет на предизвици” - заклучи Мицковски.

За да ја најавите вашата значајна поддршка за програмата „Македонски придружници, контактирајте со ОМД заменик-претседател, Александар Митрески на amitreski@umdiaspora.org.

ЧЛЕНСТВО, ЛИСТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ПРИД РУЖНИЦИ ОД 21 СЕПТЕМВРИ, 2011

Стефани Ацев
Александар Балиос
Дончо Баулоски
Одисеја Белчески
Џон Л. Н. Битов, Ц. М.
Јордан Битов
Д-р Роберт Џивелас
Тони Јошески
Методија А. Колоски
Даме Крцоски
Владе Лембовски
Д-р Лефтер Манце
Петар Медичков
Џејсон Мико
Димитар Насев
Роберт Пасквале
Крис Павловски
Гус Филипов
Стив Пликас
Бошко Рајчовски
Доналд Саздоф
Владо Серденковски
Иван Трпоски
Др. Кирил Трпков
Марилин Трентос
Марко Николовски
Трајко Папуцкоски
Селест Бенџамин Треиси
Владо Смилевски
Џим Даикос
Крис Стерјовски
Маик Гребовски
Лу Несторовски
Др. Анастас Мукоски
Деина Клаин
Џон Кузев
Џим Мангос
Грег Цанис
Др. Џорџ Даикоф
Џеимс Филиипс
Ирена Гапковска
Др. Крис Стефанович
Славе Димитров

ПРОГРЕСИВНОТО РАКОВОДСТВО Е УСПЕШЕН РЕЦЕПТ ЗА БАЛКАНОТ

Од Виктор Бивел

Обраќање на Виктор Бивел на Третата годишна глобална конференција на Обединетата македонска дијаспора, Вашингтон, 25 јуни, 2011 година

Дозволете да ја искажам мојата благодарност што сум тука и што ми е дадена можноста да ви се обратам. Повод за тоа се поканите на повеќе водечки македонски организации од Нов Јужен Велс кои замолија да земам учество и да ги застапувам.

Моето доаѓање беше организирано од страна на Егејско Македонската асоцијација на Австралија и поддржано од над 14 организации од Нов Јужен Велс.

Оние организации сакаат да ја пренесат својата поддршка за ОМД во организирањето на овие годишни глобални конференции. Тие сакаат исто така да биде пренесена нивната поддршка за застапување ОМД и дијаспората да работат заедно, со честитки и добра волја на сите делегати тука кои работат за подобрување на животот на македонскиот народ. Исто така, тие сакаат да ги искажат своите ставови во врска со неколку прашања кои се толку важни за Македонците насекаде во светот.

Овие организации ја пренесуваат својата целосна и целосна поддршка за борбата во зачувување на уставното име на Македонија, македонскиот идентитет, македонски јазик и македонските симболи.

Во дискусијата пред да заминам од Сиднеј беше многу јасно дека - ние сме составен дел на тоа кои сме, и тоа не може да биде компромитирано на било кој начин. Овие организации би сакале на сите таканаречени „преговори" за името на Македонија да се стави крај!

Грчката влада, бугарската влада и албанската влада, мора да го признаат во целост постоењето на македонскиот народ во овие земји. Ова го вклучува и македонскиот идентитет, јазик, култура и историја. Време е, на овие земји да им се даде повеќе од усмено предупредување да ги почитуваат човековите права и човековото достоинство. Време е тие да докажат дека се на вистинскиот пат за да станат цивилизирани земји. Време е за овие земји да најдат прогресивни раководства кои можат да ги поведат во вистинската насока.

Македонците донесоа компромисна одлука - ние не бараме враќање на земјата која беше одземена во 1912-1913. Ако во овие земји може да се најдат прогресивни лидери кои се вистински за правата и достоинството, кои можат да најдат компромис наместо да прават апсолутни барања, територијалниот интегритет на овие земји ќе биде зајакнат, а не ослабен. Нема причина зошто овие земји и македонскиот народ не можат да уживаат во заедничката иднина во обединета Европа.

Тоа е позитивна визија, и да се постигне тоа, сите ние бараме почитување на нашите права и нашето достоинство.Вакво е чувството во Сиднеј и Нов Јужен Велс, како што најдобро можам да го пренесам.

Јас сега би сакал да направам неколку забелешки и коментари на неколку други прашања чисто од мое име. на неколку други прашања. Затоа ги молам да ми простат некои од организациите што ги споменав погоре, бидејќи можеби нема да се согласат со тоа што ќе го истакнам.

Спомнав за потребата од добро лидерство во Грција, Бугарија и Албанија, но доброто лидерство е исто така клучно за Македонија. Ќе посочам два примери од Австралија.

Оваа конференција слави 20 години од независноста на Македонија, а тоа се поистовети и со годините поврзани со мојата дејност, зашто сум македонски активист исто така 20 години. Независноста на Македонија ми помогна повторно да ги разбудам моите македонски корени и да се вклучам и да се обидам да го дадам својот придонес. Избрав да го направам тоа преку издаваштвото на теми од областа на човековите права и политиката. Особено од аспект на Егејска Македонија бидејќи моето семејство потекнува од она што сега е територија на Грција.

Една одлука која ја направив многу рано беше да не се вклучувам во несогласувањата и во борба против други Македонци. Сакав да го задржам мојот поглед на целта. Целта беше областа на човековите права и ставање крај на институционализираниот расизам во Грција. Јас не сакам да се борам против други Македонци, или се оддалечувам од целта поради споровите со нив.

Сè уште се чувствувам така, но тоа значи дека постојат одредени прашања за кои не сум се вклучил од таа причина. Но, јас сега ќе направам коментар на едно од овие прашања, бидејќи тоа има последици за Македонците насекаде во светот, и тоа оди во срцето на прашањето: Зошто доброто лидерство е толку важно.

Некои од вас можеби знаете дека македонската заедница во Австралија е растргната последните 14 години околу прашањето наречено „"црковен спор".

Во раните 1990-ти, грчкото противење на признавањето на Република Македонија, како и напорите на локалното грчко лоби да го промени името на австралиските Македонци со додавање на префикост „словенски" и за промена на името на македонскиот јазик со додавање на суфиксот „словенски" , беа големи навреди на нашиот народ Под таков напад, Македонците во Австралија беа обединети во една заедничка кауза и заеднички идентитет.

Иронично и многу тажно е тоа што најголемиот прекин на тоа единство дојде од внатрешен македонски извор. Тоа беше доаѓањето на црковниот спор во средината до крајот на 1990-тите години. Ништо не ги раздвои Македонците во Австралија како ова прашање. Ако се постави едноставно - спорот се однесува на тоа кој ги поседува црковните имоти кои биле изградени од страна на македонските иселеници.

Лично, не можам да се сетам на побескорисен спор. Овој аргумент не е околу тоа дали да се изградат повеќе цркви, или за тоа каде да се градат повеќе цркви, не за тоа кој ќе плати повеќе за црквите, и не ни за тоа како да се привлечат повеќе луѓе во црквите, туку чие име треба да биде на тапиите. Заедницата и имигрантите кои ги граделе црквите, понекогаш ги давале под хипотека своите домови, или на епископот или црквата за да ги изградат. Така глупаво како што е, тоа се случува 14 години! Во Библијата се вели: „од нивните плодови ќе ги знаете кои се", го сакам тој израз, зашто ме води со текот на годините, а тоа е толку едноставно и мудро. Целосниот цитат од Библијата гласи: „Внимавајте на лажни пророци. Тие доаѓаат во

овча облека, но внатре се жестоки волци. Според нивните плодови ќе ги знаете кои се". Значи, да го поставам овој предизвик кон раководството на Македонската православна црква. Кои се вашите плодови во Австралија? Дали сте пророк или волк? Кои се вашите плодови?

Кога ќе погледнам околу себе гледам Македонците, кои порано беа обединети, сега поделени, гледам лутина, гледам судски случаи, се трошат залудно, како што ми кажале милиони долари во судски трошоци, гледам дека духот на заедништво е нарушен, гледам дека нашиот народ е деморализиран, нашата младина е незаинтересирана, гледам дека македонскиот народ е во потрага по вистински лидери, вистинско раководство.

Раководството на македонската црква треба да си објасни само на себе: Зошто да го има нивното име на средствата е поважно

од македонското единство и на македонскиот дух на заедницата? За што треба да се грижат повеќе? За духот, или за богатство? За духот на заедницата или за материјализам? Македонците во Австралија чекаат на вашиот одговор!

Мојот втор пример за лидерство е политички. Некои може нема да се согласуваат со мене, но мислам дека во текот на изминатите 20 години, околу рамнотежата, политичкото раководство на Македонија има направено добра работа. И покрај неповолните меѓународни околности, кои Македонија ги преживеа, треба да се надеваме дека државата има фантастична иднина. Политичкото раководство на Македонија има направено добро.

Но, постојат три подрачја каде што повеќе треба да се направи - развивање на силна македонска економија, човековите права во соседните земји, и подобри врски со дијаспората. Меѓутоа дијаспората не е вреќата на Дедо Мраз, каде може да се постигне што ќе се посака во еден ден. Дијаспората е ресурс кој треба да се користи правилно.

Кога за прв пат дојде на власт сегашната влада направи добар почеток во таа насока.

Но, тој интензитет не се одржува. Се сомневам исто така, дека владата има направено подобра работа во Европа и Северна Америка, отколку што има во Австралија, но иако придонесот е мал, е подобар од сите претходни влади.

Во Австралија, проблемот е тоа. Нема македонски лидер кој покажа вистински интерес или обврска за Македонците во Австралија. Постојат околу 200.000 луѓе од македонско потекло во Австралија, или близу бројот на жители на два града колку Битола.

Сепак, во изминатите 20 години, единствен претседател на Република Македонија кој бил во посета на Австралија беше Борис Трајковски, за време на Олимписките игри во 2000 година, и единствен кој ја извршувал функцијата премиер беше Никола Груевски во 2009 година. Г-дин Груевски како што првично беше најавено требаше да помине една недела во Австралија, но на крајот, поради една минута состанок во Брисел, тој ја намали посетата на Австралија на

неколку дена.

Тој помина еден ден, во Сиднеј, а истото важи и за Мелбурн. Во текот на изминатите 20 години сите премиери на Македонија имаат поминато вкупно еден ден во Сиднеј и еден ден во Мелбурн. Еден ден во последните 20 години!

Знаеме дека Австралија е далеку, но тоа не е Плутон. Што треба да мисалт Македонците во Австралија? Што кажува ова за тоа како македонското раководство гледа на ставовите на Македонците во Австралија? Што би се рекло – какви напори прават тие за дијаспората и каков придонес и прогрес можеме понатаму да направиме?

Значи, го поставувам овој предизвик пред политичкото раководство на Македонија. Никола, зошто Брисел, или зошто тој состанок беше поважен од средбите со граѓаните на две Битоли, со Македонците во Австралија?

Тоа е изводливо. Порано, кога Југославија се растураше, лидерот на Хрватска ја посети Австралија и беше на националните вести. Неговата порака до Хрватите беше едноставна: „Донесите го вашето семејство, понесете го со вас вашиот капитал, понесете ги своите вештини и помогнате да се изгради Хрватска!"

Јас чекам 20 години за македонски лидер да дојде во Австралија со слична порака. Но, не е премногу доцна. Сите ние можеме да дадеме придонес за градење на македонската економија. Тоа нешто како активисти сите ние треба да го промовираме. Теоријата тоа го вели. Но, пораката ќе биде толку многу поефикасна - ако дојде од македонската Влада. Тоа е нешто што го прават лидерите.

Сакам да завршам со она што го работам, а тоа е издаваштвото. Објавување за Македонците е привилегија. Нема многу пари во него и нема многу слава, но тоа е чест! И јас ќе ви кажам зошто: Бидејќи македонскиот народ има вистински приказни за раскажување. Како издавач јас оддамна научив дека секое човечко суштество има приказна која вреди да се кажува. Тоа може да биде анегдота од само една страница, или може да биде книга од 500 страници, но секој има нешто уникатно и вредно за кажување.

Во случај на нашиот народ, постои толку длабоко богатство во македонските приказни, така што кога објавувам за Македонците се чувствувам дека имам работа со срцата и душите на луѓето. Тие приказни имаат моќ да допрат длабоко до луѓето!

Луѓето ми се јавуваат или ми испраќаат е-мејл и ми велат дека само со читањето на одредена книга тие биле толку трогнати, така што морале да ми го кажат тоа, и дека се толку горди што имаме книги, исто толку добри како и оние на другите луѓе, и дека прочитале за роднина или видиле слика на роднина за прв пат. Тоа се изрази на благодарност, кои остануваат со мене, кои го прават, верувајте ми, објавувањето за Македонците нешто од вистинска вредност.

Но, постои проблем. Повеќето од приказните на нашиот народ нема да можат да се раскажат. Тие ќе бидат изгубени, засекогаш. „Изгубени засекогаш" речиси би можел да биде епитаф за голем дел од историјата на Македонија. Генерацијата Илинден и Балканските војни се генерации кои ги нема, и така со нив и најголемиот дел од нивните приказни. Грчката граѓанска војна е исто така генерација која најчесто ја нема. Уште 10 или 20 години и најмногу од нивните приказни ќе бидат загубени засекогаш.

Ние треба да го промениме тоа. Потребни ни се повеќе издавачи, повеќе уредници, повеќе автори, повеќе новинари, писатели, филмски и документарни продуценти, историчари, историчари на семејството, хроничари на усните преданија, преведувачи, колектори, куратори, веб-мајстори и така натаму. Ние треба да ги инспирираме овие луѓе да стигнат до работа. И ние треба да направиме многу повеќе со материјалот што веќе го поседуваме. Преку раскажувањето на овие приказни ние можеме да се ослободиме од нашите сопствени демони, било тоа да се лични, или пак како заедница. Преку раскажувањето на овие приказни можеме да го промениме однесувањето на владите во соседните земји. Овие приказни се најмалку што можеме да направиме за да бидеме сигурни дека историјата на нашиот народ не е изгубена засекогаш, дека нивното страдање не било залудно.

Конечно, да не заборавиме дека 2012 и 2013 година се навршуваат сто години од Првата и Втората балканска војна, на инвазијата и поделбата на Отоманската Македонија од страна на Грција, Бугарија и Србија.

Ве молиме, да не заборавиме да се одбележат овие настани. Според мене некои клучни датуми се 8 октомври, 1912, кога започна Првата балканска војна, 17 октомври кога Грција, Бугарија и Србија влегоа во војна, 16 јуни 1913 кога заврши Втората балканска војна, и 10 август 1913 кога Договорот во Букурешт беше потпишан.

Да не дозволиме овие датуми да останат неодбележани. Ве молиме, веднаш штом ќе можете резервирајте го вашето место надвор пред грчките или бугарските амбасади!

Виктор Бивел

Организациите што го поддржаа присуството Виктор Бивел на конференцијата на ОМД беа:

- Егејското Македонската асоцијација на Австралија;
- Македонско Егејска асоцијација на Нов Јужен Велс;
- Македонската православна заедница Св. Петка - Рокдејл, Н. Ј. Велс;
- Битола" културна и социјална асоцијација од Сиднеј, Нов Јужен Велс;
- Македонската православна заедница на Квинбијан, „Света Илија";
- Македонската православна заедница на Волонгонг, „Св. Димитрија Солунски";
- Македонската православна заедница на Њукасл „Света Богородица"
- Македонска добротворна асоцијација Порт Колумбија, Нов Јужен Велс;
- Егејска Македонија културни и спортски асоцијација "Котори" Ричмонд;
- Ќавато, Кажани и Доленци културна асоцијација од Сиднеј, Н. Ј. Велс;
- Пензионерско здружение на Кабрамата, Сиднеј – „М. А. Ченто";
- Македонско културно уметничко друштво „Македонка" од Сиднеј;
- Македонско-австралиско здружение на пензионерите „Гоце Делчев";
- Македонско-австралиски музеј на Австралија Трајан Белев „Гоце";
- и други

ОМД ви благодари за вашата поддршка!

ГОВОР НА САЛИ МЕКНАМАРА НА ОМД ГЛОБАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО 2011

Г-ѓа Сали Мекнамара е моменталниот постар политички аналитичар на Херитиџ Фондацијата Маргарет Тачер, Центар за слобода, што се фокусира на односите САД - ЕУ за безбедност и трговија.

"... Насловот на овој говор е оценка на напредокот на Македонија, и првото нешто што го напишав беше: ,огромно' Може ли да ми кажете кој (тогаш) би рекол дека по 20 години, македонските трупи ќе стојат пред штаб на ИСАФ кога водиме војна во Јужна Азија? Луѓето ќе помислеа дека ви е потребно психијатриско лекување ако го кажевте тоа! Ние мора да го погледнеме Блискиот Исток денес и да зборуваме за тоа како сме загрижени не само за безбедност во земјата, но исто така и регионалната безбедност (Замислете) дека по 20 години од сега, Египет би изгледал како што Македонија изгледа денес. Мислам дека би ја дале десната рака за тоа, но јас навистина не мислам дека работите ќе бидат толку позитивни.

Во еден неодамнешен говор, од мене беше побарано да зборувам за транс-атлантската алијанса и Русија, реков и тогаш, но мислам дека е важно и сега, дека Европа треба да избере. Тоа е помеѓу ... проширување на евро-атлантското семејство, и заедницата на демократии, или, од друга страна, еден вид на 19-вековна сфера на влијание, каде што големите сили ќе го поделат светот меѓу себе, а малите земји не би имале значење. И, се разбира, изборот нам ни изгледа толку очигледен, ... но прашувам затоа што ако ние вистински веруваме во транс-атлантската Алијанса и генерално веруваме во евро-атлантското семејство, за тие цели вреди да се бориме. И овие Алијанси се со една мисла во извршување на една цел, Европа цела, во слободна и во мир, последниот пат кога проверив, тоа беше нештото во кое сеуште веруваме.

Значи, ние треба да веруваме во проширување на НАТО и отворена Европа, не во сојуз што исклучува луѓе. И не може да си дозволиме да го турнеме на страна македонското прашање, поради тоа што е поголемо од Македонија, а толку важно како и Македонија. Станува збор за она во што веруваме, а тоа е нашата визија. Да му се каже на партнерот (во Грција) дека е е непослушен, вие ги дискриминирате вашите меѓународни обврски и сте неодговорни. Кога станува збор за Европската Унија, јас сум британски евро-скептик и работам за Маргарет Тачер Центарот, па ќе ве зачуди кога ќе чуете да почнам да кажувам убави работи во врска со Европската Унија, но тоа е избор кој треба да го направат самите Македонци.

Зошто Македонија заслужува да биде во НАТО? Прво, вие го исполнувате Акцискиот план за членство во НАТО. Ми се чини дека е тоа прашање на чест за мене, ако ние бараме НАТО да исполни многу долга листа на обврски, со цел да се придружи на нашиот клуб, тогаш не треба да ве зафркнеме во последен момент. Сте биле принудени да стоите на страна и да гледате како Хрватска и Албанија ги преземаа своите места на масата, додека сте биле прекинати на завршната линија. Има нешто околу тоа што ме погодува како толку неправедно и неморално.

Второ, вие веќе сте многу важен придонесувач на НАТО, дури и кога не сте дел од него. Зборувам за Авганистан, бидејќи бев во Авганистан минатата година, а кога влегов во судот, го видов таму огромното македонското знаме, какво што гледаме надвор од овој хотел и денес, и тоа беа ваши момчиња кои стоеја таму, осигурувајќи ја мојата безбедност и заштита додека бев таму. Значи, повторно тоа ме погоди како целосно нефер ... тоа е долгогодишниот принцип на НАТО дека ние не дозволуваме билатералните прашања да и' овозможат на една нација да блокира друга за влез во Алијансата.

Трето, кога ќе одиме во речиси секој главен град на НАТО, можеме да видиме огромна поддршка. Ние речиси отидовме од божествено до апсурдно. Кога би запрашале било кој Функционер или министер за надворешни работи: "Дали ја поддржувате Македонија да влезе во НАТО", велат тие: "Да." Сега, јас бев разочарана од она што Функционер на Стејт Департментот (Том Кантриман) го рече претходно, затоа што јас мислев дека Обама ... ќе каже што ќе направи, тој рече дека ќе зборува со Папандреу по ова прашање, и ајде да се соочиме со тоа, тој разговара со Грција цело време исто и во моментов, и чековни книшки се уште отворени. Значи, јас бев многу, многу разочарана да го слушнам она што Стејт департментот го рече утрово. (гласен аплауз). Јас имам навистина чудно чувство кога политичарите велат дека ќе направат нешто, дека тие всушност го прават тоа.

И сега Последната причина , едноставно затоа што Грција рече дека нема да го направи она што веќе го прави. Тие рекоа дека нема да се користи билатералниот спор да ја блокира Македонија за влегување. Во 1995 година, ја потпишаа Времената спогодба, и рекоа дека нема да ја "злоупотребуваат нивната доминантна позиција".

Сега, би можела да зборувам многу подолго, но мислам дека ја постигнав мојата цел. Македонија го заслужи своето место во транс-атлантската Алијанса, и покрај сите коментари што се направени, - дека вие не сте совршени, но која земја е? - И се' уште работата не е завршена. Но, сте го заработиле своето место и треба да бидете внатре. Европската Унија мора да е сериозна во врска со ова прашање. Ова не е за Македонија, ова е за нас, за она во што веруваме, и дали ќе останеме доследни на нашиот збор... "

ГОВОРОТ НА Д-Р ВИКТОР ФРИДМАН ЗА ВРЕМЕ НА ГЛОБАЛНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА 2011 ОРГАНИЗИРАНА ОД ОМД

Д-р Виктор А. Фридман е водечки меѓународен македонски лингвист од Универзитетот Чикаго, автор и ко-автор на бројни книги и друг академски материјал тематски, преку приближно 40 години работа

"...навистина е чест и привилегија да ви се заблагодарам вам вечерва за оваа награда. Не можам да верувам дека поминаа 40 години! Би сакал да ви ја честитам 20 годишнината од Македонската независност, , За многу години'....(во 1971), јас бев прва година пост-дипломец на славјанска лингвистика и мислев дека ќе ја пишувам дисертацијата или на бугарски или на грузиски. Но, мојот професор Збигњев Голумп ме праша: ,Г-не Фридман, дали би сакале да одите во Македонија ова лето?'... Боже Водојевски му испратил покана за 4-от семинар по македонска литература, јазик и култура и го запрашал професорот Голумп дали може да му препорача некој надежен студент. Благодарејќи на еден мал грант од Универзитетот Чикаго и одлучувачката помош од моите родители, можев да отидам и тоа искуство ми го промени животот. Како резултат на прекрасното искуство од пред 40 години, јас одлучив дисертацијата да ја пишувам на македонски и тоа послужи како основа за книгата што Стојан така љубезно ја препорача.

Многу нешта се променија во Македонија за последниве 40 години, најважната од се', е независноста на Македонија што се случи пред 20 години. Навраќајќи се на 1971, се восхитувам на се' што се променило, како и на она што останало исто.

Пред 40 години, патот Скопје-Охрид преку Кичево сеуште не беше изграден и планинскиот пат низ Маврово, иако убав, сепак имаше некои возбудливи моменти. Охрид, пак, во тие дни, беше пејсажен мал град со калдрма во старата чаршија, а жените од блиските села ги облекуваа во неделите најдобрите, како што денес ги нарекуваме фолклорни носии - руба, кога доаѓаа во градот. Скопје сеуште се опоравуваше од катастрофалниот земјотрес на 26-ти Јули 1963. Додека многу од зградите повторно се изградија, се сеќавам на купиштата градежен камен непосредно до хотел Турист, сега Бест Вестерн....

За мене како лингвист, една од највозбудливите работи за Македонија беше јазикот. Насекаде каде што бев, не само што можев да слушнам македонски, што беше музика за уво, но исто така можев да слушнам турски, албански, ромски дури и влашки. Подоцна најдов луѓе кои говорат и грчки, ерменски и јудејски-ладино. Беа јзиците на Македонија, прво и основно македонски се разбира, но исто така и другите јазици што ја прават Македонија така посебно место. Секаде каде што одев, луѓето ми велеа, ,јазиците се богатство'. Впрочем, насекаде низ југоисточна Европа, постојат слични изрази, освен во таканаречената ,лулка на демократијата' Грција. Во Грција, за разлика од другите балкански јазици, нема народен израз што ја величи мултијазичноста.

Досега, повеќето од вас слушнале за изливите на бес на од ' лулката на демократијата' во јуни 2009г., кога повеќето од нас кои зедовме учество во презентацијата на модерниот грчки - модерен македонски речник од Васко Караџа, бевме навредувани од приврзаници на една од грчките политички партии, очигледно затоа што привлекувавме внимание со фактот дека македонски јазик се говори во Грција. Но Грција, хистеричниот страв од етно-лингвистичките малцинства дури го пренесе и во американските магазини. Во ноември 2006г., магазинот наречен Максим - мислам дека некои од вас помладите ќе знаат за што говорам - имаше провокативни фотографии на кои позираа модели во бикини, секоја претставувајќи различна земја - Меѓународна Мис Максим, пак, имаше претпоставен цитат на моделот и факти за земјата. Како на пример Шпанија, број на бикови што се убиени годишно, за Украина тоните радиоактивен отпад што се исфрла после Чернобил катастрофата, за Холандија што е разлика помеѓу темна зелена земја(Netherlands) и Холандија. Секако фактите за Мис Максим Грција беа, цитирам: ,Според Грчката влада, нема етничка поделеност во Грција.' Барем како што велат тие.

Колку различна е оваа лажна хомогенизација од богатата реалност во Македонија. Се

присетив на пасаж од новелата на Луан Старова, Времето на козите, новела напишана на македонски, а преведена од него на албански, наскоро ќе се отпечати и на англиски од гласникот при Универзитетот во Висконсин, така да очекувајте ја на Амазон. Тој пишува за неговото детство во Скопје, веднаш после Втората Светска Војна...:,Националности, различни вери и обичаи се испреплетоа. Луѓето живеја во доверба и разбирање. Заедно, беше полесно за нив да ги пресретнат премрежијата во тие несигурни времиња. Некако, изгледа, секогаш се случува по нешто неизвесно и секогаш е полесно да се соочиме со тие неизвесности преку поддршка од пријателите и соседите...

Во 1875, масонот и македонски активист Ѓорѓија Пулевски од Галичник во западна Македонија, издаде тројазичен речник на македонски, албански и турски, во кој пишува: ,значи, луѓето се Македонци, а нивната земја е Македонија.' Тој исто така ја напиша и реченицата на турски.... на турски, Пулевски додава: , и секој што живее во Македонија се нарекува Македонец.'… Значи повеќе од 1 век пред независноста, Македонскиот активист беше убеден дека Македонија е татковина на Македонците и сите луѓе кои живеат во Македонија.

Веќе споменав за богатството на различности во Македонија, патем навестувајќи дека ја засакав македонската фолклорна музика дури и пред да имам шанса да ја посетам земјата. Всушност, мојата колекција со македонска фолклорна музика ми овозможи да ја убедам Кристина Крамер (сега е на Универзитетот Торонто) која беше мој студент тоа време и чиј учебник на македонски досега се има продадено во илјадници примероци, а наскоро и ќе излезе третото издание, да премине од руска литература на балканска лингвистика и да ја напише нејзината дисертација на македонски.

Луѓето често ме прашуваат зошто студирав македонски јазик и јас тука дадов некои показатели, дека македонскиот јазик е клучот за неверојатна земја, со возбудлива музика, вкусна храна - моја најомилена е ,зелник со праз' - топли, дарежливи, домаќински луѓе. За еден лингвист, буквално македонскиот траен третосложен акцент, со својата препозициска реченица, со богатиот фонд на зборови овозможува бескрајна фасцинација, но исто така ќе биде неопростиво ако не ја споменам македонската домашна ракија, која после повеќе децении сериозно истражување, во повеќе различни земји, се уверив дека е навистина најдобра на светот.

И така, додека ние честуваме 20 години македонска независност, ви пожелувам на сите, здравје, среќа, на Република Македонија и на Обединетата Македонска Дијаспора, уште многу, многу години и понатамошни успеси..."

ГОВОР ОД АЛЕКС МИТРЕСКИ НА ГЛОБАЛНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ОД ОМД 2011

Алекс Митрески е потпретседател на Обединета Македонска Дијаспора

...Патот до независна Македонија беше многу долг и крвав. Многу животи беа загубени, многу судбини променети и на многумина иднините уништени. Цената која што ја платија Македонците за да ја имаат Македонија за себе, е платена со крв, безбројни затвореници, и многумина Македонци мачени и убиени. Гоце Делчев, Никола Карев, Јане Сандански, Ѓорче Петров, Даме Груев се само неколкумина од многуте револуционери кои го започнале патот до слободна и модерна Македонија, на почетокот на последниот век. Овие Илинденски херои, како и многуте Македонци пред и после нив, ги дадоа своите животи за слобода, но не доживеаа да го видат денот на самостојна Македонија. И откако Отоманската Империја пропадна, страдањето продолжи, заради соседните Кралства на Бугарија, Грција, Србија, од кои сите сакаа да наметнат нивни интереси и да го избришат македонскиот народ

Следниот бран од војување во нашата историја пристинга пред, дури и после Втората Светска војна, кога Македонците се бореа со повеќе националности против фашизмот. Нашиот сон за слобода беше делумно остварен, и Социјалистичка Република Македонија доби делумна самостојност под Југословенската Федерација. Но големи делови од македонската територија останаа во Грција и Бугарија, а многумина продолжија да работат за целосна самостојност и обединување на Македонија.

Меѓу нив беше и Методиј Андонов Ченто, првиот македонски претседател во 1944г. За жал, Ченто немаше многу време да работи за обединета Македонија. Во 1946г, Ченто беше осуден на 12 години затвор од страна на југословенскиот режим; врските помеѓу Белград и Атина нема да бидат загрозени. Како последица од мачењето во затвор, животот на Ченто згасна во 1957 година. Комунистичкиот режим се осигура дека Македонија ќе биде предводена само од про-белградски претседатели и дека сонот за обединување на Македонија ќе биде заборавен.

Откако возбудата за победата над Нацистите почна да избледува, стана јасно дека режимот во Југославија ќе биде воден со железна тупаница. За разлика од другите делови на Македонија, македонскиот јазик и црква беа дозволени во Југославија, но целта за обединување беше далеку од реалноста.

Без разлика на се', многу македонски патриоти продолжија да работат за Македонија да стане посебна и самостојна држава, која што ќе ги обедини нивните браќа во Бугарија, Грција, Албанија во една република. Книгата, Нашата Кауза', од Ефтим Гашев, го опишува трудот на активистите во Скопје во тоа време. Дваесет млади Македонци беа уапсени во 1945 година, од кои двајца беа испратени во смрт со стрелање, а останатите беа осудени од 12 до 20 години затвор. Гашев, осумнаесет годишно момче беше осуден на 12 години затвор од кои одслужи 7, за криминално дело делење на летоци. Неговата младост беше уништена, но неговиот сон продолжи да живее.

Некаде истовремено, во 1950г, уште еден македонски активист се истакна, тојј подоцна ќе постане лидер на македонската дијаспора. Драган Богдановски почна да ги шири своите идеи за самостојна и обединета Македонија. Во деновите кога одеше на универзитетот во Белград, Богдановски започна клуб за дискутирање на македонски прашања. Неговите активности беа брзо откриени од југословенската разузнавачка служба, по што беше избркан од универзитетот, и му беше забрането да продолжи со било какво школување во Југославија.

Бркањето на Богдановски од универзитетот беше значаен момент за него и Македонија.

Ако останеше во Југославија, најверојатно ќе беше затворен, но неговата одлука да емигрира му овозможи да работи слободно за Македонската кауза. Во 1958г, тој ја основа печатарницата на кирилица, каде што печатеше македонски весници, како Грапевине, Македонска Искра и Македонска Нација. Преку овие весници, македоонските патриоти во дијаспората разменуваа мисли и идеи, и ја споделуваа нивната заедничка мисла, Самостојна и Обединета Македонија. Тој не беше сам, него го придружуваа Миле Илиевски, Благој Шамбевски, Борис Митсковски и Мане Јаковлевски кои исто така работеа за Македонската кауза. Бескомпромисно ги ставија своите животи во опасност за доброто на Македонија и македонскиот народ.

Седумдесетите и осумдесетите се одбележуваат како многу значајни години за македонската дијаспора, во смисла за добивање независност на Македонија, од Југословенската Федерација. Организации како Движењето за Ослободување и Обединување на Македонија, кое беше предводено од Драган Богдановски, се бореше за токму таа цел, покрај фактот дека моќната југословенска тајна служба ги следеше и им се закануваше секојдневно. Богдановски беше нападнат и тепан три пати, а потоа киднапиран и однесен назад во Југославија да биде суден. Му беше пресудено да одлежи 12 години во затвор. Благој Шамбевски, секретарот на ДООМ, беше убиен од југословенската тајна служба во Минхен во 1971 година.

Додека изгледаше невозможно да се сруши југословенскиот режим, источниот блок конечно се распадна и испрати ветрови на промена низ Европа. Ова беше искрата која Богдановски, и остатокот од македонските активисти ја очекуваа, за да ги зацврстат нивните идеи и дела.Вво 1989г, во Минхен, ја формираа партијата ДПМНЕ, која подоцна го додаде префиксот ВМРО. Оваа партија започна да делува за независна Република Македонија, во исто време кога Југославија почна да се распаѓа. Додека другите македонски партии беа претпазливи, ВМРО-ДПМНЕ гордо притискаше напред, и продолжи да шири разум и верба дека можеме да имаме независна татковина. Треба да се запази, дека претседателот на Кумунистичката партија во Македонија помеѓу 1989г. и 1991г. беше Петар Гошев, кој застана против српскиот водач Слободан Милошевиќ. Тој нагласи дека Македонија ќе оди кон независност ако било која друга република се наклони кон истиот пат. На 11 ноември 1990г, Македонија одржа повеќе партиски избори. Плурализмот беше претставен за прв пат, и

на 8 јануари 1991 г, се одржа првото повеќе партиско заседавање на Парламентот.

1991 година ќе биде забележана како критичен период за Македонија. На 25 јануари 1991г, Декларацијата за македонската независност беше изгласана во парламентот и се отвори патот до референдум за независност. Јас добро ги паметам тие времиња, живејќи во Македонија, времиња кога стравот од напад од страна на Југословенската Армија уште постоеше. За потсетување, тоа веќе се беше случило во Словенија, Хрватска и Босна, каде што исходот беа застрашувачки. Во своите мемоари, поранешниот претседател Киро Глигоров ќе ги спомне касетите што тој ги снимил, каде го повикува македонскиот народ културно да одбие било какво наметнување од страна на Југославија и Милошевиќ. Тој исто така ги спомнува починатиот Премиер Никола Кљусев и Министерот за Внатрешни Работи, Јордан Мијалков, кој ги замолил, нивните семејства да ги напуштат домовите, додека тие ги конфискуваат документите од Југословенската Народна Армија, со што ќе ги елиминираат шансите на српските власти да спроведат мобилизација; со тоа спасуваат македонски момци од принудно служење на Белград и нивниот националистички став. Во овие несигурни времиња, храбрите потези кои беа направени од многу храби Македонци вечно го оставија печатот во македонската историја.

На 6- ти август, референдумот за независност беше објавен, и на 8-ми септември, 95% од Македонците кои гласаа на референдумот испратија чиста порака и гласно ДА за слободна, независна и самостојна Република Македонија. На 17-ти ноември, новиот Македонски Устав беше изгласан и во април 1992г., беше претставена македонската валута наречена Денар. На 18-ти август 1992г, еден од клучните чекори кон целосна самостојност беше направен, кога беше формирана Армијата на Република Македонија (АРМ). Македонците ја добија својата независност, и што е најважно, за разлика од Босна и Хрватска. без ниту еден истрел.

20 години откако станавме независни, има сеуште премногу работи што треба да се реализираат, посебно во областа на човекови права за Македонците во Грција, Бугарија и Албанија; заштитата и промовирањето на македонската култура, како и економскиот развој на Република Македонија. Обединетата Македонска Дијаспора е една од многуте македонски организации низ светот, која продолжува да ја промовира нашата кауза, и продолжува да ја носи традицијата на значењето на Македонската Дијаспора заедно со Македонците од целиот свет. Така ќе продолжиме да го штитиме нашиот национален интерест.

Македонската судбина била мрачна, но нашиот труд и борба биле многу жестоки, истоштувачки и обединети. Ќе продолжиме и понатаму со истата верба и волја како нашите татковци. Да се подигнеме во оваа нова деценија, и да го покажеме македонскиот дух и потенцијал на светот. Како Македонци не смееме да очекуваме ништо помалку од тоа. Обединети можеме се'!..."

ПРИДОБИВКИ ОД ЧЛЕНСТВОТО ПРИ ОБЕДИНЕТАТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА И ЧЛЕНАРИНА:

Со пристапувањето кон Обединетата Македонска Дијаспора со нејзината широко распространета мрежа, стануваш дел од единствената македонска претставничка организација со глобален дофат. Твојата помош и делување и' овозможува на ОМД да влијае на клучните лидери и креатори на политиката за прашања кои се од длабоко значење за сите нас - од промоција на позитивен македонски сентимент и поддршка до МАКЕДОНИЈА во извојувањето победа за човековите права, како и зајакнување на врските со другите етнички групи. Твојата годишна членарина ќе оди за нашата хуманитарна програма во Македонија и во светот, вклучувајќи фондови за деца, зачувување на македонскиот јазик, промоција на нашето богато македонско културно наследство и понатамошна едукација на нашите идни лидери.

ОМД продолжува да остварува забележителни дела во нашата мисија само преку помошта на посветени Македонци кои го вреднуваат нивното наследство. Сите членувања се на годишна основа и мораат да се обноват до 31-ви декември секоја година.

СТУДЕНТСКА ЧЛЕ НАРИНА- генерација М ниво 25 долари (новина)

Инфо:

- Се креира со цел да го забрза единството и учеството на македонските студенти на возраст под 25 години.
- Вклучување на младински организации во помали групи кои глобално би работеле на спријателување, мрежно поврзување, како и истражување и учество во решавање на прашања поврзани со нивното наследство, идентитет, напредок во кариерата и други сфери на интерес.
- Можност за аплицирање за ОМД пракса и стипендии.

Придобивки:

- Онлајн зачленување во магазинот ОМД Глас и добивање ОМД известувања
- Попусти за настани организирани од ОМД и можности за мрежно поврзување
- Покана за ОМД годишната глобална конференција и гала вечер

ИНДИВИДУАЛНО ЧЛЕ НУВАЊЕ 50+ долари

- Попусти и покани за регионални настани и можности за мрежно поврзување
- Онлајн зачленување во магазинот на ОМД Глас и добивање ОМД известувања
- Покана за ОМД годишната глобална конференција и гала вечер

СЕМЕЈНО ЧЛЕ НСТВО 125+ долари

- Ги вклучува сите придобивки како и индивидуалното членство, а членството важи и за сопружникот и деца под 16 годишна возраст

ЧЛЕНСТВО ВО УЛОГА НА ПОДДРЖУВАЧ 250 + долари

- Ги вклучува сите придобивки како и индивидуалното членство плус:
- Покани за присуство на приватни ОМД настани
- Попусти и покани за сите настани на национално и интернационално ниво и можности за мрежно поврзување
- Претплата за печатена копија од кварталното издание на магазинот ОМД Глас.

МАКЕДОНСКА ПРИДРУЖНИЦИ ЧЛЕНСТВО 1,000 долари + (новитет)

Инфо:

- Целта е да се привлечат 300 поддржувачи насекаде низ светот кои би дале донација од минимум 1000 долари (tax-deductible) годишно во времетраење од 3 години или (84 долари месечно);
- Фондовите се неопходни за ОМД да може да продолжи да делува оперативно и да има глобално влијание, како и да ја продолжи македонската борба за правда и зачувување на нашето македонско наследство.
- Советодавниот комитет на ОМД формираше поткомитет кој ќе ги надгледува и контролира овие фондови на тековна основа.

Придобивки:

- Со гордост изговорено JAC ЈА ПОДДРЖУВАМ МАКЕДОНСКАТА КАУЗА и НЕЗАМЕНЛИВАТА РАБОТА НА ОМД
- Членство при ОМД;
- Вмрежување во значителната база на ОМД поддржувачи, вклучително и глобалните креатори на политиката , бизнис заедниците како и македонските амбасадори ширум како лични поддрчувачи;
- Попусти и покани за сите настани на национално и интернационално ниво и можности за мрежно поврзување
- Претплата за печатена копија од кварталното издание на магазинот ОМД Глас

БЕНЕФАКТОР НИВО НА ЧЛЕНСТВО 5,000 + долари

- Ги вклучува сите придобивки на поддржувач нивото на членство плус:
- Вмрежување во значителната база на ОМД поддржувачи, вклучително и глобалните креатори на политиката како и со врвниот македонски јавен, културен и бизнис сектор
- Попусти и покани за присуство на годишната ОМД делегациска посета во Македонија како и присуство во програмата за Heritage Travel во Македонија.

КРУГОТ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ, НИВО НА ЧЛЕНСТВО 10,000 + долари

- Ги вклучува придобивките од сите нивоа на членство плус:
- Покани за присуство на регуларни конферекции и состаноци со раководството на ОМД на кои би се дискутирало околу активностите и програмите организирани од ОМД, како и да се слушнат сите новости од раководството на ОМД во врска со МАКЕДОНСКАТА КАУЗА.

Подолу наведеното се однесува само за државјани на САД, КАНАДА и АВСТРАЛИЈА
UMD is a 501 (c)(3) nonprofit organization in the United States and a registered charity in Canada. Your support is tax deductible. Please consult your tax advisor for advice. If you are Canadian, and donating more than $100, please send a check payable to "United Macedonian Diaspora" to the Toronto address to receive a tax-receipt:

U.S. OFFICE:
United Macedonian Diaspora
1101 Pennsylvania Ave NW,
6th Floor
Washington, D.C. 20004
Phone: (202) 756-2244
Fax: (202) 756-7323
info@umdiaspora.org

CANADA OFFICE:
United Macedonian Diaspora
3555 St. Clair Avenue East,
Toronto, ON M1K 1L6, Canada
Phone: 1-800-UMD-9583
canada@umdiaspora.org

AUSTRALIA OFFICE:
United Macedonian Diaspora
PO Box 2153
Hawthorn, VIC 3122 Australia
Phone: 0438 385 466
australia@umdiaspora.org

Triple "A" Cheese

BEHOLD THE POWER OF CHEESE

The Stanwyck Family

Triple A's management team has over 30 years of experience in Canada and offers nutritional data, recipes, company history and supplies Feta Cheese.

Tel: (416) 561-7053
Email: chris@tripleacheese.com
Web: www.tripleacheese.com
7210 Torbram Road Mississauga, Ontario L4T 3L7